Република Северна Македонија
Министерство за
локална самоуправа

# Извештај за спроведување на Акцискиот план 2021 - 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 за периодот јануари 2021 - јуни 2023 година

**Ноември, 2023**

## СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ..... 3
**I. ВОВЕД** ..... 15
**II. ОПИС НА ПРИМЕНЕТАТА МЕТОДОЛОГИЈА** ..... 15
**III. СУШТИНСКИ ИНФОРМАЦИИ И АНАЛИТИЧКИ НАОДИ** ..... 18
**IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ..... 81
**АНЕКС 1: КРАТЕНКИ** ..... 101

**Извештајот е подготвен од страна на д-р Мемет Мемети**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Цел на подготовката на Извештајот за спроведувањето на Акцискиот План 2021 - 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 за периодот јануари 2021 - јуни 2023 година е низ партиципативен процес да се оцени степенот на остварување на очекуваните резултати односно генералната и специфичните цели на Програмата преку сеопфатен увид во степенот на спроведување на предвидените активности.

Извештајот е подготвен од страна на Министерството за локална самоуправа со учество на Координативното тело на сите носители на активности и проекти од Акцискиот План 2021 - 2023, кое даде придонес во обезбедувањето на потребните податоци и информации за реализација на предвидените активности, и техничка помош на УНДП низ проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ финансиран од страна на швајцарската Влада.

За подготовка на Извештајот беа спроведени следниве методолошки чекори:

- Мапирање и проучување на клучните секторски политики и други релевантни материјали и документација;
- Анкетно истражување на носителите на спроведувањето на активности од Акцискиот План 2021 - 2023 спроведено во 2022 година (со учество на 57 општини);
- Наменско анкетно истражување во единиците на локалната самоуправа, спроведено во 2023 година (со учество на 49 општини и дополнителни 4 општини во периодот после обработката на податоците);
- Две седници на Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 со акциски планови;
- Два тематски консултативни настани, по еден настан посветен за две од четирите компоненти (заедно со приоритети и мерки) на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 заедно со разгледување на суштинските информации и аналитички наоди, заклучоци и препораки од Извештајот. Настаните резултираа со наоди за целисходноста на активностите од Акцискиот План 2021 - 2023 кои се во тек или не се спроведуваат, заедничка оценка на ефектите од нивното спроведување и мапирање на предлози за нови целисходни активности кои би се интегрирале во Акцискиот План за периодот 2024 - 2026 година.

Во продолжение се резимирани најсуштинските информации и клучните наоди поврзани со спроведувањето на предвидените активности со Акцискиот план 2021 - 2023, за секој од приоритетите и поврзаните мерки од ПОЛРД 2021 – 2026.

По однос на нормативната рамка на локалната самоуправа, активностите за нејзино подобрување се’ во тек и се спроведуваат на партиципативен начин согласно со донесена Методологијата за оценка на системот на локалната самоуправа. Во Методологијата е предвиден фазен пристап кој започнува со процедура за унапредување на содржината на Законот за локалната самоуправа и планирано е да продолжи со унапредување на содржината на Законот за градот Скопје, Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, Законот за меѓуопштинска соработка и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, а потоа и другите посебни закони кои се опфатени со Методологијата. Процесот се води врз основа на претходно направени партиципативни оценки на спроведувањето на законите како и дополнителни извештаи. Предуслов за успешно спроведување на овие активности е постигнување на висок степен на консензус помеѓу засегнатите страни, а особено помеѓу политичките партии во Собранието на РСМ.

Спроведени се активности со кои се подобрени аспектите на доброто локално владеење со фокус на унапредување на локалната транспарентност, пристапот до информации, инклузивноста

и отчетноста. Направена е продлабочена анализа на функционирањето на Комисиите за односи меѓу заедниците и во тек е подготовка на анализа на функционирањето на општинските Совети на потрошувачи. Подготвен е Кодекс за транспарентност на локално ниво во чија операционализација се вклучени 39 општини и се очекува неговата примена значително да ја унапреди активната, буџетска и даночна транспарентност на општините. Во повеќе од 50% од општините веќе е обезбедена функционална електронска платформа за објавување на кварталните извештаи за реализацијата на буџетите на ЕЛС. Развиена е и Методологија за ефикасно, транспарентно и базирано на проекти финансирање на граѓанските организации. 51 од анкетирани 57 општини во 2022 година, издвојуваат средства за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани што претставува широко аплицирана добра практика. Заклучок поврзан со спроведените активности за подобрување на доброто локално владеење е дека е остварен измерлив напредок кој се должи пред се’ на примената на иновативни пристапи и дигитални алатки засновани на добри меѓународни практики и стандарди но притоа е потребно вложување на дополнителни напори и ресурси за примена на овие решенија во сите општини;

МЛС со поддршка на донатори, успешно спроведе годишни анкети за мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги во 2021, 2022 и 2023 година. Заклучни наоди од последната анкета се дека граѓаните продолжуваат да бидат генерално задоволни од квалитетот на животот во нивната општина со исклучок на перцепцијата поврзана со условите за живеење на ранливите категории на сограѓани. Вкупното просечно задоволство на граѓаните од општината и јавните претпријатија е на скоро исто ниво како во изминатите 5 години иако во 2023 година се забележува благо опаѓање на оценките. Просечната оценка на граѓаните за вкупното работење на локалната власт во 2023 година, изнесува 3,0 на скала од 1 до 5. Највисоко ниво на задоволство испитаниците имаат од противпожарната заштита (оценка 3,52), а најниско во однос на локалниот економски развој (2,54). Наод кој упатува на предизвик за поургентно адресирање е дека над половина (56%) од испитаниците сметаат дека начинот на кој е организирана општината воопшто не овозможува или во многу мала мера овозможува вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво.

Во рамки на втората фаза на проектот за зајакнување на општинските совети на МЛС кој е поддржан од швајцарската влада и се спроведува од страна на УНДП, методично се јакнат капацитетите на општинските советници, се поддржува спроведувањето на ПОЛРД со акциските планови, и се вложуваат средства за модернизација на локалните услуги. Дигитализирани се 25 локални услуги во 18 општини преку користење на облици на меѓуопштинска соработка помеѓу партнерски општини. Препорачливо е дигитализацијата на општинските услуги да заземе повисоко место на агендата за спроведување на националните политики за развој на информатичкото општество и за таа цел да се обезбедат позначајни вложувања од Буџетот на РСМ.

По однос на создавањето на услови за доследна примена на принципот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа, заклучно крајот на 2023 година формирани се комисии за еднакви можности на жените и мажите во општинските совети и назначени се координатор(к)и за еднакви можности на жените и мажите во општинската администрација, во сите единици на локалната самоуправа. Повеќето општини изработуваат годишна програма за работа, имаат Стратегии за родова еднаквост и акциски планови за спроведување на стратегиите.

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 46 од 57 општини се изјасниле дека имаат воспоставено еден или повеќе облици на меѓуопштинска соработка што е своевидна потврда на целисходноста на Законот за меѓуопштинска соработка. Сепак, неопходна е посистематско и методична испорака на финансиска и техничка поддршка за поттикнување на меѓуопштинска соработка како и поедноставување на процедурите за нејзино воспоставување.

По однос на приближувањето на општинските услуги кон граѓаните треба да се одбележи дека 30 од 57 анкетирани општини во 2022 имаат воспоставено едношалтерски систем, и на тој начин го имаат поедноставено процесот на поднесување на барања за испорака на услуги. Едношалтерскиот систем за корисници на општинските услуги е современо решение кое треба да се воспостави во сите општини. Притоа препорачливо е да се оствари присуство на општината во населените места вон урбаниот центар или руралното седиште на општините. Во овој контекст битно е да се зголеми функционалноста на месната самоуправа.

Во рамки на Работната група на Владата за продолжување на децентрализацијата, беа разгледани низа предлози за институционална децентрализација во областа на културата, локалниот економски развој и социјалната и здравствената заштита.

По однос на понатамошно унапредување на локалните политики за обезбедување интегритет и управување со ризици од корупција има измерлив напредок. Заклучно со крајот на 2022, 67 ЕЛС имаат усвоено политики за интегритет наспроти 40 ЕЛС заклучно со крајот на 2018. Заклучно со половината на 2023, Стратегии за управување со ризици се донесени во 37 ЕЛС, додека регистри на ризици се донесени во 31 ЕЛС. Според анкетата со граѓаните на УНДП и МЛС од септември, 2023 година, процентот на испитаниците кои го делат мислењето дека корупцијата е многу (27%) и донекаде присутна (35%) во општините при реализација на нивните надлежности е на скоро исто ниво како во 2022 год. и на малку пониско ниво од 2021 год., но продолжува да биде индикатор за потребата од адресирање на овој предизвик и зголемување на довербата на граѓаните во локалните институции.

Зголемената општа дотација од ДДВ и удел во Данокот на личен доход во 2022 година резултираше со зголемени приходи за општините по овој основ за 423 милиони денари. За 2024 година е планирано дополнително зголемување, кое ќе изнесува 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година со распределба во три дела и тоа: основен дел (4,5%), дел за перформанси зголемен на 0,75% и дел за воедначување зголемен на 0,75%., додека во 2024 година планирано е општините да добиваат по 6% од наплатените приходи од данокот на личен доход. Во тек се активности поврзани со подобрување на содржината на Законот за даноци на имот и системот на капитални трансфери и инвестиции од државниот буџет за општините. Во извештајниот период беше донесен и новиот Закон за буџетите и во 2024 година општините треба да ги спроведат сите неопходни подготовки за почетокот на негово спроведување од 1 јануари, 2025 година. Неопходно е и усогласување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со новиот Закон за буџетите. Зајакнувањето на капацитетот на единиците на локалната самоуправа за успешно администрирање и наплата на сопствените приходи, за управување со локалните јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетот, како и за управување со инвестициски програми треба да се врши континуирано. Во контекст на зајакнување на финансиската поддршка за општините треба да се одбележи донесена одлука на Владата за пренамена на буџетски средства во износ од две милијарди денари за реализација на 66 проекти во најголем дел општини низ целата држава.

Предизвик за наредниот плански период е унапредувањето на внатрешната контрола и ревизија од страна на општините со цел да се подобри управувањето со јавните финансии и да се намалат ризиците поврзани со финансиската стабилност на општините, локалните установи и претпријатија. Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 34 од 57 општини изјавиле дека спроведуваат внатрешна ревизија, а 28 општини спроведуваат и внатрешна финансиска контрола. Овој наод упатува на потреба од засилена поддршка за општините во наредниот плански период, а со цел да се воспостават овие критични функции за стабилно управување со јавните финансиски средства во сите општини.

Нареден и не помалку значаен императив е доследната примена на воспоставените правила за фискална транспарентност на општините вклучувајќи навремено пријавување и

евидентирање на обврските, а со тоа и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства. Индексот на буџетска транспарентност за 2022 кај 44 од 81 ЕЛС бележи подобрување споредено со претходната година. Во соработка со УНДП, во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети“ за повеќе од 50% од општините е обезбедена електронска платформа за објавување на финансиските извештаи за реализацијата на буџетите, со тенденција до крајот на проектот алатката да биде воспоставена во сите 80 општини и во Градот Скопје. На слободниот и проактивен пристап до информации се надоврзува потребата од обезбедување на учество на јавноста во буџетскиот процес на општинско ниво. Притоа, треба да се одбележи напредокот во вградување на правилата за организирање на форуми во заедницата и буџетски форуми во статутите на 2/3 од општините. Сличен напредок се забележува и по однос на родово одговорното буџетирање. Во 2022 година, 30 од 57 општини, односно близу 53% од испитаните општини изјавиле дека имаат воспоставено родово одговорно буџетирање во споредба со крајот на 2020 година кога 20 општини истото го практикувале. UNWOMEN во соработка со 31 ЕЛС работи на изградба на капацитетите на родовата машинерија (координаторите/координаторките и Комисијата за еднакви можности) на ЕЛС во родово одговорно буџетирање и планирано е вклучување на дополнителни 10 општини во наредниот плански период.

По однос на локалниот економски развој соработката на општините со централната власт и другите засегнати страни за развој на општинските економски зони и привлекување на инвестиции, но и во сите процеси за финансиска и друга поддршка на претпријатијата, се одвива во многу ограничен обем и тоа во сооднос на една наспроти пет анкетирани општини во 2023 година. Следствено, продлабочување на оваа соработка останува императив и за наредниот плански период. Од анкетата во општините, спроведена во 2022 година, произлегува наод дека 28 од испитаните 57 општини изјавиле дека имаат формирано општински економски зони, а 20 општини имаат воспоставено јавно-приватни партнерства. Подобрувањето на одредбите од Законот за концесии и јавно-приватни партнерства низ директна соработка со ЕЛС и приватниот сектор е активност во тек, и избран е пристап низ кој се разделува содржината на овој закон во два закона.

По однос на обезбедување на зајакната улога за општинските економско социјални совети како клучни партиципативни тела и промотори на локалниот економски и социјален развој на општините, во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 15 од 57 општини изјавиле дека имаат воспоставено економско социјални совет но во 2023 овој процент се подобрува, односно од вкупно 49 општини, 58 % се изјасниле дека имаат воспоставено економско социјален совет или дека активноста е започната.

Во рамки на проектот на МЛС, БРР и УНДП „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти, фаза 2“ финансиски поддржан од шведската влада, подготвени се Методолошки насоки за изработка на Интегрирани локални развојни планови. Во моментов низ овој проект, вкупно 17 општини добиваат поддршка за подготовка на интегрирани локални развојни планови, а преку друг проект на УНДП и МЛС со средства на швајцарската Влада поддржани се дополнителни 17 општини. Со новата генерација на интегрирани локални развојни планови се воспоставува сеопфатна стратешка развојна рамка за општините која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност вклучувајќи го и локалниот економски развој. Во рамки на истиот проект функционира Фонд за подготовка на сеопфатна техничка документација за проекти за развој на општинската инфраструктурата кој треба да биде преземен како механизам за поддршка на општините, од страна на Бирото за регионален развој;

Во 2022, 10 од 57 анкетирани општини имаат поддржано претпријатија на жени претприемачки, 5 општини поддржале млади претприемачи, во 6 општини има воспоставено

бизнис акцелератори, а само 3 од испитаните 57 општини изјавиле дека обезбедуваат финансиска помош како облик на поддршка на претпријатијата. Сепак, најголема поддршка на претпријатијата се дава во облик на нефинансиска поддршка, односно 31 општина овозможуваат ваква поддршка. Општините се пасивни и во поглед на создавање и управување со евиденцијата на состојбите на пазарот на трудот, каде што само 35% или 20 од испитаните 49 општини во 2023, манифестираат проактивен однос. Во 2022 година само 3 од испитаните 57 општини спроведуваат програми за поддршка на социјалното претприемништво. Истото се должи првенствено на недоволната децентрализација во областа на локалниот економски развој но и на социјалната заштита, каде суштински овие надлежности се спроведуваат од страна на релевантни органи на државната управа и специјализирани државни агенции и центри, и покрај тоа што овие области на надлежност со Законот за локалната самоуправа се утврдени како изворна надлежност на општините.

Во рамки на проект на УНДП и шведската влада континуирано и на годишна основа се работи на пресметување на Индекс на локален развој/Општински развоен индекс. Во наредниот плански период треба да се изнајде одржливо решение за институционализација на овој Индекс.

Специфично за адресирање на невработеноста, во 2022, само 8 од 57 анкетирани ЕЛС спроведуваат сопствена програма со активни мерки за намалување на невработеноста во општината. И за наредниот плански период останува актуелен предизвикот за засилено вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд, како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е можно поцелисходни мерки за намалување на невработеноста со фокус на најранливите групи од населението, вклучувајќи ги младите и жените. АВРСМ спроведува две програми со активни мерки низ соработка со ЕЛС и тоа: Програма за работно ангажирање со активната мерка Јавни работи и Програмата Економија на грижа со мерката Општинско-корисна работа. Со овие мерки во 2021 година биле опфатени 1225 лица, а во 2022 година, 1185 лица. Спроведувањето на овие мерки продолжува и во наредниот плански период.

Според наодите од анкетното истражување од 2023 само 4 од вкупно 49 општини одговориле дека ги искористуваат постоечките капацитети на стручните установи за обезбедување образование на возрасни, и дека имаат воспоставено соодветни облици на меѓуопштинска соработка. Треба да се одбележи дека УНДП и МОН изработија Развоен концепт за Регионални центри за стручно образование и обука, каде што е претставена улогата на овие центри и нивните активности, со фокус на учениците и возрасните и вработувањето на ранливите групи. Во тек е спроведување на низа активности засновани на овој концепт.

Поврзано со основното и средното образование, од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги во 2023 год., во однос на 2022 год. се забележува малку пониско просечно ниво на задоволство на граѓаните со основното образование (од 3,63 на 3,49) и средното образование (од 3,42 на 3,32), квалитетот и стручноста на наставниот кадар (од 3,44 на 3,34), близината на училиштето (3,70 на 3,56), состојбата на зградата и условите во училиштето (3,53 на 3,39), и во однос на подеднаквиот третман на сите деца во училиштето (од 3,33 на 3,14). Споредбено со другите области од локална надлежност сепак овие резултати се сеуште меѓу најпозитивните. Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 13 од испитани 57 општини, изјавиле дека имаат план за оптимизација на мрежата на основни училишта. Во 2022 година имаше позначајно зголемување на блок дотациите за основно и средно образование за вкупно 3 милијарди денари, но во делот на зголемување на платите и надоместоците по тој основ, при што платите учествуваат со високи 89% во износот на дотациите. Бројот на ученици е во постојан тренд на намалување и оптимизацијата на мрежите, и прилагодување на бројот на вработени на бројот на постојните ученици треба да претставува приоритет за општините. Бидејќи се работи за чувствителен процес кој директно го засега населението особено во помалите

рурални населби, истиот треба да се води низ подлабока соработка на општините, училиштата и МОН.

По однос на етнички интегрираното образование, во 95 основни училишта се реализира настава на македонски и на уште еден или повеќе наставни јазици. Во 182 основни училишта се реализира настава само на македонски јазик, а во 61 основно училиште само на албански наставен јазик. Настава само на турски наставен јазик се реализира во две основни училишта. Настава на српски наставен јазик се реализира во вкупно 4 основни училишта, а на босански наставен јазик наставата се реализира во 2 основни училишта. Во 100 училишта учениците кои посетуваат настава на различни јазици, учат заедно, додека во 137 училишта учениците со различните наставни јазици, не учат заедно. Со Законот за основното образование е утврдена обврска за воспоставување на тимови за училишна интеграција со цел да се планираат и организираат активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.

По однос на интеграцијата на децата од заедницата на Ромите во образовниот процес, во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 12 од 57 општини имаат формирано тимови за овие ученици, а 15 општини ги покриваат трошоците за нивно пред - училишно образование. Притоа, треба да се има предвид дека во само 8 општини од 57 кои учествувале во анкетата, ромската заедница надминува 5% од вкупното население. Во рамките на учебната 2022/2023 година доделени се 920 стипендии за средношколци Роми (претходно 891), а бројот на ангажирани ромски образовни медијатори е зголемен на 40 (претходно 35) за 2022/2023 година. Паралелно со зголемувањето на бројот на ангажирани медијатори, се зголеми и бројот на општините во кои работат, од 26 на 28 општини;

По однос на инклузијата на децата со попреченост во образовниот процес, 98% од сите основни училишта имаат формирано тимови за ученици со посебни образовни потреби. МОН за учебната 2022/2023 година обезбеди средства во износ од 5,7 милиони евра за вработување на 725 образовни асистенти кои даваат поддршка на наставниот кадар при работа со 850 ученици со попреченост. Ова претставува значајно зголемување во споредба со 2020/2021 кога договори беа склучени со 323 образовни асистенти. Сите специјални училишта се трансформирани во основни училишта со ресурсен центар, додека посебните паралелки (23) во центри за поддршка. Како резултат на преземените активности, зголемен е бројот на деца со попреченост запишани во редовните основни училишта и во центрите за поддршка во рамките на редовните училишта, т.е. запишани се 2108 ученици, наспроти 365 деца со попреченост кои се запишани во основните училишта со ресурсен центар и во центрите за поддршка во рамките на овие училишта. Во однос на подобрувањето на условите за физички пристап до образовните институции за лицата со попреченост, со поддршка на Светска банка ќе се реконструираат 118 основни училишта од сите општини;

По однос на социјалната заштита и заштитата на децата, анкетата во 2023 година, резултираше со просечна оценка 2,61, односно овие општински услуги се меѓу пониско оценетите. Највисоко ниво на незадоволство (44%) на граѓаните се забележува во однос на активностите на општината за подобрување на животот на младите, а 43% од граѓаните одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни од активностите на општината за подобрување на животот на ранливите категории граѓани. И покрај овие споредбено пониски оценки, на прашањето ‘Кој би бил најсоодветен испорачател на сите овие услуги?’, како и претходните години, најголемиот процент од испитаниците (47%) одговориле дека тоа би била локалната власт наспроти централната власт (26%), и потоа јавно-приватните партнерства (8%), приватниот сектор (5%),

односно здруженија на граѓани (4%). Овие наоди упатуваат на потребата МТСП[1], Центрите за социјална работа и општините, на поефикасен начин да ги објаснат резултатите и придобивките од спроведениот процес на деинституционализација на социјалните услуги за граѓаните меѓу кои функционирањето на вкупно 57 станбени единици за живеење со поддршка на деца и лица со попреченост, а во кои се сместени 265 деца и лица со попреченост - претходно згрижени во старите установи, достапноста на услугите во заедницата и подрегионалните центри за помош на згрижувачки семејства за децата без родителска грижа и фактот дека повеќе нема деца со попреченост или без родителска грижа кои се сместени во институции. Истовремено бројот на лиценцирани даватели на социјални услуги континуирано се зголемува и до март 2023 година лиценцирани се вкупно 85 граѓански организации и приватни даватели на услуги.

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, договори со здружение на граѓани за тековна испорака на услуги од областа на социјалната заштита, се склучени во 17 од 57 испитани општини, 13 општини имаат воспоставен институционален облик за заштита на старите лица и ги субвенционираат сметките на комуналните услуги за ранливите групи и корисници на социјална помош и услуги, 9 општини инвестираат во социјалното домување и во само 5 општини се воспоставени облици на меѓуопштинската соработка. Според истата анкета, пристапност на објектите на општината и сите општински јавни установи и ЈКП е овозможена во 39% од испитаните 57 општини, над половина од испитаните 57 општини изјавиле дека имаат повеќегодишен план или стратегија за социјална заштита, близу половина располагаат со евиденција на ранливи групи и поединци вклучувајќи ги и нивните специфични потреби и 41 од 57 општини имаат воспоставено општински Совет за социјална заштита. Истовремено само 6 од 57 анкетирани општини креираат локални услуги заедно со крајните корисници. Поврзано со воспоставените совети за социјална заштита сличен е наодот (41% од 49 општини) и во анкетата од 2023 година. Преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги", кој се реализира во соработка со Светска банка, МТСП заклучно со декември 2022 година, има обезбедено поддршка за 34 проекти преку кои се создадоа услови за развој на социјалните услуги кои вклучуваат околу 1300 корисници на локално ниво, во вкупно 41 општина. Половина од избраните општини се рурални. Препорака до сите општини е да ги оформат Социјалните совети, потоа советите да донесат Социјални планови како предуслов за аплицирање на проекти во Програмата на МТСП[2] за социјална заштита. Во наредниот плански период неопходно е да се оценат и ефектите од спроведувањето на Законот за социјална заштита и согласно наодите да се направи конечна проценка за потребата од трансфер на надлежности и ресурси на Центрите за социјална заштита и Дневните центри за лица со попреченост на општините. Истовремено препорака до општините е да го интензивираат воспоставувањето на облици на меѓуопштинска соработка во областа на социјалната заштита, за покомплексни услуги и за услуги за највозрасните лица;

Специфично по однос на заштитата на децата, од март 2023 година, грижата и образованието на децата од предучилишна возраст е достапна и обезбедена во вкупно 81 јавна установа за деца т.е. градинки (10 повеќе во споредба со крајот на 2020) лоцирани во 68 општини (8 општини повеќе во споредба со 2020). Вкупниот број на објекти во рамките на јавните установи за деца е 333, од кои 210 се лоцирани во урбани средини и 123 во рурални средини. Исто така, функционираат 31 приватни детски градинки со 37 објекти лоцирани главно во урбани средини и претежно во општините на Град Скопје. За вкупно 37.695 деца на возраст до шест години обезбедена е грижа и образование во јавните и приватните институции. Податоците на МТСП[3]

[1] Од 10.06.2024, Министерство за социјална политика, демографија и млади - Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[2] Од 10.06.2024, Министерство за социјална политика, демографија и млади - Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[3] Ибид.,

покажуваат дека од 63.355 деца на возраст од 3 до 6 години на национално ниво, 26.589 деца (т.е. 42%) се вклучени во некоја форма на предучилишна грижа и образование. Зголемувањето на капацитетот и опфатот на деца за периодот 2021 до септември 2023 година во детските градинки е за 1934 деца. Во истиот период се отворени и три Центри за ран детски развој со опфат на 64 деца или вкупно 1996 деца се опфатени со некоја од формите и згрижени во предучилишните установи. Во претстојниот период треба да се отворат уште 5 детски градинки во Кочани, Прилеп, Тетово, Теарце и Арачиново со вкупен капацитет од 786 деца. Обезбедени се буџетски средства но и дополнителни средства од ИПА и од кредит на Светската Банка.

Во извештајниот период продолжи да функционира Националното координативно тело составено од претставници од сите релевантни министерства и ромски граѓански организации, кои се вклучени во спроведувањето на Стратегијата за вклучување на Ромите 2022 - 2030 и Националните акциски планови и притоа се одржуваат редовни состаноци на квартална основа. Во предучилишното образование во 2022/2023 опфатени се 462 деца од ромската заедница наспроти 273 деца во 2019/2020 година и истото претставува значително подобрување на опфатот кое е планирано да продолжи и во наредниот плански период;.

Во анкетата во општините, спроведена во 2023 година, 38 % од 49 општини одговориле дека ја имаат реализирано или започнале со реализација на активноста за формирање на хетерогени работни тимови на ниво на ЕЛС за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција. Ова е напредок по однос на 2022 година кога овој процент беше помал, односно 23 од анкетирани 51 општини. Планирано е оваа активност да биде спроведена во миниум 30 дополнителни општини во наредниот плански период.

Заклучно средината на 2023, формирани се 13 советувалишта за жени жртви (и нивните деца) на семејно насилство, од кои 8 организациски единици на месно надлежен центар за социјална работа, две советувалишта се финансирани од МТСП[4] и управувани од здруженија, а едно е финансирано од локалната самоуправа и управувано од здружение на граѓани. Исто така, формирани се 10 специјализирани советувалишта за жени жртви на насилство и семејно насилство (7 од нив од страна на ЕЛС) и 8 специјализирани советувалишта за психо-социјален третман на сторители на семејно насилство (едно од нив од страна на ЕЛС). Во сите 8 плански региони има воспоставено засолништа за жртви на насилство врз жени и семејно насилство. На овој начин за период од три години е остварен измерлив напредок бидејќи заклучно крајот на 2020 година воспоставени беа две советувалишта, 6 центри за бесплатна правна помош и 5 засолништа, како и четири кризни центри. Активностите за зајакнување на оваа специфична социјална инфраструктура ќе продолжат и во наредниот плански период;

По однос на општинските услуги во областа на културата правен основ за трансфер на дополнителни установи од културата е предвидено да се создаде со носењето на новиот Закон за културата. Министерството за култура[5] во континуитет дава финансиска поддршка за реализација на бројни проекти и манифестации со кои се стимулира културниот развој во општините. Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 23 од 57 анкетирани општини спроведуваат интеркултурни програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници во општината како и програми или проекти насочени кон толеранција. МК во рамки на годишните програми од национален интерес континуирано поддржува проекти кои имаат за цел стимулирање, афирмирање и унапредување на културата во различен сегмент на заедниците во земјата и остварува висок степен на застапеност на голем број на автори на националните

[4] Ибид.,
[5] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

заедници во РСМ.  Во однос на лицата со попреченост МК[6] континуирано спроведува активности во два сегменти: достапност до културните вредности преку следење на културните настани и создавање на предуслови за развој на нивното уметничко изразување преку развивање на посебни програми и проекти кои се поддржуваат во рамките на Годишните програми и се сметаат за приоритетни. Предизвик за наредниот период е да се продлабочи соработката со приватниот сектор за подготовка на културни производи и услуги и развој на културните и креативните индустрии. Во оваа насока неопходно е и подобрување на содржината и ефикасно спроведување на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 10 од 57 анкетирани општини имаат воспоставен институционален облик за поддршка на младите лица. Активноста за анализа на можностите и подготовка на елаборати за економска оправданост и одржливост за основање младински културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови е поместена за спроведување во наредниот плански период.

Од страна на Агенцијата за млади и спорт[7] во периодот 2021 - 2023 година реализирани се или во фаза на реализација се 57 спортски објекти. Активностите за воспоставување на јавно-приватни партнерства на ЕЛС за изградба на спортско-рекреативни центри и давање на поврзани услуги како и за развој на спортскиот туризам и индустрии и креирање на механизам за воедначена поддршка на сите општини од Буџетот на Република Северна Македонија, се поместени за спроведување во наредниот плански период.

Вклученоста на жените  во органите и телата на управување на националните спортски федерации и спортските клубови за период 2022-2023 година е подобрена во споредба со претходните години но неопходно е продлабочено истражување со цел да се утврдат прецизни сознанија. Во континуитет, жените се корисници на спортски ваучери, вклучително и за женските клубови за екипни спортови. Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 13 од 57 општини имаат воспоставено институционален облик за поддршка на жените во областа на спортот и рекреацијата;

По однос на урбанистичкото планирање, во анкетата на граѓаните од 2023, најголемиот процент на задоволство се забележува во однос на урбанистичката уреденост на општината (38%), а најмалиот е во однос на урбанистичкото планирање во руралните средини (21%). Вкупната просечна оценка  за сферата на урбанизмот и урбанистичкото планирање е меѓу пониските и изнесува 2,73. Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, сите 57 општини имаат оформена Комисија за урбанизам, а 40 од нив ја вклучуваат стручната и општата јавност во годишната анализа на урбанистичките планови и почетната фаза од програмирањето на средствата за финансирање на УП.

Кај комуналните услуги најголем процент од испитаниците (74%) во анкетата од 2023 год., одговориле дека се задоволни или целосно задоволни со водоснабдувањето, додека најниско задоволство се забележува во однос на справувањето со животните скитници Се забележува и поголемо незадоволство на граѓаните со паркинг просторот. Споредено со вкупните просечни оценки за оваа област од претходните истражувања, резултатите од најновото истражување покажуваат продолжување на трендот на подобрување со оценка 3,13.

Во периодот 2021 - средина на 2023 година,  реализирани се над 160 проекти за водоводи и канализации во општините на РСМ, а започнаа со спроведување покрупните проекти за изградба на пречистителната станица во Скопје, потоа  и на канализационата мрежа во Кичево

---

[6] Ибид.,

[7] Од 10.06.2024, Министерство за спорт -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

како и проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија во износ од 50 милиони евра - заем од Европската Инвестициона Банка. Сличен проект со средства од заем од ЕБОР се операционализира во областа на управување со отпадот; По однос на управувањето со отпадот во извештајниот период е остварен измерлив напредок. Усвоени се План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 и План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028. Усвоени се сите 8 регионални планови за управување со отпад за планските региони. За седум региони без Скопскиот, планирано е да се воспостават четири депонии по европски стандарди, три нови и рехабилитација на Русино (Полошки регион), за извесен временски период, додека не се најде нова локација или се обезбеди проект за нејзино проширување. Во тек се активности за воспоставување на основна инфраструктура, со примарна селекција на отпадот со цел да се намалат количините на отпад за депонирање на новите депонии. Процесот за затворање на нестандардни депонии во источниот и североисточниот регион е во тек. Во моментов постои систем воспоставен од колективните оператори (проширена одговорност на производителот), заедно со јавните комунални претпријатија и лиценцираните приватни оператори, за посебно собирање на отпадна пластика од домаќинствата и деловните субјекти. Повеќе од 100 компании веќе имаат дозвола да собираат, складираат и третираат отпадна пластика. Во наредниот период не неопходно поголемо инволвирање на општините во овие активности.

По однос на заштитата на животната средина и природата, од анкетата во 2023 год., се забележува дека најголем процент од испитаниците (51%) одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни од заштитата и превенцијата на загадувањето на воздухот. Споредено со сите претходни години, се забележува континуирано подобрување на вкупната просечна оценка за заштита на животната средина и природата иако оваа област сеуште останува една од пониско оценетите. Извештајниот период беше одбележан со низа законодавни иницијативи и носење на значајни закони: Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух; групата од шест (6) закони за посебни текови на отпад вклучувајќи и нов Закон за управување со отпадот; Закон за инспекциски надзор во животната средина; Законот за прогласување на Шар Планина за национален парк; Закон за изменување и дополнување на Закон за минерални суровини и Законот за измени и дополнувања на Законот за енергетска ефикасност. Подготвени се и ставени во процедура за јавна расправа или во владина процедура за разгледување и донесување: Закон за заштита на природното и културно наследство на Охридскиот регион; Законот за природа, Закон за контрола на индустриски емисии и нов Закон за минерални суровини. По однос на политиките, изработката на Националниот План и Национална Програма за обезбедување квалитет на амбиентниот воздух е планирана во рамките на проект за воздух финансиран од ИПА 2 програмата, кој се очекува да започне во вториот квартал на 2024 година, а во тек е изработка на Национален акционен план за зелена агенда како пандан на Регионалниот акционен план за Западен Балкан. Во мај 2022 година беше донесен Националниот план за енергија и клима до 2030 година со кој е опфатена и енергетска ефикасност.

Во овој извештаен период треба да се одбележи воспоставувањето на Фондот за енергетска ефикасност во рамките на Развојната Банка на Северна Македонија. Притоа останува да се подготви проектно портфолио, во чија функција е и најавената подготовка на Стратегија за енергетска ефикасност за обновување на згради. Од анкетираните општини во 2022, 30 од 57 односно 57% спроведуваат општински План за енергетска ефикасност, а 29% имаат вработено лице кое извршува задачи поврзани со енергетската ефикасност. Само 17 од 57 општини, во 2022 од сопствениот буџет финансиски стимулирале спроведување на мерки за енергетска ефикасност. Започнат е проект за замена на нееколошките системи за греење во четири поголеми градови: Скопје, Битола, Тетово и Куманово, со финансирање од 10 милиони евра од Европската Унија.

По однос на квалитетот на амбиентниот воздух во извештајниот период од страна на МЖСПП беше динамизирана подготовката на плановите на ЕЛС и притоа беа подготвени планови за агломерација Скопски регион и градовите: Битола, Куманово, Кавадарци; Гостивар; Кичево и Кочани. Во тек е изработката на плановите за квалитет на воздух за Велес, Охрид, Прилеп, Струга, Штип и Гевгелија. Истовремено МЖСПП го заокружи и редовно го одржува Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот (ДАМСКАВ) во кој се интегрирани сите неопходни мониторинг станици. Со цел навремено информирање на граѓаните за состојбата со квалитетот на воздухот, МЖСПП активно ја ажурира веб страната http://air.moepp.gov.mk на која се објавуваат податоците од Државниот мониторинг систем за квалитет на воздух во реално време;

Континуиран предизвик во општините е инспекцискиот надзор. Усвоен е нов Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл. Весник на РСМ бр. 99/2022), кој ја утврдува обврската на општините да вработат овластен општински инспектор за животна средина заклучно со крајот на 2022 година. Само 45% од 81 единица на локална самоуправа имаат назначено општински инспектори за животна средина. Законите од областа на животната средина претрпеа измени и дополнувања во текот на 2021 година при што се заострија глобите за прекршоците. Останато е уште да се извршат измени и дополнувања на Законот за прекршоци со цел законите од областа на животната средина да бидат усогласени со Законот за прекршоци.

По однос на управувањето со водите во извештајниот период подготвени се: нацрт - План за управување со сливот на река Вардар со План за управување со подсливот на река Брегалница, како и нацрт - План за управување со сливот на река Струмица. Нецелосно е подготвен нацрт - Планот за управување со сливот на река Црн Дрим, а во рамки на ова сливно подрачје подготвени се Плановите за подсливот на Охридско Езеро, како и Планот за Преспанско Езеро. Со цел усвојување на сите планови (Вардар, Црн Дрим и Струмица), Секторот за води при МЖСПП изработи проектна задача (ToP) за спроведување на ИПА проект. Напредок е остварен по однос на подготовката и спроведувањето на програмите за мониторинг на површински и подземни води со компонента за рано предупредување од ризици од поплави и воспоставување оперативен мониторинг во општините од Полошкиот и Источниот плански регион. За Подготвен е Планот за управување со ризици од поплави за горниот дел од сливот на реката Вардар како и нацрт на подзаконски акт за изработка на општински планови за одбрана од поплави. Формирањето на Агенција за води или друго институционално решение за постепено интегрирање на надлежностите е политичко прашање и истото се очекува да биде иницирано на ниво на Влада на Република Северна Македонија;z

По однос на „жешките точки“ преку измена и дополнување на Законот за животната средина во 2022 се воспоставени целосна правна основа за определување и управување со контаминираните подрачја. Изготвена е методологија за определување и категоризација на „жешките точки“ за кои се изготвени физибилити студии. Во моментот МЖСПП спроведува активности поврзани со ОХИС Скопје.

По однос на заштитата на природата извршена е валоризација на: природните вредности на Малешевски Планини; Охридското Езеро; Белчишко Блато, како и за повеќе природни реткости. Идентификувани се три потенцијални области Натура 2000. (Овче Поле, Долна Брегалница и Малешевски Планини). Активностите за подигање на јавната свест и кампања Натура 2000 за засегнатите страни беа имплементирани во Источниот плански регион. Изготвени се планови за управување за Национален парк Шар Планина и Заштитен предел - Осоговски Планини. Во завршна фаза е изработка на планови за управување со заштитен предел-Малешево и Споменик на природа- Преспанско Езеро. Подготвен е и предлог - Закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природата, кој е во собраниска процедура за негово усвојување заедно со предлог - Закон за прогласување на кањонот Матка за заштитено подрачје во категорија III - Споменик на природата. МЖСПП во моментов води постапки за

прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата и Белчишко Блато за парк на природата. Активноста за воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за управување со заштитени подрачја чии граници се преклопуваат со границите на две и повеќе општини, е предвидена за спроведување во наредниот плански период

По однос на заштита и спасување и управување со кризи во ЕЛС, во извештајниот период покрај континуирано спроведување на редовните активности согласно со донесената регулатива треба да се одбележи формирањето на Центар за обука во рамки на ЦУК, пуштањето во употреба на бројот за итни повици Е-112 и воспоставувањето на систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари - МКФФИС (Македонски информативен систем за шумски пожари) како и неговата надградба. Обуки за користење на МКФФИС се спроведени во 30% од ЕЛС. По однос на реформите во оваа област формирана е нова работна група, предводена од Министерството за одбрана која треба да предложи ново законско решение за управување со кризи и заштита и спасување. Со решение на Министерство за одбрана формирана е меѓуресорска работна група за изработка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство со кој се допрецизирани критериумите за определување на бројот на пожарникари, кариерно напредување, психофизичка подготвеност, изворите за финансирање вклучително и опремување и обука на пожарникарите со цел зголемување на нивната ефикасност. Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември 2023, се забележува дека повеќе од половина од испитаниците (58%) се или задоволни или целосно задоволни од услугите што ги обезбедуваат општините во областа на противпожарна заштита. Вкупната просечна оценка за противпожарна заштита е 3,52 и претставува најдобра оценка со останатите надлежности на општините.

По однос на здравствената заштита во општините, споредбената анализа со резултатите од сите претходни години укажуваат на пад на задоволството на граѓаните, а услугите се оценети со вкупна просечна оценка 2.74 и се во групата на پониско оценети услуги. Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 9 од анкетираните 57 општини во 2021 спровеле кампањи за превентивна здравствена заштита, а во 2022 година нивниот број е намален на 6 општини. Активностите за подготовка на функционална анализа на понатамошната децентрализација на надлежностите за здравствена заштита, унапредување на нормативната рамка за здравствена заштита и поврзани услуги со фокус на воспоставување систем за одржливо финансирање на пренесените надлежности на општините и зајакнат локален одговор на здравствени кризи и пандемии како и мапирање на најранливите категории на граѓани во здравствени кризи) се поместени за спроведување во наредниот плански период.

Препораките од овој Извештај се рефлектирани во Акцискиот План на ПОЛРД за периодот 2024 – 2026, кој е подготвен од страна на Министерството за локална самоуправа со вклученост на Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 со акциски планови. Акцискиот план 2024 - 2026 е усогласен со сите релевантни национални стратешки документи, клучните политики за пристапување во ЕУ како и со рамката за соработка со агенциите и телата на ООН за остварување на глобалните цели на одржливиот развој. Притоа, особено внимание беше посветено на усогласување со препораките од двата последни извештаи за напредокот на земјата од страна на Европската Комисија и Извештајот од Мониторингот на Европската повелба за локалната самоуправа од 2021 година.

Координацијата на спроведувањето на Програмата и акциските планови ќе продолжи да ја врши Координативно тело на сите носители на активности и проекти кои се наведени во Акцискиот план, врз основа на донесената Одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за локална самоуправа. Министерството за локална самоуправа претседава со Координативното тело и ќе продолжи да дава организациска, логистичка и друг тип на техничка поддршка согласно потребите за ефективна и ефикасна координација.

# I. ВОВЕД

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 е седми по ред плански документ посветен на натамошниот развој на локалната самоуправа и спроведување на процесот на децентрализација во Република Северна Македонија. Програмата беше подготвена на партиципативен начин со учество на сите засегнати страни и донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за локална самоуправа.

**Визија на Програмата** е континуирано да се подобрува функционалноста на локалната самоуправа од сите аспекти и со долгорочна цел да се создадат отпорни единици на локалната самоуправа кои одржливо се развиваат и се оспособени да испорачуваат квалитетни услуги со целосен опфат на населението. **Генерална цел на Програмата** е да се овозможи ефикасно опоравување на општините од здравствената и социо-економска криза предизвикана од пандемијата на Ковид-19, да се зголеми отпорноста на општините, финансиска стабилност и одржливост на локалните услуги, создавајќи предуслови за подинамичен и зелен локален раст и развој. **Очекуван резултат** на крај од овој програмски период е да се остварат суштински позитивни промени во функционирањето на локалната самоуправа, општините да се ослободат од наталожени долгови и да испорачуваат квалитетни услуги на одржлив начин, подеднакво да се грижат за сите граѓани а особено за најранливите, транспарентно и отчетно да ги спроведуваат надлежностите и конзистентно да ги вклучуваат граѓаните во донесувањето на важните одлуки.

Со Програмата е предвидено нејзината операционализација да се врши преку подготовка и спроведување на три-годишни акциски планови.

Со цел да се оствари ефикасна координација во спроведувањето на Програмата и акциските планови, врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за локална самоуправа, формирано е заедничко **Координативно тело** на сите носители на активности и проекти од Акцискиот План 2021 - 2023.

Цел на подготовката на Извештајот за спроведувањето на Акцискиот План 2021 - 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 за периодот јануари 2021 - јуни 2023 година е низ партиципативен процес да се оцени степенот на остварување на очекуваните резултати односно генералната и специфичните цели на Програмата преку сеопфатен увид во степенот на спроведување на предвидените активности.

Извештајот е подготвен од страна на Министерството за локална самоуправа со учество на Координативното тело на сите носители на активности и проекти од Акцискиот План 2021 - 2023, кое даде придонес во обезбедувањето на потребните податоци и информации за реализација на предвидените активности, и техничка помош на УНДП низ проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ финансиран од страна на швајцарската Влада.

# II. ОПИС НА ПРИМЕНЕТАТА МЕТОДОЛОГИЈА

За подготовка на Извештајот беа спроведени следниве методолошки чекори:

- Мапирање и проучување на клучните секторски политики и други релевантни материјали и документација;

- Анкетно истражување на носителите на спроведувањето на активности од Акцискиот План 2021 - 2023 спроведено во 2022 година;
- Наменско анкетно истражување во единиците на локалната самоуправа, спроведено во 2023 година;
- Две седници на Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 со акциски планови;
- Два тематски консултативни настани, по еден настан посветен за две од четирите компоненти (заедно со приоритети и мерки) на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 заедно со разгледување на суштинските информации и аналитички наоди, заклучоци и препораки од Извештајот.

**Мапирање на клучните секторски политики и други релевантни материјали и документација**

За подготовка на Извештајот беа анализирани следниве достапни материјали и документација:

- Методологија за програмирање на процесот на децентрализација за периодот 2021 - 2026 (УНДП, мај, 2020 година);
- Извештаи на УНДП од спроведените анкети со кои се испита задоволството на граѓаните од локалните услуги во 2021, 2022 и 2023 година;
- Извештај на УНДП од спроведеното анкетно истражување во единиците на локалната самоуправа (декември, 2022 година);
- Извештај од спроведеното наменско анкетно истражување во единиците на локалната самоуправа во 2023 година;
- Методологија за оценка на системот на локалната самоуправа (УНДП, декември 2022 година);
- Стратешки ангажман на локалните самоуправи во подготовката на Националната развојна стратегија 2021-2041 - усогласување на локалните и регионалните со националните развојни стратегии (УНДП, 2021 година);
- Рамка за развој на Република Северна Македонија – МКД 2030;
- Методолошки насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови на општините (УНДП, јуни, 2023 година);
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2022 - 2024;
- План за забрзан економски раст (2022-2026);
- Интервентен план за инвестиции (ИПИ 2021-2027);
- Акциски план за Стратегијата за едно општество и интеркултурализам;
- Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 (со изгледи до 2026);
- Програма на економски реформи 2023 - 2025;
- Извештаи за напредокот на Република Северна Македонија во процесот на пристапување во ЕУ (Европска Комисија, 2021, 2022 и 2023 година);
- Извештај од спроведената оценка на Е - подготвеноста на општините во Република Северна Македонија (УНДП, март, 2022 година);
- Методологија за мониторинг на ефективноста и ефикасноста на локалната самоуправа во извршувањето на пренесените надлежности (ОБСЕ, декември, 2021 година),
- Релевантни извештаи на Владата и органите на државната управа и други национални институции, за периодот 2021 - прва половина на 2023 година;
- Систематизирани ставови на ЗЕЛС (март 2022 година);
- Национална програма за усвојување на правото на ЕУ 2021 - 2025 (НПАА);

- Мониторинг на Европската повелба за локална самоуправа во Северна Македонија - Комитет за почитување на обврските и заложбите од земјите-членки на Европската повелба за локална самоуправа (05.07.2021);
- Анализата за состојбите и потенцијалите за дигитализација на општините со препорака за модели за имплементација;
- Анализата на потребата и можноста за унифицирање на е-услугите на локално ниво;
- Анализата на можностите за употреба на Националниот портал за услугите кои ги даваат единиците на локалната самоуправа;
- Извештаите од оценките на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа, Законот за градот Скопје, Законот за меѓуопштинска соработка, Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, Законот за територијална организација на локалната самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- Извештај од анализата на инспекциските служби (МЛС);
- Конечни извештаи за извршена ревизија во ЕЛС од страна на Државниот завод за ревизија во делот на системските слабости.

**Анкетно истражување на носителите на спроведувањето на активности од Акцискиот План 2021 – 2023 спроведено во 2022 година**

Анкета беше спроведена врз основа на анкетен прашалник кој е непосредно поврзан со индикаторите наведени во Акцискиот План 2021 - 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026, а се однесуваат на приоритетните мерки и активности кои се формулирани низ соработка со единиците на локалната самоуправа и други засегнати страни.

Анкетниот прашалник е сочинет од вкупно 186 прашања и потпрашања и е комплексен по обем поради материјата која е предмет на истражувањето, широкиот делокруг на надлежности на локалната самоуправа и обемот на мерки и активности кои се опфатени со Акцискиот План 2021 - 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026.

На анкетниот прашалник во периодот меѓу 10 октомври и 5 декември 2022 година, одговорија 57 општини од вкупно 80 и градот Скопје, од кои 31 се урбани, а 26 се рурални општини.

**Наменско анкетно истражување во единиците на локалната самоуправа спроведено во 2023**

За потребите на ова истражување беа подготвени два прашалници, еден за државните институции – носители на активности од Акцискиот план 2021 - 2023 и засебен анкетен прашалник за ЕЛС со цел да добијат повратни информации за спроведените активности каде општините се носители. Прашалниците беа доставени од страна на Министерството за локална самоуправа.

Анкетните прашалници се сочинети од два дела. Во првиот дел се опфатени прашања кои се однесуваат на спроведувањето на активности од Акцискиот План 2021 - 2023, или поконкретно:

- Статусот на активноста: а) Реализирана активност, б) Активноста е во тек и в) Активноста не е започната;
- Квантитативен (кога е тоа можно) и наративен опис на постигнат резултат (поврзан со индикаторот на очекуван резултат од Акцискиот План за секоја активност);

Кај активностите кои не се започнати е побарано да се наведат причините - Дали активноста се планира да биде спроведена и кога би започнало спроведувањето на активноста?

Во вториот дел од прашалникот беа опфатени прашања поврзани со други тековни активности кои се релевантни за спроведување на приоритетите и мерките од Програмата за

одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026, а не се експлицитно наведени во Акцискиот План 2021 - 2023, како и предлози на нови компатибилни (со приоритетите и мерките од Програмата) активности кои се предвидени за спроведување во наредниот три-годишен приод, со индикатор на постоечка состојба и индикатор на очекуван резултат (квантифицирани кога е тоа можно).

Од вкупно 81 ЕЛС, 49 доставија одговори до МЛС, а со задоцнување и после направената обработка на податоци, одговорени прашалници беа добиени и од дополнителни 4 општини.

**Две седници на Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 со акциски планови**

Првата седница на Координативното тело се одржа на 18.09.2023 година. За време на состанокот беше разгледана Методологијата за спроведување на истражувањето и подготовка на овој Извештај, и беше спроведена инструктажа за пополнување на анкетните прашалници.

Втората седница на Координативното тело се одржа на 28.11.2023 година. За време на состанокот беше разгледан консолидиран нацрт на Извештајот за спроведувањето на Акцискиот План 2021 - 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 за периодот јануари 2021 – јуни 2023 година.

**Две тематски консултативни настани**

Двете тематски консултативните настани во формат на (еднодневна) работилница беа одржани во втората половина на декември, 2023 година.

Дневниот ред содржеше две сесии, по една за секоја компонента од ПОЛРД 2021 - 2026. На настаните учествуваа претставници на носителите на активностите наведени во АП, органи на државната управа, ЗЕЛС, граѓански организации и претставници на донаторската заедница. На почеток на секој од четирите консултативни настани, за време на првата сесија, од страна на консултантот ангажиран од страна на УНДП беше испорачана воведна презентација со следнава содржина:

- Клучни наоди од Извештајот за спроведување на Акцискиот План 2021 - 2023 на Програмата за одржлив развој и децентрализација 2021 – 2026;
- Насоки за приоретизирање на активности за компонентата (со приоритети и мерки) од Програмата за одржлив развој и децентрализација 2021 – 2026.

Беше реализирана модерирана дискусија на засегнатите страни поврзана со теми од тематските сесии како и за активностите за секој од приоритетите и мерките од Програмата за одржлив локален развој и децентрализација и други поврзани поттеми од прегледот на релевантните политики, материјали и документација.

Консултативните настани резултираа со наоди за целисходноста на активностите од Акцискиот План 2021 - 2023 кои се во тек или не се спроведуваат, заедничка оценка на ефектите од нивното спроведување и мапирање на предлози за нови целисходни активности кои би се интегрирале во Акцискиот План за периодот 2024 - 2026 година.

## III. СУШТИНСКИ ИНФОРМАЦИИ И АНАЛИТИЧКИ НАОДИ

За постигнување на генералната цел на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026, наведени се следниве специфични цели:

- Ефективно опоравување на општините од кризата предизвикана од Ковид – 19 и други кризи предизвикани од природна непогода или друга несреќа;
- Доволност на финансиски средства за спроведување на пренесените и новите надлежности;
- Намалени диспаритети помеѓу урбаните и руралните општини, преку воспоставување интегриран, транспарентен и предвидлив систем на дотации со вградена компонента за финансиско воедначување;
- Премин од претежно институционална кон функционална децентрализација;
- Систематично зајакнати капацитети на општините со цел ефикасно да се апсорбираат зголемени финансиски средства и обврски, и
- Доследна примена на принципите за добро владеење (инклузивност, транспарентност, отчетност и партиципативност) на локално ниво.

Приоритетите за постигнување на главната цел и специфичните цели се групирани во четири компоненти на Програмата:

- Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа;
- Иновативен и инклузивен локален економски развој;
- Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението, и
- Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа.

Во рамки на четирите компоненти наведени се приоритети и за секој приоритет наведени се мерки за негово остварување:

- Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа: два приоритети и вкупно 16 мерки;
- Иновативен и инклузивен локален економски развој: два приоритети и вкупно 12 мерки;
- Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението: 4 приоритети и вкупно 30 мерки; и
- Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа: 5 приоритети и вкупно 37 мерки.

Со првиот Акциски План 2021 – 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 кој е донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија, за секоја компонента, приоритети и мерки, наведени се активности за нивно остварување:

- Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа: вкупно 43 активности;
- Иновативен и инклузивен локален економски развој: вкупно 21 активности;
- Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението: вкупно 78 активности; и
- Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа: вкупно 109 активности.

Во продолжение се наведени суштинските информации и клучните наоди поврзани со спроведувањето на предвидените активности со Акцискиот план 2021 - 2023, за секој од приоритетите и поврзаните мерки од ПОЛРД 2021 – 2026.

| **Компонента 1: Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа** |
| --- |
| **Приоритет 1.1: Подобрување на нормативната рамка и други функционални аспекти на системот на локална самоуправа** |

**Мерка 1.1.1 Подобрување на законската рамка во насока на подоследна примена на начелото на супсидијарност и обезбедување поголема самостојност на единиците на локалната самоуправа во спроведување на пренесените надлежности.**

Во рамките на оваа Мерка предвидена е партиципативна подготовка и донесување на: Закон за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа врз основа на направената оценка за негово спроведување; Закон за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје врз основа на направена оценка за негово спроведување; Закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на направената оценка за негово спроведување. и на Законот за меѓуопштинска соработка врз основа на направената оценка за негово спроведување. Овие активности се во тек.

Во рамки на втората фаза од проектот „Зајакнување на општинските совети“, кој е финансиран од швајцарската амбасада и Министерството за локална самоуправа, а е кофинансиран и имплементиран од УНДП, подготвена е Методологијата за оценка на системот на локалната самоуправа во Северна Македонија. Целта на оваа активност е да се подобри целокупната рамка на закони и политики поврзани со локалната власт и спроведувањето на тековната реформа за децентрализација. Во Методологијата се дефинирани сите неопходни чекори за подобрување на функционалните аспекти на локалната самоуправа низ добро осмислени, аргументирани и целисходни нормативни интервенции. Партиципативниот процес (интервјуа и консултативни настани) за подготовка на Методологијата, резултираше со консензус на сите чинители дека унапредувањето на нормативната рамка на системот на локалната самоуправа треба да биде првенствено насочено кон унапредување на функционалностите на локалната самоуправа. Покрај партиципативниот процес за подготовка на Методологијата, треба да се напомене дека истата содржи наоди и препораки засновани на продлабочено канцелариско истражување на сите релевантни закони, политики и емпириски материјали, и на тој начин заедно со наодите од интервјуата и консултативните настани се обезбедува солидна информациска основа за организирање на завршна фаза на консултации со сите чинители за формулирање на конкретни нормативни иницијативи и предлози. Притоа, евидентирани се и празнини во информациската основа за кои ќе биде неопходно да се подготват дополнителни продлабочени анализи. Во рамки на истиот проект беше направена Оценка на спроведувањето на Законот за територијална организација на локалната самоуправа и Оценка на спроведувањето на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Од страна на Министерството за локална самоуправа (МЛС) со техничка помош на УНДП и ОБСЕ, завршени се и Оценки на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа, Законот за градот Скопје, Законот за меѓуопштинска соработка и Законот за ДИЛС.

Во Методологијата е дадена препорака за фазен пристап во унапредувањето на нормативната рамка која уредува прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа.

Унапредувањето на Законот за локалната самоуправа е предвидено во првата фаза од процесот, во чиишто рамки се предвидени четири теми за дискусија, со предвидени соодветни пот- теми и тоа:

- Системот на локална самоуправа и усогласеноста со Европската повелба за локалната самоуправа;
- Правни празнини во Законот за локалната самоуправа, недоречености и воочени потреби од усогласувања;
- Усогласување и допрецизирање на општинските надлежности во ЗЛС и пренесување на нови надлежности;
- Доуредување на материјата во ЗЛС поврзана со доброто локално владеење.

**Мерка 1.1.2: Подобрување на сите аспекти на доброто локално владеење со фокус на унапредување на локалната транспарентност, пристапот до информации, инклузивноста и отчетноста**

Во функција на реализација на активностите за мапирање и континуирано подобрување на функционалноста и капацитетите на сите партиципативни тела, во соработка со ОБСЕ е подготвена анализа “Комисиите за односи меѓу заедниците и нивната улога во имплементацијата на концептот за едно општество и интеркултурализам на локално ниво - Како до функционален механизам”, со препораки кои што ќе бидат земени предвид во процесот на консултација и при подготовка на измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа, со цел да се подобри функционалноста на Комисиите за односи меѓу заедниците. Во соработка со ОБСЕ отпочнат е и процес на оценување на функционалноста на Советите на потрошувачи на локално ниво. Наодите и препораките од анализата ќе бидат земени предвид во процесот на консултација и при подготовка на измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа, со цел да се подобри функционалноста на Комисиите овие партиципативни тела на локално ниво.

Поконкретно, врз основа на анализата изготвен е Извештај од страна ОБСЕ во соработка со Координативното тело за спроведување на Националната Стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, со Министерството за локална самоуправа, како и со претставници од Агенцијата за остварување на правата на заедниците, Комисиите за односи меѓу заедниците во општините. Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (МПСОЗ)[8] од своја страна беше вклучена во фокус групите при консултативните форуми со надлежните институции. Овој Извештај ги презентира наодите кои произлегле од анализата на податоците собрани за време на оценување на функционалноста на Комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво, спроведено во периодот август-декември, 2021 година, при извршување на оваа анализа. МПСОЗ[9] како институција која обезбедува поддршка на Владата за спроведување на начелата кои произлегуваат од Охридскиот Рамковен договор (ОРД), во којшто од суштинско значење развојот на локалната самоуправа за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и унапредување на почитување на идентитетот на заедниците и негувањето на мултиетничкиот карактер на општеството, се залага Комисиите за односи меѓу заедниците како тела кои произлегуваат од ОРД да бидат функционални и да придонесат за доследно спроведување на принципите на ОРД на локално ниво. За таа цел во стратешкиот план на МПСОЗ[10] се поставени низа активности коишто ќе помогнат КОМЗ да бидат пофункционални и да се трансформираат во ефикасни партиципативни тела:

- Посети низ општините кои се задолжени да имаат воспоставени Комисии за односи помеѓу заедниците за да се увиди состојбата околу функционирањето, начинот на избор на членовите, надлежностите, начинот на работа, поддршката од страна на Советот на општината и финансирањето;
- Градење на капацитетите на членовите на КОМЗ преку обуки;
- Промовирање на работата на Комисиите за односи меѓу заедниците (со преставување на добри практики или преземање на добрите практики од други Комисии или други држави) преку воведување на електронска платформа.

Во анкетата со општините, спроведена во 2022 година, 41 општина од 57 изјавиле дека ги имаат воспоставено следниве партиципативни тела: Комисија за еднакви можности (85,4%), партиципативни тела поврзани со урбанизмот (46,3%), партиципативни тела на потрошувачите (кумулативно 43,9%) - Комисија за заштита на потрошувачите (24,4%) заедно со Совет на потрошувачи (12,2%) и Совет за заштита на потрошувачите (7,3%) бидејќи се работи за тела со

[8] Од 10.06.2024, Министерство за односи меѓу заедниците-Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)
[9] Ибид.,
[10] Ибид.,

идентичен мандат и цели, како и Локален младински совет (31,7%). Сите други партиципативни тела се воспоставени во помалку од 20% од испитаните општини.

Сите испитани општини кои ја имаат обврската да формираат Комисијата за односи меѓу заедниците тоа го имаат сторено. Во 2021 и 2022 година, во ниту една од 57-те анкетирани општини не е организиран општински референдум. Исто така, мал е бројот на општини каде се реализирани граѓански инцијативи. Во 2021 година само 6 општини имале вакви иницијативи, а во 2022 година се вкупно 7 општини. Во поглед на собири на граѓани, во 2021 година, истите се одржале во 20 општини, а во 2022 година во 22 од испитани 57 општини. Приближно 90% (51 од анкетирани 57 општини) издвојуваат средства за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани. Само 6 општини се изјасниле дека не издвојуваат финансиски средства за оваа намена. 30 од испитаните 57 општини имаат воспоставено едношалтерски систем. Притоа, од општините каде се воспоставени едношалтерски системи, 68% се урбани а 32% се рурални.

Усвоена е Стратегија за соработка со граѓанското општество 2022 - 2024.

Исто така усвоена е Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023 - 2030 со Акциски План 2023 - 2026. Стратешката рамка е дефинирана преку општата и посебните цели во секоја од четири приоритетни области. Приоритетните мерки во втората област **„Јавна служба и управување со човечките ресурси“** се насочени кон градење на департизирана, професионална и стручна јавна администрација. Планирањето на вработувањата според потребите ќе се обезбеди преку поврзување на стратешкото планирање со планирањето на човечките ресурси во институциите, а постапките за вработување во јавната администрација ќе се унапредат преку јакнење на улогата на интервјуто засновано на соодветни компетенции. Посебно внимание е посветено на периодична проверка на компетенциите на веќе вработениот кадар за да се обезбеди адекватно распределување на административните службеници според постигнатите резултати. Дополнително, во општините и во институциите од областа на дејностите од јавен интерес (образование, здравство, култура, социјална и детска заштита, комуналните и други дејности) ќе биде спроведена унификација на организационата поставеност на административната служба. За постигнување на утврдените општи и посебни цели во третата приоритетна област **„Одговорност, отчетност и транспарентност“** посебно внимание е посветено на ефикасноста на управните постапки и за таа цел предвидени се мерки за унапредена имплементација на Законот за општата управна постапка, зајакнување на капацитетите за водење на управните постапки и воспоставување на механизам за следење на ефикасноста на управните постапки. Посебно внимание се посветува на зајакнување на интегритетот преку мерки насочени кон носителите на извршната власт од највисоко ниво и јакнење на индивидуалниот и институционалниот интегритет на државно и локално ниво. Преку воспоставување и развој на електронски систем за дигитализација на инспекциската постапка и инспекциското работење („Е-инспектор“) ќе се обезбеди поефикасно работење на инспекциските служби. Воедно, зголемувањето на транспарентноста на институциите на државно и локално ниво ќе се обезбеди преку унапредување на алатките за достапност на информациите од јавен карактер и зголемување на транспарентноста на инспекциските служби. Исто така, планирано е воспоставување на организациски механизми за идентификација на отворените податоци и нивна зголемена употреба. Приоритетните мерки во четвртата област **„Давање услуги и дигитална трансформација“** се насочени кон градење на дигитална средина за подобро работење на администрацијата, односно креирање на канали на електронска комуникација во рамките на администрацијата, воспоставување на унифициран ДМС систем во органите на државната управа, локалната самоуправа и останатите институции од јавниот сектор. Институционалната и законската рамка за ИКТ ќе се унапредува така што ќе се утврди посебна надлежност за вршење на инспекциски надзор на примената на законите од оваа област. Посебно внимание е посветено на дигитализирање на регистрите за давање услуги, како и на зголемувањето на бројот на е-услуги

и бројот на центри „Една точка за услуги“ со цел зголемен квалитет и достапност до услугите за граѓаните и деловните субјекти. Важен дел во оваа област е посветен на подобрена пристапност на институциите за лицата со попреченост, возрасни лица, лица кои се на ниско ниво на дигитална писменост, како и на мерење на задоволството на корисниците од услугите на државните органи. Дел од мерките се насочени кон промоција на дигиталните услуги за да се подигне свеста за дигиталната трансформација, односно за потребата и користа од примена на дигитализацијата.

Во соработка со УСАИД подготвен е Кодекс за транспарентност на локално ниво кој што е објавен на ВЕБ страницата на Министерството за локална самоуправа, со цел да се воспостави единствен и предвидлив начин на објавување на информациите за работата на органите на општините и на градот Скопје, како и за услугите што ги обезбедуваат. Со примена на Кодексот, ЕЛС во целост ќе можат да го операционализираат член 10 од Законот за слободен пристап до информации, за обезбедување на активна транспарентност. Кодексот за транспарентност ќе биде земен предвид и во процесот на консултација заради негово подигање на ниво на норма со подзаконски акт, при подготовката на измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа. Истовремено, потребата за изработка на Кодексот за транспарентност на локално ниво произлегува и од Законот за локалната самоуправа, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за користење информации од јавниот сектор како и Законот за заштита на личните податоци. Обезбедена е менторска поддршка (УСАИД) на 39 партнерски општини во подобрување на содржините и информациите објавени на општинските веб страници согласно насоките од Кодексот што резултираше со значително унапредување на активната, буџетската и даночната транспарентност кај истите.

Во соработка со УНДП, во рамките на проектот Зајакнување на општинските совети, во континуитет се финансираат проекти за подобрување на вклученоста на граѓаните во донесување на одлуките (набавка на опрема за снимање и емитување на седниците на Советот на општината, вклучување на граѓаните преку создавање на услови за нивно директно присуство на седниците на Советот и др.). Во повеќе од 50% од општините е обезбедена електронска платформа за објавување на финансиските извештаи за реализацијата на буџетите на ЕЛС, со тенденција до крајот на проектот алатката да биде воспоставена во сите 80 општини и во Градот Скопје. Оваа електронска платформа е достапна на веб-страниците на општините и на веб- страницата на Министерството за финансии и овозможува брз и лесен пристап до овие информации за сите граѓани.

Во соработка со УНДП во рамките на Проектот за развој на локалната демократија во 11 општини: Куманово, Гостивар, Битола, Охрид, Велес, Гевгелија, Кочани, Крива Паланка, Струмица, Кавадарци и Ресен е развиен механизам - Методологија за ефикасно, транспарентно и базирано на проекти финансирање на граѓанските организации од општинските буџети.

Спроведени се редовни годишни анкети за мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги за 2021, 2022 и 2023 година.

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги спроведено во септември, 2023, како дел од Проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“, кој е финансиран од Швајцарската амбасада и од Министерството за локална самоуправа, а го спроведува и ко-финансира Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) клучниот наод е дека граѓаните продолжуваат да бидат генерално задоволни од квалитетот на животот во нивната општина и тоа: од општината како место за живеење; од квалитетот на животот во општината; од општината како место за одгледување на деца; од општината како место за пензионерите (старите лица); и од безбедноста на заедницата во општината. Во однос на овие пет (5) од вкупно шест (6) опсервирани аспекти на квалитетот на животот во општината, процентот на граѓаните кои се задоволни и целосно задоволни е поголем од оние кои не се задоволни. Најголем процент се задоволни од општината генерално како место на живеење (56%) и од безбедноста на заедницата

во нивните општини (56%). Исклучок се забележува во однос на задоволството на граѓаните од општината како место за живеење на ранливите категории на сограѓани, во однос кој граѓаните изразија највисоко ниво на незадоволство - 40% не се задоволни (воопшто не се задоволни и не се задоволни).

Споредбената анализа на просечните оценки за секој аспект во однос на квалитетот на животот во општината со оние за периодот 2017 – 2022 година генерално не покажува позначителни промени во степенот на просечното задоволство на граѓаните. Сепак, споредено со податоците од 2022 год., најновите податоци укажуваат дека степенот на просечното задоволство на граѓаните со сите аспекти оценувани во овој дел е во опаѓање.

Вкупното просечно задоволство на граѓаните од начинот на кој работат општината и јавните претпријатија е на скоро исто ниво (2,9) како претходните години (3,0 во 2022 год. односно 2,9 во периодот 2018-2021), што претставува вкупна просечна оценка за сите шест (6) оценувани аспекти.

Споредбената анализа на просечните оценки по години покажува скоро ист степен на согласност на граѓаните со сите оценувани аспекти во однос на периодот 2017 - 2021 год. Споредено со податоците од 2022 год. пак, се забележува малку пониско просечно ниво на согласност со сите оценуваните аспекти, и тоа: начинот на кој се менаџира општината - од 3,2 на 3,0; начинот на кој се менаџираат јавните претпријатија - од 3,0 на 2,9; градоначалникот и советот ги имаат предвид ставовите и мислењата на граѓаните - од 3,0 на 2,8; претставниците на општината имаат одговорен пристап кон лицата со посебни потреби - од 2,9 на 2,8; претставниците на општината преземаат мерки за недискриминација на немнозинските етнички заедници - од 3,2 на 3,1; и граѓаните на општината се информирани за активностите и плановите на општината - од 3,0 на 2,9. Најголем пад на просечното задоволство на граѓаните споредено со податоците од 2022 год. се забележува во однос на задоволството од начинот на кој се менаџира општината (од 3,2 на 3,0) и задоволството од тоа колку градоначалникот и советот ги имаат предвид ставовите и мислењата на граѓаните (од 3,0 на 2,8).

Општо земено, над една третина од граѓаните (38%) имаат позитивно мислење за вкупното работење на локалната власт и сметаат дека таа работи генерално добро и многу добро. Оние кои го делат негативното мислење се значително помалку (28%). Важно е да се потенцира дека една третина (33%) го делат ставот дека локалната власт работи ниту добро, ниту лошо. Просечната оценка на граѓаните за вкупното работење на локалната власт изнесува 3,0.

На прашањето колку се генерално задоволни од услугите што ги обезбедуваат нивните општини, 37% од испитаниците одговорија дека се задоволни или целосно задоволни, додека околу 28% не се задоволни. Над една третина (35%) се неутрални, односно ниту се задоволни, ниту незадоволни. Последните резултати укажуваат на повторно намалување на генералното задоволство на граѓаните со услугите што ги обезбедуваат општините на 37%, кое по две години надолен тренд го достигна највисокото ниво во 2022 год. (во 2017 год. овој процент беше 39%, во 2018 год. 40%, во 2019 год. 41%, во 2020 год. 39%, во 2021 год. 39%, а во 2022 год. 44%). Пониското ниво на генералното задоволство на граѓаните од услугите што ги обезбедуваат општините се гледа и преку намалената просечна оценка која оваа година изнесува 3,04 (намалување од 3,20 во 2022 год.).

Како и претходните години, највисокото и најниското просечно ниво на задоволство на граѓаните продолжува да биде во однос на истите оценувани области – највисокото во однос на противпожарната заштита (3,52 во 2023 год.), а најниското во однос на локалниот економски развој (2,54 во 2023 год.). Компаративната анализа на просечните оценки на задоволството на граѓаните со резултатите од истражувањата спроведени во 2021 и 2022 год. кога беше користен ист прашалник како во 2023 год., укажува на генерално пониско вкупно задоволство на граѓаните од

услугите што ги обезбедуваат општините споредено со резултатите од 2022 год., од 3,20 на 3,04, а малку повисоко споредено со резултатите од 2021 год., од 2,97 на 3,04.

Во однос на одделните области во надлежност на општините, последното истражување покажува исто или малку пониско ниво на задоволство на граѓаните во однос на 2022 год. Споредено со 2021 год. пак, граѓаните изразија малку повисоко ниво на задоволство во однос и на генералното задоволство од услугите што ги обезбедуваат општините и во однос на поголемиот број анализирани области.

Над половина (56%) од испитаниците сметаат дека начинот на кој е организирана општината воопшто не овозможува или во многу мала мера овозможува вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво. Оние кои се попозитивни и сметаат дека сепак им е овозможено на луѓето како нив да учествуваат во носењето на локални одлуки се значително помалку и на исто ниво како претходно (8%). Споредено со резултатите од 2021 и 2022 год., процентот на оние кои сметаат дека начинот на кој е организирана општината воопшто не овозможува или во многу мала мера овозможува вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво сега е помал споредено со 2021 год. (59%), но поголем споредено со резултатите од 2022 год. (50%).

Граѓанското директно учество преку активности и механизми на општината поврзани со носење политики или одлуки од локално значење и преку поднесување предлози/иницијативи продолжува да биде на ниско ниво. Имено, мнозинството од граѓаните (од 84% во 2021 год., 87% во 2022 год. на 83% во 2023 год.) не учествувале ниту во активности поврзани со носење политики или одлуки на локално ниво, ниту поднеле предлог/иницијатива за решавање на некој проблем (прашање) во надлежност на општината. Исто како во претходните две (2) години, 8% одговориле потврдно дека учествувале во активност или активности на општината, и само 7% (8% во 2021 год., 6% во 2022 год.) дека имаат поднесено предлог или иницијатива. Што се однесува до причините заради кои граѓаните не учествуваат во процесот на носење одлуки на локално ниво, нема поголеми промени. Како и претходно, околу една четвртина (24%) од испитаниците немаат посебна причина зошто ниту учествувале во активности поврзани со носење политики или одлуки на локално ниво, ниту поднеле предлог/иницијатива за решавање на некој проблем (прашање) во надлежност на општината. Од друга страна, 22% од испитаниците продолжуваат да бидат скептици и го делат мислењето дека со тоа нема да можат ништо да сменат, а 16% одговорија дека не сакаат лично да се истакнуваат, односно 15% дека немаат време. Според 12%, општината нема да биде заинтересирана за нивното учество, односно предлози и/или иницијативи.

Помал процент од испитаниците (30%) од периодот пред 2022 год., но ист како тогаш (29%), одговорија дека се информирани за работењето и услугите на општините, додека поголем процент (37%) изјавија дека не се информирани. Оние кои одговорија дека ниту се информирани ниту не се, се на исто ниво (33%) како минатата година (32%). Локалните медиуми продолжуваат да бидат најголем извор на информации за работењето и услугите на општините за половина од испитаниците. Како останати извори на информации се споменуваат веб страницата на општината (30%), пријателите, колегите, семејството и роднините (11%), како и јавните дебати и собири (9%). Продолжува трендот на низок степен на информирање од социјалните мрежи/FB, билтенот на општината, огласните табли во месните заедници и во општините и од општинскиот весник.

Резултатите од последното истражување не укажуваат на позначителни промени во нивото на свесност на граѓаните за невладините организации во нивните општини. Имено, свесноста (само-оценета) на граѓаните за невладините организации во нивните општини е на скоро исто ниво со претходните години – најмал процент (20%) од испитаниците изјавија дека се запознаени, а повеќе од половина (51%) дека не се запознаени. Слично е и со мотивираноста да учествуваат во активности на граѓанските здруженија. За разлика од 2020 и 2021 год., кога степенот на мотивираност на граѓаните беше на највисоко ниво, оваа година како и лани, поголем дел од

испитаниците се изјаснија дека не се мотивирани (57%) а значително помалку (15%) дека се мотивирани.

Во однос на перцепцијата на граѓаните дали постои соработка помеѓу општината и невладиниот сектор, процентот на оние кои го делат тоа мислење е во пораст од 28% во 2022 год. на 35%, додека оние кои не сметаат дека е така се намалил од 28% минатата година на 24%. Но, како и претходно, значителен е процентот (41%) на оние кои не знаат дали постои овој вид на соработка. Како и во претходните две истражувања, и оваа година, најголем процент (зголемување од 33% во 2021, 34% во 2022 год. на 41%) го делат ставот (главно или целосно се согласуваат) дека соработката помеѓу граѓанските здруженија/НВО и општината ќе ги подобри услугите што ги нуди општината. За разлика од податоците од 2021 година, кога ова беше и единствената изјава во однос на која поголем дел од испитаниците се согласуваат отколку што не се согласуваат, резултатите од најновото истражување откриваат дека тоа е случај во однос на сите пет (5) изјави. Над една четвртина (29%) го делат ставот дека граѓанските здруженија/НВО во нивната општина дејствуваат според приоритетите на граѓаните, но 22% не се согласуваат со овој став. Во исто време, поголем дел (34%) од граѓаните веруваат дека некои услуги би се подобриле ако општината целосно ги пренесе на НВО, од оние кои не веруваат (26%). Слично е и во однос на тоа дали некои услуги би се подобриле ако општината целосно ги предаде на компаниите - 31% од испитаниците го делат овој став, но 25% не веруваат дека предавањето на некои услуги да бидат испорачувани од страна на компаниите ќе го подобри нивниот квалитет.

МПСОЗ[11] во соработка со Агенцијата за примена на јазикот, планираше да подготви Анализа за потребите на јазични обуки за преведувачи и лектори во единиците на локалната самоуправа каде што се користат повеќе службени јазици, но поради одредени причини изработката на оваа Анализа сеуште е во тек ( формирана е работна група, изработени се Прашалници за општините итн.) и се планира да се заврши до средината на 2024 година. Согласно заклучоците и препораките од Анализата, во 2024-2025 година, се планира да се спроведе Проект: "Јазични обуки за подобрување на стручните капацитети за превод и лектура од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик". Доколку анализата покаже дека опфатот на обуките налага спроведување на обуки и на други службени јазици на општинско ниво, би се вклучиле и други релевантни институции. Обуката би имала за цел да им помогне на лицата коишто извршуваат работни задачи на превод и лектура, а коишто се јавни службеници на општинско ниво, лица вработени/ангажирани во општинската администрација и/или јавни претпријатија или други правни лица основани од општината, да ги подобрат своите знаења и вештини за квалитетно и ефикасно извршување на своите работни задачи.

**Мерка 1.1.3: Доуредување на целокупниот систем и надлежностите поврзани со вршење инспекциски надзор но и надзор над законитоста на работата на органите на општините**

Во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети - Втора Фаза" подготвен е извештај за анализа за состојбите локалните инспекциски служби во единиците на локалната самоуправа со предлози за изготвување на модел за подобри и посилни локални инспекциски служби, како и Извештај за надзор над законитоста над органите на единиците на локалната самоуправа, и предложен е модел за подобро функционирање на општинските инспекциски служби.

---

[11] Од 10.06.2024, Министерство за односи меѓу заедниците-Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

Подготвен е ОСР за Законот за ДИЛС, во кој е нотирана неусогласеноста помеѓу ЗЛС (Министерството за локална самоуправа) и ЗДИЛС (Државниот инспекторат за локална самоуправа) во однос на тоа кој врши надзор над законитоста на прописите на општината.

**Мерка 1.1.4: Унапредување на функционирањето на органите (градоначалник и совет) на единиците на локалната самоуправа**

Извршени се анализи и е подготвен Извештај за оценка на спроведувањето на Законот за локална самоуправа во кој се анализира функционирањето на органите и евентуална потреба за промени на законската рамка за поефикасни совети, градоначалници и општински администрации во ЕЛС.

**Мерка 1.1.5: Создавање на услови за доследна примена на принципот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа**

Министерството за труд и социјална политика[12] работи на подготовка на нов Закон за родова еднаквост. Во насока на овозможување на транспарентност, организирани се 9 јавни дебати во соработка со координаторите и Комисијата за еднакви можности на ЕЛС. Усвоена е Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027. Со оваа Стратегија се воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените. Генерална цел е да се унапреди состојбата на родовата еднаквост во согласност со меѓународните стандарди, препораки и обврски. Усвоена е и Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022- 2026. Во Стратегијата има осврт на главните социјални партнери меѓу кои и поширокиот граѓански сектор и граѓанските организации чие учество се цени како исклучително значајно за демократските вредности и поттикнувањето на граѓанската свест.

На локално ниво, во согласност со ЗЕМЖМ, формирани се комисии за еднакви можности на жените и мажите во општинските совети и назначени се координатори за еднакви можности на жените и мажите во општинската администрација. Членовите на КЕМ во општините се избраните советници и составот се менува секои четири (4) години. Генерално КЕМ имаат многу ниско годишно ниво на реализација на одржани состаноци. Поголем дел од ЕЛС одржуваат само еден или два состаноци годишно, а има и ЕЛС во кои воопшто не се состануваат. Во иднина се препорачува одржување на координативни состаноци со координаторите, заменици координатори или помеѓу членови на КЕМ од различни општини, со цел меѓусебно запознавање и преземање заеднички иницијативи за реализирање на програмите и на одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Кај дел од ЕЛС се забележува вметнување на посебна ставка за еднакви можности во буџетот на ЕЛС за 2022 година што е добар пример и овозможува напредок на полето на еднаквите можности. Повеќето општини изработуваат Годишна програма за работа, имаат Стратегии за родова еднаквост и акциски планови за спроведување на стратегиите .

Важно е да се напомене дека МТСП[13] континуирано работи на јакнењето на капацитетите на координаторите и заменик-координаторите за еднакви можности на жените и мажите во општините, со тоа што организира обуки за родова еднаквост, недискриминација или трговија со луѓе жртви. Во 2022 година, од 81 ЕЛС, 73 општини доставиле годишен извештај за напредокот и состојбата на жените и мажите, и со тоа ја исполниле законската обврска од ЗЕМЖМ.

---

[12] Од 10.06.2024, Министерство за социјална политика, демографија и млади - Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)
[13] Ибид.,

**Мерка 1.1.6: Стимулирање и унапредување на меѓуопштинска соработка**

Подготвен е Извештај за оценка на спроведувањето на Законот за меѓуопштинска соработка и во извештајот се предлагаат специфични мерки во насока на стимулирање на МОС.

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 46 општини од 57 се изјасниле дека имаат воспоставено некој од облиците на соработка пропишани со ЗМОС, со една или повеќе општини. Во поглед на воспоставените облици на меѓуопштинска соработка, за руралните општини поголемо значење имаат заедничките јавни претпријатија и работно тело или комисија, и повеќе од половина од руралните општини кои одговориле на овие прашања имаат воспоставено ваков облик на соработка. Во поглед на заедничките административни тела, процентот е нешто поголем кај урбаните општини (33,3%), но кај руралните има општини кои воспоставиле и до три вакви тела. Во поглед на заеднички јавни установи, само руралните општини (11,1%) имаат формирано ваков облик на меѓуопштинска соработка. Од аспект на здружување на материјални, финансиски и други средства урбаните општини имаат повеќе склучени договори, а по однос на договори за вршење на определени работи за една или повеќе други општини, руралните општини имаат повеќе склучени договори.

**Мерка 1.1.7: Подобрување на локалните административни услуги преку дигитализација, проследено со изградба на соодветни капацитети и стандарди**

Низ проект кој го спроведува УНДП со поддршка швајцарската влада, дигитализирани се 25 локални услуги во 18 општини преку користење на облици на меѓуопштинска соработка помеѓу партнерски општини и подготвени се три извештаи: 1) Извештај за условите и потенцијалите за дигитализација на општините, со препорака за модел(и) за имплементација; 2) Извештај за потребата и можноста за унифицирање на е-услугите обезбедени на локално ниво, вклучувајќи препораки и потребни ресурси за имплементација и 3) Извештај за можноста за користење на Националниот портал за услугите што ги даваат ЕЛС, вклучувајќи препораки и потребни ресурси за имплементација.

Првиот нацрт на Националната ИКТ стратегија беше јавно презентиран кон крајот на 2022 и се очекува овој стратешки документ да биде донесен во 2024 година. Дополнително, МИОА[14] подготвува патоказ за дигитализација, со кој ќе се идентификуваат краткорочните, среднорочните и долгорочните приоритети.

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП, спроведено во септември, 2023 год., се воочува ниско ниво на свесност и знаење на граѓаните за е-услугите на општините. Најголем процент од испитаниците (52%) не знаат дали нивната општина дава е-услуги, 34% одговориле дека нивната општина не дава е-услуги, а само 14% одговориле потврдно. Споредено со резултатите од претходно спроведените истражувања, се забележува скоро исто ниво на свесност на граѓаните за општинските е-услуги споредено со минатите две (2) години, но пониско ниво споредено со 2020 год. Испитаниците кои одговориле потврдно дека нивната општина дава е-услуги, изјавиле дека станува збор за следните услуги: градежна дозвола/одобрение за градба (16%), катастар и геодетски работи (13%), и плаќање сметки (12%). Споредено со 2021 и 2022 год., значително помал процент од испитаниците ги спомenале интернет страна на општината/информации за активностите (намалување на 7% од 24% во 2022, односно од 17% во 2021 год.). Мнозинството (64%) од анкетираните кои потврдиле дека нивната

[14] Од 10.06.2024, Министерство за дигитална трансформација - Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

општина обезбедува и е-услуги, истите не ги користат, додека 34% одговориле дека ги користат. Споредено со 2019 и 2021 год., се забележува пониско ниво на користење на е-услугите од страна на испитаниците, додека споредено со 2020 и 2022 год. нивото на користење на е-услугите е непроменето. Како и претходните две години, над две третини од граѓаните (67%) не знаат кои е-услуги би сакале да ги даваат општините во моментов. Од оние кои имаат идеа за овој тип услуги, најголем процент (6%) одговориле дека би сакале тоа да бидат личните документи, но и сите активности/услуги што ги обезбедува општината (6%), како и даноци и такси (6%).

**Мерка 1.1.8: Унапредување на функционалните аспекти на урбаните и месните заедници**

Спроведувањето на активностите за мапирање на функции и функционална анализа со цел да се идентификуваат функции од делокругот на ова надлежност на ЕЛС кои можат поефикасно и поефективно да се извршуваат од страна на урбаните и месни заедници (УМЗ) со цел дополнително да се доближат општинските услуги до граѓаните и промени во статутите на ЕЛС и Правилникот за работа на месните заедници со цел да се подобри функционирањето на урбаните и месните заедници со фокус на финансирањето и начинот на ангажирање на граѓаните, е префрлено за периодот 2024 - 2026 година.

**Мерка 1.1.9: Пренесување нови надлежности со обезбедени неопходни човечки и финансиски ресурси за нивно спроведување**

Со Одлука донесена од Владата, февруари 2021 година беше формирана Работна група за продолжување на децентрализацијата, наместо претходната Меѓуресорска работна група задолжена за обезбедување на натамошен квалитетен развој и имплементација на процесот на децентрализација (формирана во 2019 година). Во новоформираната Работна група (2021), членови беа претставници од Канцеларијата на Претседателот на Владата, Министерот и Заменик министерот за локална самоуправа, Министерот и Заменик министерот за финансии, Заменик претседателот на Владата задолжен за политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, претставник од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, претседателот на ЗЕЛС и двајца градоначалници.

Согласно Одлуката со која е формирана, оваа работна група требаше преку Министерството за локална самоуправа, до Владата да достави предлог - програма за продолжување на процесот на децентрализација со акциски план, како и да достави предлози за потребата од изготвување на измени на закони и други прописи заради обезбедување на ефективно пренесување на нови надлежности и ресурси од централно на локално ниво.

Подготвена е информација за продолжување на процесот на институционална децентрализација во која се содржани и предлозите за децентрализација на надлежности од претходната работна група од 2019, вклучувајќи предлози за институционална децентрализација во областа на културата, потоа предлози за нови надлежности во областа на минералните суровини, туристичките и угостителските дејности, распределба на социјални станови, во областа на погребалните услуги, управување со земјоделско земјиште, пасишта, шуми, стопанисување со системи за наводнување и одводнување, здравствени дејности од примарно и секундарно ниво, пренесување на надлежности од Центрите за социјални работи, надлежности од Агенцијата за вработување, контрола на сообраќај на локални патишта, формирање на комунална полиција, издавање на сообраќајни и возачки дозволи, надлежности на водење матични книги и други.

**Мерка 1.1.10: Понатамошно унапредување на локалните политики за обезбедување интегритет и управување со ризици од корупција**

Заклучно со крајот на 2022, 67 ЕЛС имаат усвоено политики за интегритет, а заклучно со половината на 2023, Стратегии за управување со ризици се донесени во 37 ЕЛС, додека регистри на ризици се донесени во 31 ЕЛС.

Усвоена е Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025. Главни цели на Стратегијата се: 1) Зголемување на нивото на политичка одговорност и демонстрирана волја за борба против корупцијата; 2) Совесно управување со политичкото влијание во јавниот сектор и спречување на политичко влијание во работата на независните тела и во постапките регулирани со закон; 3) Јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор; 4) Спроведување на надлежностите во јавниот сектор на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин; 5) Обезбедување на интегритет и транспарентност при вработувањето и политиките за човечки ресурси во јавниот сектор, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет; 6) Јакнење на надзорните и контролните механизми 7) Дигитализација во јавните служби; 8) Намалување на корупцијата во јавните набавки и во процесот на доделување на грантови, субвенции и друга државна помош; 9) Зајакнување на капацитетите и на посветеноста на органите за спроведување на закон, на обвинителството и судството во откривањето и санкционирање на корупцијата, како и јакнење на отпорноста на корупција во нивните редови; 10) Поддржување на транспарентноста и интегритетот во приватниот сектор; 11) Подигнување на јавната свест и спроведување на антикорупциска едукација и 12) Вклучување на граѓанското општество и медиумите во борбата со корупцијата во општеството и градење на личен и професионален интегритет.

ДКСК работи на развој на платформа за е-учење која претставува интегрирано место каде засегнатите страни и заинтересираните страни ќе можат да се едуцираат за теми од областа на корупцијата. Досега се развиени четири модули: „Систем на интегритет“, „Конфликт на интереси“, „Спречување на корупција“, „Заштита на свиркачите“ и изработката на петтиот модул „Транспарентноста како компонента на политиката за интегритет“ е исто така во завршна фаза. ДКСК ги повика институциите од јавниот сектор, и на централно и на локално ниво, да го започнат процесот на воведување на системот за интегритет со потпишување на Политиката за интегритет и назначување лице за интегритет. До крајот на 2022 година, вкупно 85 институции од јавниот сектор потпишале Политика за интегритет и именувале лица за интегритет меѓу кои 67 општини.

Во втората половина на октомври 2022 година се одржале обуки за лица за интегритет од институциите на централната и локалната власт, за тоа како да ја следат примената на системот за интегритет. Во извештајниот период, национален експерт работеше на поддршка на пет општини за подготовка на потребните документи и акти и спроведување на активности поврзани со имплементација на системот за интегритет во избраните ЕЛС, под услов општините да имаат свои претставник во програмата за обука, да имаат назначено лице за интегритет и да имаат потпишано Политика за интегритет.

За потребите на ДКСК, а со поддршка на УНДП, во втората половина на 2022 година се спроведе Анализа-оценка на ранливоста од корупција во државните претпријатија на Република Северна Македонија, општините и градот Скопје, како и во акционерските друштва во доминантна сопственост на државата. Анализата беше основа за спроведување на следната активност од НС 2021-2025 година, за која е определена ДКСК како надлежна: Подготовка на антикорупциска програма за претпријатија во доминантна сопственост на државата и општините (единиците на локалната самоуправа).

Според анкетата со граѓаните на УНДП и МЛС од септември, 2023 година, процентот на испитаниците кои го делат мислењето дека корупцијата е многу (27%) и донекаде присутна (35%) во општините при реализација на нивните надлежности е на скоро исто ниво како во 2022 год. и на малку пониско ниво од 2021 год. Воедно, процентот на оние кои сметаат дека корупцијата

воопшто не е присутна (5%) е на исто ниво како во 2021 и 2022 год. Инспекторите (24%), директорите на јавните претпријатија и установи на општинско ниво (18%) и градоначалниците (15%) се функциите кои се најподложни на злоупотреби според перцепцијата на граѓаните. Компаративната анализа со резултатите од 2021 и 2022 год., не покажува позначителни промени во перцепцијата на граѓаните кога станува збор за функции во општината кои се најподложни на злоупотреби. Иако, како и во претходните две години, ист процент од испитаниците (82%) одговориле дека не им било побарано мито од било каков облик, последното истражување покажува малку поголем процент (10%) од минатата година (8%) на оние кои потврдија дека во изминатите 12 месеци нив лично или на некој од нивното потесно семејство им биле побарани пари, стока или услуга за завршување или забрзување на некоја работа во општината - овој процент беше 5% во 2017 год., 6% во 2018 и 2019 год. и 10% во 2021 год. Последните податоци откриваат повторно намалување на оние кои го делат мислењето дека во општините денес има значително помалку или малку помалку корупција (15%), после зголемување на 18% во 2022 год. и континуиран годишен надолен тренд во претходните години (од 24% во 2017, 21% - 2018, 17% - 2019 на 13% во 2021 год.). Од друга страна, најновите резултати откриваат зголемување на процентот на оние кои го делат мислењето дека во нивната општина денес има малку или значително повеќе корупција од 16% во 2022 год. на 24% во 2023. Исто така, како и во претходните години, најголем дел од испитаниците (42%) сметаат дека нема промени во однос на присутноста на корупција во општините споредено со периодот пред 12 месеци и дека таа е на исто ниво, што само по себе е индикација дека општините или не преземаат доволно мерки за сузбивање на оваа појава на локално ниво или тие мерки не се ефективни.

**Приоритет 1.2: Обезбедување доволно финансиски средства за спроведување на сите децентрализирани надлежности преку продлабочување на фискалната децентрализација**

**Мерка 1.2.1: Продлабочување на фискалната децентрализација низ постепено зголемување на приходите на општините преку зајакнување на сопствените извори на приходи, зголемување на фискалниот напор и повисоки трансфери од централниот буџет**

Во август 2022 година Собранието на Република Северна Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Направените измени и дополнувања се во насока на зголемување на приходите на општините, преку постепено зголемување на стапката од приходите од данокот на додадена вредност, кои се распределуваат на општините, и данокот на личен доход. Предвидено е приходите од данок на личен доход постепено да се зголемуваат од 3% на 6% до 2024 година, така што од денот на стапување на сила на законот до крајот на 2022 година на општините им се трансферираат по 4% од наплатените приходи од данокот на личен доход. Стапката за 2023 година изнесуваше 5%, додека во 2024 година општините ќе добиваат по 6% од наплатените приходи од данокот на личен доход. Како резултат на последните измени во законот, приходите на општините од личен доход во 2022 година се повисоки за 132 милиони денари, додека во 2023 година се очекува реализација од околу 800 милиони денари. Од своја страна, приходите од данокот на додадена вредност ќе се обезбедат во висина од 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година започнувајќи од 2024 година. Истите ќе се распределуваат во три дела и тоа: основен дел од 4,5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година, дел за перформанси од 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и дел за воедначување од 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Порастот е постепен така што во 2022 година, стапката изнесуваше 5% и во 2023 година, 5,5%. Во текот на 2022 година на

општините им се распределија 5% од наплатениот данок на додадена вредност, во три дела и тоа: основен дел од 4,5%, дел за перформанси од 0,25% и дел за воедначување од 0,25%. Во 2023 година на општините им се обезбедени средства во висина од 5,5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година, распределен во три дела и тоа: основен дел од 4,5%, дел за перформанси од 0,5% и дел за воедначување од 0,5%. Како резултат на измените во Законот, во текот на 2022 година општините добија дополнителни 291 милиони денари, а во 2023 година дополнителни 482 милиони денари.

Делот за перформанси ги наградува општините што имаат подобра реализација на сопствените приходи во споредба со планираните сопствени приходи и повисока наплата на сопствените приходи во тековната година во споредба со просекот од реализираните сопствени приходи во претходните три години. Делот за воедначување е наменет за надминување на разликите согласно фискалниот капацитет на општините поради ограничен капацитет на ресурси, односно општините кои што имаат пониски приходи од данокот на личен доход по жител добиваат дополнителни средства.

Во Министерството за финансии во тек е подготовка на Методологија за дефинирање, подготвување, разгледување, оценување и давање приоритет на новите проекти за јавни инвестиции (член 20 од новиот Закон за буџети). Истата треба да ја донесе Владата на предлог на Министерството за финансии, најдоцна до крајот на јуни 2024 г. Методологијата ќе треба да се применува и спроведува и од страна на општините.

Во средината на декември 2023 год, Владата на Република Северна Македонија, донесе одлука за пренамена на буџетски средства во износ од две милијарди денари коишто ќе бидат насочени за реализација на 66 проекти во најголем дел општини низ целата држава. Предвидено е овие средства да бидат наменети за реализација на проекти со коишто ќе се излезе во пресрет на потребите на граѓаните на локално ниво, како изградба и доградба на образовни и здравствени институции, спортски објекти, потоа реализација на проекти од областа на инфраструктурата, како и проекти од областа на заштита на животната средина со коишто се влијае на подобрување на здравјето на граѓаните.

Од страна на Министерството за образование и наука, во соработка со УНИЦЕФ и Светската банка, преку проектната единица за унапредување на услугите во основното образование, изготвена е нова формула за распределба на блок дотации по општини. Сепак, нејзината примена се одлага бидејќи, од една страна, потребно е да се обезбедат дополнителни средства, а од друга страна, се работи и на процесот на оптимизација на мрежата на основните училишта. Во средното образование новата формула за распределба на блок дотации е во почетен процес на изработка. Симулации се изготвени од страна на експерти ангажирани преку проектната единица за унапредување на услугите во основното образование.

Преку УНДП се работи на анализа на споредбени искуства за Уредбата за распределба на капитални дотации по општини која е вклучена како активност во ПФМ на Министерството за финансии.

Подготвен е Извештај за наплата на данок на имот со анализи и предлози за подобрување на законската рамка и ефикасна методологија за наплата. Министерството за локална самоуправа со поддршка на УСАИД заедно работеше со Министерството за финансии, ЗЕЛС и други одговорни чинители на анализата во насока на подобрување на квалитетот на системите за администрирање и наплата на општинските даноци и такси, со цел да се понудат како практични така и правни солуции за надминување на предизвиците во оваа област. Фокусот е претежно на данокот на имот каде се воочени најголеми предизвици во администрирањето и наплатата, а предлозите се однесуваат за сите општини и градот Скопје. Сите предлози се во насока на подобрување на процесот на администрирање и зголемување на наплатата на данокот на имот на национално ниво. Посебно значаен дел е посветен на предизвиците во проценката на недвижниот имот,

имајќи ги во предвид општинските капацитети, проблемите кои претходно се детектирани, одредбите согласно Законот за даноци на имот и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижниот имот, како и можностите за примена на масовна евалуација на имотите, потоа законско олеснување на пристапот кој треба да го имаат општините до базата на податоци кој ја води Агенцијата за катастар и сл. Со поддршка на УСАИД, подготвен е Извештај со предлог измени и дополнувања на Законот за даноците на имот.

Министерството за култура[15] во соработка со Министерството за финансии и СИГМА започна процес на ревидирање на формулата за утврдување на блок дотациите за 2025 година.

**Мерка 1.2.2: Зајакнување на капацитетот на единиците на локалната самоуправа за успешно администрирање и наплата на сопствените приходи**

Во јуни 2022 година, владата усвои нова Програма за реформи во управувањето со јавните финансии за 2022 - 2025 година. Програмата е составена од осум столбови. Во април 2023 година, беше објавен првиот годишен мониторинг извештај за 2022 година и нацрт-Акцискиот план за 2023 година. Во септември 2022 година, Собранието го усвои новиот Закон за буџетите. Законот обезбедува правна основа за неколку клучни реформи за управување со јавните финансии, вклучително и зајакнување на среднорочната подготовка на буџетот, ревидирање на буџетските класификации и воспоставување на Интегриран информациски систем за финансиско управување. Законот, исто така, има за цел да ја направи фискалната стратегија посеопфатна и да се развие поширок систем за следење на фискалните ризици, вклучително и за државните претпријатија и општините.

Активностите за спроведување на истражување со длабинска анализа на капацитетите на вработените во ЕЛС за управување со локалните јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетот, и за подготовка и спроведување на интегрална Програма за развој на капацитетот на општинската администрација за управување со локалните јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетот, ќе бидат спроведени во наредниот плански период.

Здружението на финансиските работници со поддршка на донаторската заедница но и финансирање на ЕЛС врши обуки во областите: процес на буџетирање, спроведување на пописите на средствата и нивните извори, финансиско известување, подготовката на Годишната/Завршната сметка и следење на финансиските резултати, анализа на финансиски извешти, финансиско управување и контрола, внатрешна контрола и внатрешна ревизија, управување со ризици, јавни набавки, администрирање на локалните даноци и такси и др. Неколку општини со поддршка од ЗФР го применуваат моделот на унифициран начин на презентирање на јавниот финансиски менаџмент, со користење на PEFA Моделот (PEFA - Public Expenditure and Financial Accountability / Извештај за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност).

**Мерка 1.2.3: Унапредување на внатрешната контрола и ревизија од страна на општините со цел да се подобри управувањето со јавните финансии и да се намалат ризиците поврзани со финансиската стабилност на општините, локалните установи и претпријатија**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 34 од 57 општини изјавиле дека спроведуваат внатрешна ревизија, а 28 општини спроведуваат и внатрешна финансиска контрола. Во поглед на внатрешна ревизија и финансиска контрола, урбаните општини во поголем процент ги вршат овие функции. Кај 67,7% од испитаните урбани општини е воведена внатрешна ревизија

[15] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

наспроти 50% кај руралните општини, односно во 54,8% од урбаните општини е воведена внатрешна финансиска контрола, наспроти 44% кај руралните. Во истата анкета има наод и дека 24 општини употребуваат алатки за управување со финансиските ризици.

Во периодот од 2021 - 2023 Министерството за финансии/Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор во соработка со експертите од Твининг проектот ,,Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола“, реализираше обуки/работилници за зајакнување на капацитетите на ЕЛС, на кои околу 30 лица од различни ЕЛС беа учесници. Организирана и одржана работилница „Односот помеѓу стратешкото планирање и планирањето на ресурсите и зајакнувањето на менаџерската одговорност“. Подготвена е презентација на новиот Прирачник за ФУК за избрани институции на централно и локално ниво. Беа организирани и спроведени 4 еднодневни работилници. Подготвена е анализа на стратешки, годишни и финансиски планови на пилот институциите. Одржана е средба со претставници на 5 пилот институции и изготвени се препораки за подобрување на каскадниот модел на цели СРД (од 5 пилот институции една е Град Скопје). Беше изработен и презентиран нацрт Прирачник за внатрешна ревизија (ВР) според новиот нацрт Закон за ЈВФК преку дводневни работилници пред внатрешните ревизори од централно и локално ниво. Спроведена е пилот ревизија, во една општина. Одржана е работилница за „ИТ ревизија“ и потреба од изработка на поглавје за вршење на ИТ ревизија, кое ќе биде составен дел на новиот Прирачник за внатрешна ревизија. Одржана е еднодневна Работилница на тема „ФУК – практична имплементација за буџетските корисници на централно и локално ниво“ како и Работилница: Единица за финансиски прашања - координативна улога за развој на ФУК и управување со ризиците во буџетската организација за вработените во ЕФП на централно и локално ниво. Работилницата придонесе за разбирање и практично искуство во процесот на внатрешна ревизија заснован на ризик за внатрешните ревизори на централно и локално ниво. Одржана е работилница на тема: „Процес на обезбедување на квалитет и подобрување на внатрешната ревизија (внатрешна и надворешна проценка)“.

На локално ниво околу 46% буџетски корисници имаат донесено Стратегија за управување со ризици, 39% од буџетските корисници ги документираат ризиците во работењето во регистар на ризици и околу 41% ги документираат ризиците во нивните плански документи. Со цел унапредување на процесот на управување со ризици, Министерството за финансии, подготви ,,Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година”, кој Владата на Република Северна Македонија го усвои а 181 - та седница, одржана на 29 август 2023 година. Покрај другите заклучоци за унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола, донесен е и заклучок кој се однесува за процесот на управување со ризици: ,,Се задолжуваат министерствата и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 30.04.2024 година да спроведат внатрешна ревизија на процесот на управување со ризици. Воедно, се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 31.12.2023 година на министерствата и единиците на локалната самоуправа да им даде насоки за спроведување на внатрешна ревизија на процесот на управување со ризици.“

**Мерка 1,2.4 Доследна примена на правилата за фискална транспарентност вклучувајќи навремено пријавување и евидентирање на обврските, а со тоа и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства**

Среднорочното проектирање и буџетирање, интегрираниот информатички систем за финансиско управување (ИФМИС), како и воведувањето Фискален совет и фискални

правила и принципи се главните реформи предвидени во новиот Закон за буџети (со примена од 01 јануари, 2025).

Во Законот за буџети кој е на сила утврдена е обврска за општините да објавуваат месечен и квартален извештај за извршување на буџетот на веб страницата на општината.

Во соработка со УНДП, во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети“ за повеќе од 50% од општините е обезбедена електронска платформа за објавување на кварталните и други финансиски извештаи за реализацијата на буџетите на ЕЛС, со тенденција до крајот на проектот алатката да биде воспоставена во сите 80 општини и во Градот Скопје.

Со цел зајакнување на фискалната дисциплина и одговорност на ЕЛС, во партнерство со Министерството за финансии, Проектот на УСАИД придонесе кон изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во делот на постапката за прогласување и надминување на фискалната нестабилност на ЕЛС, за што беше подготвен и детален Прирачникот за постапување на единиците на локалната самоуправа во услови на финансиска нестабилност.

**Мерка 1.2.5: Обезбедување сеопфатно учество на јавноста во процесот на подготовка на општинските буџети преку организирање буџетски форуми и примена на други современи алатки за собирање на мислења и предлози од граѓаните**

Од истражувања поврзани со функционирањето на локалната самоуправа, евидентно е дека во статутите на 2/3 од општините, инструментот Форуми во заедницата е прифатен како модел за консултации кој најчесто се користи за подготовка на општинскиот буџет.

**Мерка 1.2.6: Изградба на капацитети за доследна примена на начелото за родово одговорно буџетирање и споделување на успешните практики**

Со новиот Закон за буџети се зајакнува обврската за родово одговорно буџетирање (РОБ). Новиот Закон за буџети претставува витална влезна точка за систематска примена на родово одговорно буџетирање. Тој ја вклучува родовата еднаквост како еден од неговите клучни принципи, при што родово одговорното буџетирање е содржано во членовите поврзани со финансиските планови на буџетските корисници. Накратко, законот сега обезбедува прецизна дефиниција на РОБ, РОБ индикатори и РОБ извештаи, заложби за вклучување на родовите индикатори и изјава(и) за РОБ во нацрт-финансиските планови; наведување на сите РОБ изјави / иницијативи во нацрт-буџетот; како и објавување на сите РОБ изјави / иницијативи на веб-страниците на корисниците на буџетот. Дополнително, родовата еднаквост е земена како еден од 11-те главни принципи на Буџетот, утврдени во чл. 3 каде е наведено дека „принципот на родова еднаквост подразбира родово одговорно буџетирање, односно одржување родовата еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетските приливи и одливи“. Во членот 31, кој регулира сет содржина, за нацрт финансискиот план е наведено „барем една родова цел со формулација каде што е изводливо“.

Реформата за управување со јавните финансии, исто така, предвидува воведување на програмско буџетирање и интегриран информациски систем за финансиско управување, кои се важни начини за систематска примена на родово одговорно буџетирање. Понатаму, со новиот Закон за буџети, општините ќе бидат обврзани да поднесуваат и родови буџетски извештаи, што моментално не се применува.

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 30 од 57 општини, односно близу 53% од испитаните општини изјавиле дека имаат воспоставено родово одговорно буџетирање (РОБ).

UNWOMEN во соработка со 31 ЕЛС работат на изградба на капацитетите на родовата машинерија (координаторите и Комисијата за еднакви можности) на ЕЛС во РОБ. Проектот се стреми да го подобри животот на жените и мажите од најранливите групи преку користење на докажаните практики, идентификувани во претходните иницијативи за родово одговорно буџетирање. Дополнително, употребата на родово одговорното буџетирање се промовира како алатка која ќе им овозможи на локалните власти да ја препознаат вредноста и потенцијалот за локален развој и инклузивен раст преку инвестирање во социјални услуги кои се родово одговорни. Проектот ги става луѓето на прво место преку изнаоѓање решенија базирани на потребите идентификувани од страна на самите корисници како чинители за промена. Кај дел од ЕЛС се забележува вметнување на посебна ставка за еднакви можности во буџетот на ЕЛС за 2022 година што е добар пример и овозможува напредок на полето на еднаквите можности. Повеќето општини изработуваат Годишна програма за работа, имаат Стратегии за родова еднаквост и акциски планови за спроведување на стратегиите.

## Компонента 2: Иновативен и инклузивен локален економски развој

### Приоритет 2.1: Создавање на неопходни предуслови за забрзан економски развој и раст на единиците на локалната самоуправа

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека граѓаните продолжуваат да бидат најмалку задоволни од услугите што ги обезбедуваат општините во оваа сфера. Вкупната просечна оценка е 2,54. Скоро ист процент од испитаниците одговориле дека се задоволни или целосно задоволни од одделните аспекти кои беа предмет на оценка на степенот на задоволството во рамките на локалниот економски развој, и тоа: 24% од промовирањето и стимулирањето на локалниот економски развој и поддршката на развојот на индустријата, 23% од активностите за зголемување на вработувањето, обезбедувањето услуги за развој на земјоделието и од поддршката на развојот на мали и средни претпријатија, додека 21% изразија задоволство од учеството на граѓаните и деловните субјекти при изработка на општинските стратешки документи за развој. Од друга страна, најголем процент од испитаниците (55%) воопшто не се задоволни или не се задоволни од активностите за зголемување на вработувањето.

**Мерка 2.1.1: Продлабочување на соработката на општините со централната власт и другите засегнати страни за развој на општинските економски зони и привлекување на инвестиции но и во сите процеси за финансиска и друга поддршка на претпријатијата**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 28 општини од испитаните 57 изјавиле дека имаат формирано општински економски зони, а 20 општини имаат воспоставено јавно-приватни партнерства. По однос на варијаблата, урбани и рурални општини, повеќе од половина од урбаните општини имаат формирано општински развојни економски зони, наспроти 46,2% од руралните. Овој сооднос е уште поголем во поглед на јавно-приватни партнерства каде 41,9% од урбаните општини имаат склучено вакви договори, споредено со само 26,9% од руралните општини.

Подобрување на одредбите од Законот за концесии и јавно-приватни партнерства низ директна соработка со ЕЛС и приватниот сектор е активност во тек. Во насока на воспоставување ефективен систем за јавно-приватно партнерство и концесии и усогласување на законодавството оваа област со законодавството на ЕУ, формирана е меѓуресорска Работна група во која учествуваа претставници од ЗЕЛС и Стопанските комори, а која во соработка и со техничка помош на експертите од Светска банка, подготви Предлог Закон за јавно приватно партнерство кој е во

финална фаза на доусогласување со Секретаријатот за законодавство, пред истиот да биде доставен во владина процедура. Паралелно, беше подготвен и Предлог на Закон за концесии на добра од општ интерес, и истиот ќе биде доставен во владина процедура во пакет со Предлог Законот за јавно приватно партнерство. Со донесување на предметните закони ќе се воведат нови политики во соодветната област кои имаат за цел да обезбедат унифицирање на постапките, нивно поедноставување, заштеда на финансиски средства, подобро планирање и приоретизација на проектите, следливост и надзор над реализацијата на склучените договори, поголема транспарентност.

Според наменското истражување од 2023 година, 82% од општините одговориле дека не е започната активноста за продлабочување на соработката на општините со надлежните органи на државната управа и агенции за развој на општински економски зони и привлекување на домашни и странски гринфилд и браунфилд инвестиции.

**Мерка 2.1.2: Обезбедување на зајакната улога за општинските економско социјални совети како клучни партиципативни тела и промотори на локалниот економски и социјален развој на општините**

ЗЕЛС спроведува активности за воспоставување на економски совети и зголемено учество на граѓаните во процесот на донесување на одлуки во општините. Со проектот „Бизнис пријателско опкружување“ сертифицирани се неколку општини и реализирани се обуки во определен број на општини. Огласот за пријавување на нови општини е во тек. Целта на проектот е да се подобри комуникацијата помеѓу општините и приватниот сектор. Здруженијата на граѓаните се вклучени преку разни облици. ЗЕЛС со поддршка на УНДП организира обука и полагање на испити за модератори во партиципативните процеси – Форуми во заедницата.

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 15 од 57 општини изјавиле дека имаат воспоставено економско социјални совет. Руралните општини се евидентно попасивни споредено со урбаните општини, односно само 8,0% имаат воспоставено ЕСС, споредено со скоро половина од урбаните општини или 41,9%.

Во наменското истражување од 2023 овој % се подобрува. Од 49 општини, 58 % се изјасниле дека активноста за воспоставување на економско социјален совет е завршена или е започната.

**Мерка 2.1.3: Доследна партиципативна подготовка и спроведување на општинските стратегии и планови за ЛЕР со фокус на искористување на споредбените предности и паметна специјализација, воспоставувајќи притоа облици на соработка со соседни општини и на ниво на плански регион**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 45 од 57 испитани општини или 79% имаат усвоено повеќегодишна стратегија и/или акциски план за локален економски развој.

Во рамки на проектот на УНДП „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти, фаза 2“ финансиски поддржан од шведската влада, подготвени се Методолошки насоки за изработка на Интегрирани локални развојни планови (ИЛРП). Со оваа Методологија се дава конкретен придонес за подобрување на системот на локално развојно планирање преку интегрирање на елементи поврзани со Територијалната агенда на ЕУ 2030, Европскиот зелен договор и Зелената агенда за Западен Балкан, Агендата 2030 на ООН преку локализирање на Целите за одржлив развој, Парискиот Договор и поврзаната климатска акција и Рамката од Сендаи за намалување на ризици од катастрофи. Истовремено, со овој современ пристап кон развојното планирање на локално ниво, се зајакнуваат и аспектите на социјалната вклученост, и се предлагаат

мерки за позначајно и измерливо унапредување на услугите за граѓаните. Во моментов низ овој проект, вкупно 17 општини добиваат поддршка во подготовката/ревизијата на нивните локални развојни планови преку процес на практично учење. Преку друг проект на УНДП и МЛС со средства на швајцарската Влада поддржани се дополнителни 17 општини. Со новата генерација на интегрирани локални развојни планови ќе се воспостави сеопфатна стратешка развојна рамка за општините која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност вклучувајќи го и локалниот економски развој. На тој начин се овозможува, општините да ги употребуваат овие интегрирани развојни планови за исполнување на критериуми за мобилизирање на дополнителни средства од донации од различни извори, а особено критериумот општините да имаат стратегии или планови за локален економски развој.  Методологијата овозможува за прв пат да се поврзат планирачките процеси со Законот за буџети, во делот на развојниот буџет. Имплементацијата на ИЛРП и усогласувањето на секторските програми како дел од ИЛРП, со глобалните цели за одржлив развој преку нивна постепена и иновативна локализација, ќе придонесе за значително поинтензивен и подобро избалансиран и во исто време - одржлив развој на општините во Северна Македонија, како и подигање на квалитетот на животот на сите граѓани. До овој момент, локалните развојни планови најчесто се подготвуваа како тематски или секторски планови за една област од локална надлежност, и притоа не обезбедуваа поцелосна вертикална усогласеност со интегрирани развојни и плански документи од повисок ред, а не ретко целите на различните тематски планови во општините се во колизија, со сите придружни потешкотии, особено при подготовка на општинските буџети.

Во рамки на истиот проект функционира Фонд за подготовка на сеопфатна техничка документација за проекти за развој на општинската инфраструктурата кој треба да биде преземен како механизам од страна на Бирото за регионален развој.

Осум  од испитаните 57 општини во 2022, имаат  воспоставено облик за меѓу општинска соработка за локален економски развој.

Дури 85% од општините во наменското истражување во 2023 се изјасниле дека активноста унапредување на интероперабилноста на општините со надлежните државни органи на управа за прашања поврзани со економскиот развој и создавање на стандардизирани бази на податоци за ЛЕР вклучувајќи и социјални претпријатија во секоја општина не е започната.

**Мерка 2.1.4: Зајакнување на постоечките и трансфер на нови надлежности во туризмот и угостителството, и во областа на земјоделието и руралниот развој**

Во рамките на Проект за локална и регионална конкурентност во областа на туризмот финансиран од страна на ЕУ а кој беше спроведен преку индиректно управување од страна на Групацијата Светска банка (ГСБ) преку Доверителски фонд од еден донатор, беше подготвен модел на организација за управување со дестинации каде што клучна улога треба да имаат општините. Истиот модел поради потребата од законски измени во моментов не може да се имплементира. Исто така подготвен е предлог, согласно европски стандарди за трансфер на надлежности во општините се со цел подобра промоција на туристичките потенцијали на истите но имајќи предвид дека се потребни законски измени во овој дел активноста ќе биде започната во 2024 година.

**Мерка 2.1.5: Обезбедување зајакнато учество на општините во спроведување на националните стратегии за развој на малите и средни претпријатија, индустријата, женското претприемништво, формализирање на неформалната економија и развој на туризмот**

Министерството за економија[16], преку Секторот за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија ги поддржува жените претприемачи. Во 2023 година беа објавени два јавни повици за оваа цел. Имено, секоја година се објавува Јавен повик за субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија, во кој се олеснети условите за аплицирање кај жените претприемачи. Доколку претпријатието е во сопственост и управувано од жена, треба да вработува најмалку едно лице при што вработеното лице треба да биде сопственик (над 50%) и управител на претпријатието. Со овој повик се кофинансираат 40% од докажаните трошоци направени за набавка на машини, но не повеќе од 250.000 денари по барател. Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој, апликантите, покрај износот за кофинансирање добиваат и дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион од каде е седиштето на апликантот. Дополнителна финансиска поддршка се пресметува врз основа на процентуалната разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител на планскиот регион во кој е седиштето на апликантот.

Во 2023 година, по јавниот повик за ММСП субвенционирани се 22 жени со вкупно 4.954.280,00 денари. Покрај оваа активност, во 2023 година, Министерството за економија објави јавен повик за субвенционирање на женско претприемништво за дигитализација на деловни процеси. Предмет на овој јавен повик е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50 %) и управувани од жени, кои вработуваат најмалку две лица (сопственичката на претпријатието и еден вработен), преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 100.000 денари по барател, направени за следните намени: развој или набавка на дигитални решенија и технологии со цел дигитална трансформација на деловните процеси или производство и/или Имплементација, адаптација и интеграција на дигитални решенија и технологии. Во 2023, по јавниот повик за женско претприемништво субвенционирана е само една жена со вкупна сума од 156.040,00 денари.

МЕ[17] во рамките на програмските активности во 2023 година планира да објави јавна набавка за подготовка на Национална Стратегија за туризам, за што има обезбеден буџет во Програмата за 2023/2024 година.

**Мерка 2.1.6: Вклучување на здруженијата на граѓани во процесот на подготовка и спроведување на политиките и мерките за локален економски развој а преку нив и на ранливите категории од населението со цел да се јакне социјалното претприемништво, да се инкубираат социјални претпријатија и старт-ап бизниси, порешително да се поддржат жените во отворање и водење бизнис и систематски да се намалуваат бариерите за пристап на жените до пазарот на труд**

Министерството за економија[18] во 2023 година објави јавен повик за кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели, со кој се кофинансираат 70 % од докажаните трошоци за реализација на проекти, но не повеќе од 350.000,00 денари поединечно по барател. Во јавниот повик беше предвидено кофинансирање на проекти на: 1) фондации и здруженија, формирани за цели поврзани со развој, поддршка и промоција на претприемништвото и конкурентноста на МСП, 2) проекти на здруженија, фондации и занаетчиски комори за развој и промоција на занаетчиството, и 3) проекти на претпријатија, фондации и здруженија кои работат како мрежи/клубови на бизнис ангели.

---

[16] Од 10.06.2024, Министерство за економија и труд -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[17] Ибид.,

[18] Ибид.,

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 3 од испитаните 57 општини изјавиле дека обезбедуваат финансиска помош како облик на поддршка на претпријатијата. Сепак најголема поддршка на претпријатијата со седиште во општината е во облик на нефинансиска поддршка, односно 31 општина овозможуваат ваква поддршка. Нефинансиската поддршка на општините за приватните претпријатија се испорачува преку следниве облици:

- ✓ Информации со повици за аплицирање за развојни проекти;
- ✓ Промовирање на поврзување на бизнисите;
- ✓ Консултации и презентации за можности за инвестирање;
- ✓ Консултација и презентација на урбанистички планови;
- ✓ Техничка помош и логистичка поддршка при аплицирање за разни видови проекти и фондови;
- ✓ Достава на информации за активни мерки од државни органи на управата и агенции;
- ✓ Промоција на типични индустрии за општината (винарии, туристичка понуда и сл.)
- ✓ Достава на информации за достапни средства и грантови за поддршка на мали и средни претпријатија од страна на донатори;
- ✓ Помош за маркетинг активности и влез на пазари;
- ✓ Одржување редовни средби со бизнис заедницата поради информирање на тековни активности на општината;
- ✓ Организирање обуки;
- ✓ Советување и правна помош;
- ✓ Вклучување во проекти со кои аплицира општината;
- ✓ Промоција на саеми;
- ✓ Организирање на работилници на разни теми од интерес на приватниот сектор (енергетска ефикасност, дигитализација, иновации и сл.);
- ✓ Организирање Б2Б средби.

Генерално, нема голема разлика помеѓу руралните и урбаните општини во поглед на финансиската и нефинансиската поддршка на приватните претпријатија. Ваквите модели на поддршка се нешто позастапени кај урбаните општини, односно 6,5% од урбаните општините даваат финансиска поддршка, а 60,0% од нив и нефинансиска поддршка на приватните претпријатија.

Според истата анкета, мал број општини обезбедуваат директна поддршка за развој на претприемништвото во сите негови облици како и по однос на справување со невработеноста, а особено поврзано со ранливите групи. Помалку од 20% од испитаните општини спроведуваат програми со мерки за поддршка на претприемништвото и намалување на невработеноста. Општините се пасивни и во поглед на создавање и управување со евиденцијата на состојбите на пазарот на трудот, каде што само 35% или 20 од испитаните 57 општини, манифестираат проактивен однос. Истото се должи првенствено на недоволната децентрализација во областа на локалниот економски развој и социјалната заштита, каде суштински овие надлежности се спроведуваат од страна на релевантни органи на државната управа и специјализирани државни агенции и центри, и покрај тоа што овие области на надлежност со Законот за локалната самоуправа се утврдени како изворна надлежност на општините.

Мал дел од општините спроведуваат и активни мерки за намалување на невработеноста:

- ✓ Пилот проекти за специфични занимања во соработка со партнери;
- ✓ Јавни работи со учество на долгорочно невработени лица и социјални случаи;
- ✓ Програма за општокорисна работа;
- ✓ Поддршка за стартапи за млади лица;
- ✓ Субвенции за само(себе) вработување;

- ✓ Субвенции за ново работно место.

Според наменското анкетно истражување од 2023, 77% од анкетираните општини се изјасниле дека ја завршиле или започнале со реализација на активноста за продлабочување на соработката на ЕЛС со здруженијата на граѓани и фондации како и организации од приватниот сектор за нефинансиска поддршка на претпријатијата.

**Мерка 2.1.7: Подготовка и спроведување на програми за развој на човечките капацитети во администрацијата на општините**

Во рамки на проект на УНДП, поддржан од шведската Влада, пилотиран е Фонд за техничка документација (ФТД) како финансиски инструмент/шема за грантови што обезбедува финансирање на општините и центрите за регионален развој за подготовка на сеопфатна техничка документација за проекти за развој на инфраструктурата. Врз основа на повратните информации од локалните самоуправи, покрај финансиската, се очекува ФТД да обезбеди и техничка помош конкретно насочена кон помалите и помалку развиените општини. Планирано е ФТД да се интегрира во Бирото за регионален развој. За таа цел, Проектот ќе го поддржи процесот на прилагодување на соодветен правен, институционален и финансиски модел.

Во рамките на проект на УСАИД спроведени се 361 активности за техничката поддршка на 63 партнер – општини, со кои зајакнати се капацитетите и вештините на 1091 вработени во општинската администрација за поефикасно извршување на работните задачи и испорачување на услугите кон граѓаните.

Во МЖСПП - Сектор за одржлив развој функционира Одделение за подготовка на проекти со цел да им се помогне на општините да подготват инфраструктурни проекти и со истите да аплицираат на годишната програма за инвестиции која МЖСПП ја објавува и со која се распределуваат финансиски средства за општините.

Според наменското истражување од 2023 година, 62% од 49 општини се изјасниле дека реализирале или се во процес на реализација на обуки за ЛЕР и водење на проектен циклус.

**Мерка 2.1.8: Воспоставување стимулативна локална даночна политика и обезбедување поволности за приватниот сектор**

Со поддршка на проект на УСАИД, беше воспоставена Работна група за мобилизирање на сопствените извори на приходи во ЕЛС, составена од 9 институции меѓу кои Мин. за финансии, Мин. за транспорт и врски, Мин. за локална самоуправа, Агенцијата за катастар на недвижности, ДЗР, ЗЕЛС, две општини и Комисијата за локална самоуправа при Собранието на РСМ. Во соработка со групата беа подготвени измени на Законот на даноците на имот кои се доставени до Министерството за финансии, за понатамошно постапување. Во поглед на спроведувањето на локалната фискална политика, 39 општини преку 117 активности беа поддржани во унапредување на организацијата и работата на даночните одделенија како и подобрување на ефикасноста во администрирањето на даноците на имот со цел зголемување на сопствените приходи на општините и воспоставување на правично оданочување на сите даночни обврзници. Во делот на обезбедување услови за поттикнување и развој на деловниот сектор, со директна поддршка, 10 општини подготвија 5-годишни стратегии за локален економски развој кое беа усвоени од советите на општините. 5 општини развија и на својата веб страница објавија билтени за поттикнување на економскиот развој. Овие билтени континуирано се ажурираат и споделуваат со деловната заедница. Дополнително, две општини формираа локални економски социјални совети кои имаат за цел јакнење на партнерството помеѓу општината и бизнис заедницата и

промовирање на иницијативи кои ги помагаат локалните бизниси и овозможуваат раст на заедницата.

Во 2022, само 10 од 57 анкетирани ЕЛС спроведуваат стимулативна даночна политика за приватниот сектор. Сличен тренд покажува и наменското истражување од 2023, според кое 75% од општините (од вкупно 49 општини кои одговориле на прашалникот) не ја започнале активноста за обезбедување поволности за приватниот сектор.

**Мерка 2.1.9: Одржливо и систематско собирање на податоци и создавање на статистика на ниво на општини која потоа може да се искористи за пресметување на Индекс на локален развој**

Низ проект на УНДП со средства на шведската влада во тек се активности за надградба на Индексот за развој на општините – Индекс за локален развој како и за изнаоѓање на одржливо институционално решение за преземање на базата на податоци, редовно спроведување на статистички истражувања и пресметување на Индексот на општински развој на начин кој обезбедува родово разделена статистика.

**Приоритет 2.2: Развој на локални политики за намалување на невработеноста и спроведување на комплементарни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа**

**Мерка 2.2.1: Засилено вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд, како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е можно поцелисходни мерки за намалување на невработеноста со фокус на најранливите групи од населението, вклучувајќи ги младите и жените**

АВРСМ ги имплементира годишните оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Носител на оперативните планови е Министерството за труд и социјална политика. Во рамките на оперативните планови се имплементираат активни програми и мерки како и услуги за вработување. Во оперативните планови посебен акцент се става на младите невработени лица до 29 години, долгорочно невработените, како и на корисниците на минимална помош. Исто така, со активните мерки се опфатени и други ранливи категории на невработени лица. Сите евидентирани невработени лица, како и работодавачите имаат пристап до програмите, мерките и услугите за вработување. Правото на учество се определува врз основа на условите и критериумите дефинирани за секоја одделна програма и мерка за вработување. Активностите во рамките на оперативните планови за 2021 и 2022 година се реализирани додека оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година е сеуште во тек.

Согласно оперативните планови, реализирани се повеќе видови активни програми и мерки за вработување како што се програмите: Поддршка за самовработување (претприемништво), Поддршка за креирање на нови работни места, Обуки, Обуки за развој за дигитални вештини, Практиканство, Програма за работно ангажирање, Економија на грижа и др.

Во оперативните планови се реализираат следните активни програми и мерки за вработување во кои се вклучени ЕЛС:

- Програма за работно ангажирање со активната мерка Јавни работи и
- Програмата Економија на грижа со мерката Општинско-корисна работа.

Од Оперативен план 2021, реализиран опфат на лица е 11292, од кои во мерките Јавни работи и Општинско - корисна работа опфатени се 1225 лица. Од Оперативен план 2022, реализиран опфат на лица е 11553, од кои во мерките Јавни работи и Општинско корисна работа

опфатени се 1185 лица. Од Оперативен план 2023 (состојба 30.09.2023), реализиран опфат на лица е 6738, од кои во мерките Јавни работи и Општинска корисна работа опфатени се 855 лица.

УНДП и МОН изработија развоен концепт за воспоставување на Регионални центри за стручно образование и обука, каде што е претставена улогата на овие центри и нивните активности, со фокус на учениците и возрасните и вработливоста на ранливите групи. Концептот за основно образование на возрасните, интегрираните наставни програми за основното образование за возрасни и концептот за средното образование за возрасни обезбедуваат стратешки насоки за завршување на формалното задолжително образование од страна на возрасните, како и процедури и барања кои се однесуваат на националните и локалните власти.

Во 2022, само 8 од 57 анкетирани ЕЛС спроведуваат сопствена програма со активни мерки за намалување на невработеноста во општината.

Подготвена е националната стратегија за млади за 2023-2027 година, која допрва треба да се усвои.

**Мерка 2.2.2: Подготовка на евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините и мапирање на потребите од вработување (структура на вработени и невработени, можности за обука, понудата и побарувачката и други прашања кои се битни за правење на анализи на потребите од знаења и вештини)**

Во 2022, 10 од 57 анкетирани ЕЛС земале активно учество во мапирање на невработените лица, активните баратели на работа и потребите од вработување во приватниот сектор и 20 ЕЛС водат евиденција за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општината.

Во 2023 според наодите на анкетното истражување, 64% од 49 општини се изјасниле дека завршиле или започнале со активноста за мапирање на невработените лица, активните баратели на работа и потребите од вработување во приватниот сектор и подготовка на евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините низ собирање и размена на податоци за потенцијалните корисници на активните мерки за вработување.

**Мерка 2.2.3: Искористување на постоечките капацитети на стручните установи за обезбедување образование на возрасни, вклучувајќи воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка**

Според наодите од анкетното истражување од 2023 само 4 од вкупно 49 општини одговориле дека оваа активност е завршена.

| Компонента 3: Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението |
|---|
| **Приоритет 3.1:Поквалитетно основно и средно образование во функција на забрзан социо-економски развој на единиците на локалната самоуправа** |

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП ,спроведено во септември, 2023 се воочува дека граѓаните продолжуваат да бидат најзадоволни во однос на близината на училиштето (59% изјавиле дека се задоволни или целосно задоволни), потоа во однос на генералното задоволство со основното образование (58% од испитаниците одговориле дека се задоволни или целосно задоволни). Најниското ниво на задоволство продолжува да биде во однос на исхраната на децата (само 30% одговориле дека се задоволни или целосно задоволни) и на вкупните трошоци за образование на детето споредени со примањата (само 27% изјавиле дека се задоволни или целосно задоволни).

Во однос на 2022 год. компаративната анализа покажува малку пониско просечно ниво на задоволство на граѓаните во однос на шест (6) од 13 аспекти кои беа предмет на оценка во овој дел од истражувањето, и тоа во однос на генералното задоволство со основното образование (од 3,63 на 3,49), генералното задоволство со средното образование (од 3,42 на 3,32), квалитетот и стручноста на наставен кадар (од 3,44 на 3,34), близината на училиштето (3,70 на 3,56), состојбата на зградата и условите во училиштето (3,53 на 3,39), и во однос на подеднаковиот третман на сите деца во училиштето (од 3,33 на 3,14). Од друга страна, најновите резултати покажуваат и одредено подобрување на просечното задоволство на граѓаните, и тоа особено во однос на вкупните трошоци за образование на дете споредени со примањата (од 2,68 на 2,79).

**Мерка 3.1.1: Оптимизација на мрежите на училишта за основно и средно образование**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 13 од испитани 57 општини, изјавиле дека имаат план за оптимизација на мрежата на основни училишта. По однос на средните училишта тој процент е намален на 14% (8 општини) но предвид треба да се има фактот дека средни училишта постојат во 32 од 57 - те анкетирани општини. Во поглед на подготвени планови за оптимизација на мрежата на основни училишта, поголем е процентот на рурални општини (34,6%) кои имаат подготвено ваков план, споредено со само 12,9% од урбаните општини.

**Мерка 3.1.2: Унапредување на системот за финансирање на основното и средно образование и обезбедување доволно финансиски средства за непречено одвивање и повисок воедначен квалитет на наставата како и целосен опфат на ученици во основните и средни училишта**

Согласно постојната методологија за распределба на блок дотации за образование средствата во 2022 година изнесувале 17.239.000.000, а во 2023 година 20.315.960.000, што претставува зголемување за 3.076.960.000. Со блок дотациите се обезбедени средства за покачување на платите од 15% од септември 2022 година, 3% од јануари 2023 година и 15% од септември 2023 и за прв пат исплата на регрес за годишен одмор согласно Општиот колективен договор за вработени во јавниот сектор.

Учеството на платите во вкупната блок дотација за основно образование изнесува 89%, и сеуште е високо од причина што оптимизацијата на училишната мрежа не се одвива според планираната динамика, а вкупниот износ наменет за блок дотации е согласно ограничувањата на висината на средствата од Министерството за финансии. Мора да се напомене дека бројот на ученици е во постојан тренд на намалување, а оптимизација на мрежата и прилагодување на бројот на вработени на бројот на постојните ученици треба да претставува приоритет за единиците на локалната самоуправа бидејќи во спротивно и новите методологии за распределба на блок дотации нема да можат да ги дадат посакуваните резултати односно ефикасност, ефективност и поголем квалитет во воспитно образовниот процес.

Според МОН активноста за изготвување на стандардизирана методологија за распределба на дотациите по училишта на ниво на општина треба да биде преиспитана бидејќи секоја општина има свои специфики кои треба да влијаат на изборот на критериуми за распределба на дотацијата по училишта. Исто така, според МОН, во законите за основно и средно образование е утврдено на кои ученици им следува остварувањето на правото за бесплатен превоз до училиште и обратно.

**Мерка 3.1.3: Дизајнирање и спроведување на повеќегодишна програма за зголемување на бројот на училишта со етнички интегрирани ученици и соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграција**

МОН за потребите на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за национални малцинства на Советот на Европа во учебната 2021/2022 направи Извештај за состојбата со вршење настава на различните јазици при што се констатираше дека во 277 основни училишта настава се реализира на македонски наставен јазик и друг јазик. Во 182 основни училишта се реализира само на македонски наставен јазик. Односно во вкупно 95 основни училишта се реализира настава и на македонски и на уште еден или повеќе наставни јазици. Во 137 училишта се реализира настава на албански наставен јазик, од нив во вкупно 61 основно училиште се реализира настава само на албански наставен јазик, додека во вкупно 76 основни училишта се реализира настава на албански јазик и на уште еден или повеќе наставни јазици. Настава на турски наставен јазик се реализира во вкупно 40 основни училишта, од кои само на турски наставен јазик се 2 основни училишта. Настава на српски наставен јазик се реализира во вкупно 4 основни училишта. На босански наставен јазик наставата се реализира во 2 основни училишта. Сумарно, од 344 основни училишта, во 237 училишта е пријавено дека се реализира настава на различни наставни јазици. Од нив 100 училишта одговорија дека учат заедно, додека 137 училишта одговорија дека учениците од различните наставни јазици не учат заедно. Воедно, со системско решение од Законот за основното образование (член 46) со цел унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција секое училиште е должно:

- Директорот на училиштето да формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници;
- Тимот за училишна интеграција да планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција;
- Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително да изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

Со цел да добијат финансиска поддршка за овие активности МОН објавува јавен повик на интернет страната на Министерството, еднаш во годината во месец октомври. За доделување на средства за реализација на активностите од Министерот е формирана Комисија составена од тројца претставници на МОН и по еден претставник од Бирото и Државниот просветен инспекторат. Висината на средствата по училиште изнесува најмногу до 30.000 денари. Минатата учебна година 2022/2023, 72 основни училишта добија финансиска поддршка од 30.000 денари.

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 24 од испитани 57 општини изјавиле дека во нивните основни училишта се реализира настава на два и повеќе јазици, а во 10 општини и во средните училишта. Притоа треба да се има во предвид дека не сите испитани општини ги одликува понагласен диверзитет на етнички заедници.

**Мерка 3.1.4: Целосно интегрирање на децата од заедницата на Ромите во образовниот процес**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, во поглед на образованието на децата од ромската заедница, 12 од 57 општини имаат формирано тимови за овие ученици, а 15 општини ги покриваат трошоците за нивно предучилишно образование. Притоа, треба да се има предвид дека во само 8 општини од 57, ромската заедница надминува 5% од вкупното население.

Во рамките на учебната 2021/2022 година во основното образование, Министерството за образование и наука (МОН) ангажира 35 образовни медијатори Роми од 26 општини. За учебната 2021/2022 година, МОН додели 891 стипендии за средношколци Роми, а за учебната 2022/2023

година доделени се 920 стипендии за средношколци Роми. Бројот на ангажирани ромски образовни медијатори, според потребите, е зголемен на 40 за 2022/2023 година. Паралелно со зголемувањето на бројот на ангажирани медијатори, се зголеми и бројот на општините во кои работат од 26 на 28 општини.

**Мерка 3.1.5: Целосна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес и прилагодување на физичкиот простор и наставните помагала кон нивните потреби**

Согласно законот за основно образование од 2019 година, во основното училиште се формираат два вида инклузивни тимови :

- училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и
- инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план или по модифицирана наставна програма.

Согласно, интерните податоци на Министерството за образование и наука, 98% од училиштата ги имаат формирано инклузивните тимови. Оваа активност нема фискални импликации. За обезбедување континуиран професионален развој на наставниците во поглед на инклузивното образование, во каталогот на акредитирани програми за обука за наставниците од основното образование на Бирото за развој на образованието, наставниците и стручните соработници имаа можност да изберат две обуки на тема „Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост“ и „Инклузивно образование во пракса“. Освен тоа, Бирото за развој на образованието со поддршка на УНИЦЕФ изготви два модула за обука на училишните инклузивни тимови на тема „Индивидуален образовен план“ и „Модифицирана програма“. Со обуката беа опфатени сите училишни инклузивни тимови од сите основни училишта.

Од направените проценки, препорачана е образовна помош на 884 деца со попреченост во рамките на редовното образование, додека МОН за учебната 2022/2023 година обезбеди средства во износ од 5,7 милиони евра за вработување на 725 образовни асистенти кои даваат поддршка на наставниот кадар при работа со 850 ученици со попреченост. Сите специјални училишта се трансформирани во основни училишта со ресурсен центар, додека посебните паралелки (23 на број) во центри за поддршка. Како резултат на преземените активности, зголемен е бројот на деца со попреченост запишани во редовните основни училишта и во центрите за поддршка во рамките на редовните училишта, т.е. запишани се 2108 ученици, наспроти 365 деца со попреченост кои се запишани во основните училишта со ресурсен центар и во центрите за поддршка во рамките на овие училишта.

Реализирани се вкупно 12 грантови/пакети за поддршка за целосно опремување на 6 сензорни простории, надградба на 2 сензорни простории, опремување на 1 инклузивно игралиште и опремување на 3 сензорни катчиња во 12 основни училишта. Во однос на подобрувањето на условите за физички пристап до образовните институции за лицата со попреченост, Министерството за образование и наука, со поддршка на Светска банка обезбеди финансиски средства за реконструкција на 118 основни училишта од сите општини. Тоа значи дека ќе се изградат пристапни рампи, ќе се реновираат санитарните јазли и ќе се изградат посебни тоалети за учениците со попреченост.

**Мерка 3.1.6: Формирање на одделенија за образование во рамките на поголемите единици на локалната самоуправа и воспоставување облици на меѓуопштинска соработка, со цел да се помогне на помалите единици на локалната самоуправа да постигнат поусогласен квалитет на образовните услуги и подобро да се поврзат со пазарот на труд**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 5 општини од 57 изјавиле дека имаат воспоставено облик за меѓу општинска соработка за образование.

**Приоритет 3.2: Унапредување на локалните услуги поврзани со социјалната заштита и заштитата на децата од страна на единиците на локалната самоуправа**

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП, спроведено во септември, 2023, се забележува дека најголемиот процент од испитаниците (56%), како и во 2021 и 2022 год., одговориле дека се задоволни или целосно задоволни со градинките и згрижувањето на децата. Од друга страна, 60% од испитаниците одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни од домовите за деца без родители, односно, 58% од установите за зависници од алкохол и дрога.

Споредено со истражувањата спроведени во периодот 2017-2022 год., вкупната просечна оценка за 2023 година (2,61) укажува на малку повисоко просечно задоволство на граѓаните од услугите во оваа област споредено со резултатите од 2022 год. и оние од 2017 - 2019 год., но малку пониско споредено со 2021 год. Компаративната анализа на просечните оценки за оваа област со оние од 2022 год., покажува мало подобрување на задоволството на граѓаните во однос на четири (4) од седумте (7) оценувани аспекти, и тоа во однос на: социјална грижа и поддршка за стари и изнемоштени лица (од 2,67 на 2,72), услуги за лица со попреченост (од 2,65 на 2,69), домови за деца без родители (од 2,06 на 2,15) и установи за зависници од алкохол и дрога (од 2,01 на 2,15). Во однос на останатите аспекти, резултатите од последното истражување укажуваат на малку пониско просечно ниво на задоволство на граѓаните.

На прашањето 'Кој би бил најсоодветен испорачател на сите овие услуги?" како и претходните години, најголемиот процент од испитаниците (47%) одговориле дека тоа би била локалната власт, додека проценотот на оние кои сметаат дека тоа би била централната власт (26%) како тековен испорачател е на ниво од 2019 и 2022 год., и малку повисок од 2021 год. Значително помали проценти на испитаниците сметаат дека тоа би биле јавно-приватно партнерство (8%), приватниот сектор (5%), односно здруженија на граѓани (4%). Со ова повторно се потврдува дека граѓаните продолжуваат да го делат мислењето дека услугите од значење за локалното население најдобро е да ги обезбедуваат локалните власти. Од резултатите исто така може да се забележи дека свесноста на граѓаните за алтернативните начини на испорачување на локалните услуги, како што се јавно-приватно партнерство, или соработка со приватниот или граѓанскиот сектор, продолжува да биде на ниско ниво.

**Мерка 3.2.1: Активно учество на општините во процесот на деинституционализација**

Со спроведување на процесот на деинституционализација паралелно се спроведуваше и процес на зајакнување на системот за згрижување на деца/лица во згрижувачки семејства. За таа цел со Законот за социјална заштита од 2019 година беше предвидено формирање на Центри за поддршка на згрижувачки семејства кои имаат задача да го промовираат згрижувањето на деца во згрижувачки семејства како и да дадат поддршка на постојните згрижувачки семејства кои во моментот се 360 и во кои се сместени 608 корисници. Во оваа насока како посебна беше предвидена услугата „поддршка на згрижувачки семејства„ и беше создадена можност поддршката да ја даваат и други даватели освен државните институции. Така денес во РСМ има три центри за поддршка и тоа еден кој е дел од ЈУ Детски дом 11 Октомври во Скопје, еден во ЈУ за доенчиња и мали деца во општините Битола и засебен Центар за поддршка на згрижувачки семејства управуван од СОС Детско село.

Во системот на социјална заштита и во делот на социјални услуги, во партнерство со општините, дел од општините склучуваат договор со даватели на услуги за социјална заштита за отстапување на објекти за одреден временски период. Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, договори со здружение на граѓани за тековна испорака на услуги од областа на социјалната заштита, се склучени во 17 од 57 испитани општини.

Во моментов функционираат вкупно 57 станбени единици за живеење со поддршка на деца и лица со попреченост, во кои се сместени 265 деца и лица со попреченост, кои претходно биле згрижени во старите установи. Во однос на децата без родителска грижа, услугите во заедницата и подрегионалните центри за помош на згрижувачки семејства се достапни низ целата земја. Повеќе нема деца со попреченост или без родителска грижа кои се сместени во институции.

Усвојувањето на Методологија за лиценцирање и пресметување на трошоците за социјални услуги овозможи да се воспостават и да се подобрат социјалните услуги. Бројот на лиценцирани даватели на социјални услуги континуирано се зголемува. До март 2023 година лиценцирани се вкупно 85 граѓански организации и приватни даватели на услуги.

**Мерка 3.2.2: Востановување на општинските и регионалните совети за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа и подготовка на социјалните планови врз основа на сеопфатно мапирање на ранливите групи и нивните потреби**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, малку над половина од испитаните 57 општини изјавиле дека имаат повеќегодишен план или стратегија за социјална заштита (31 општина, односно 54%), а блиску половина од нив (51%) располагаат со евиденција на ранливи групи и поединци вклучувајќи ги и нивните специфични потреби. 41 од 57 општини имаат воспоставено општински Совет за социјална заштита.

Според наодите од анкетното истражување од 2023, од вкупно 49 општини, 41% се изјасниле дека завршиле или започнале со процесот на реализација на активноста воспоставување на социјални совети.

УНДП, заедно со МТСП[19], изработија прирачник, водич и упатство за основање и функционирање на општинските совети за социјална заштита, кои се задолжителни согласно Законот за социјална заштита, и притоа поддржаа неколку општини во изработката на нивните Социјални планови, и организираа и обучија членови на општинските совети за социјална заштита. Како продолжение, во 2022 година беа изработени и усвоени документи од страна на МТСП[20] со кои се објаснува улогата и одговорноста на Регионалните совети за социјална заштита, за што беше организирана обука за сите регионални структури.

ЗЕЛС ги подржува општините во процесот на изработка на социјални планови, реализира обуки на советите за социјални работи. Преку БФС проектот ЗЕЛС ги подржува општините следењето на реализацијата на стратешките планови. Посебен осврт се дава на родовата еднаквост, ЗЕЛС формираше лоби група за родова еднаквост на локално ниво, и во рамките на напорите за поголема визибилност и транспарентност изработи веб страна за родово одговорно буџетирање.

**Мерка 3.2.3: Постепено инволвирање на општините во управувањето со центрите за социјална работа и дневните центри за испорака на различни видови социјални услуги а со цел да се обезбеди висок степен на комплементарност на вложувањата во социјалната заштита на двете**

[19] Од 10.06.2024, Министерство за социјална политика, демографија и млади -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)
[20] Ибид.,

**нивоа на власт но и да се овозможи отворање канцеларија на центрите за социјална работа во секоја општина**

Давањето на услугите во центрите за дневен престој е согласно потребите на корисниците и притоа не е исклучена можноста, дневните центри да функционираат во две смени.

Основана е Јавна општинска установа за социјални услуги - Центар за дневен престој за лица со попреченост „СРЕЌА“ во населба Чашка, Општина Чашка. Дадена е дозвола за вршење работа во социјалната заштита и социјалните услуги за: Центар за дневен престој на стари лица на Црвениот Крст на Република Северна Македонија - Општинска Организација Крива Паланка ; Центар за дневен престој на лица со попреченост на Здружението за инклузија, креативност и иницијативи ИНТЕРАКЦИЈА ПЛУС-Скопје и на Центар за дневен престој на лица со попреченост - индивидуален третман на деца со попреченост во просториите на ООУ ,,Беса“ Тетово на Здружението на граѓани за подигање на психосоцијалната свест ИМАГО ПЛУС – Скопје. Основан е и Центар за дневен престој за стари лица во Крива Паланка и во тек е воспоставување на услугата лична асистенција и услугата - помош и нега во домот

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 13 од 57 испитани општини или 23% од општините имаат воспоставен општински институционален облик за заштита на старите лица.

**Мерка 3.2.4: Унапредено финансирање на социјалната заштита и заштитата на децата**

Во член 4 од Уредбата за Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за Јавните установи за деца – детски градинки и Центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2024 година е утврдена формулата за распределба на блок дотации според која се врши распределба на Блок дотации за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските детски градинки и Центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки според следнава формула:

БД заштита на децата = ОСг + ОСц

ОСг = Тг x Бр.г

ОСц = Тц x Бр.ц

каде:

- БД заштита на деца – претставува блок дотација за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки, по општина;
- ОСг – претставува основна сума по дете годишно за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца – детски градинки, по општина;
- ОСц – претставува основна сума по дете годишно за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца –центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки, по општина;
- Тг – претставува трошок по дете годишно за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца - детски градинки;
- Тц – претставува трошок по дете годишно за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца - центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки;
- Бр.г – број на деца во општински јавни установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки според просечен капацитет на деца од проектираниот капацитет на деца и фактичкиот број на деца на општинските јавни установи за деца - детски градинки, по општина;

- Бр.ц – број на деца во општински јавни установи за деца - центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки според проектираниот број на деца, по општини.

Преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги“, кој се реализира во соработка со Светска банка, Министерството за труд и социјална политика, заклучно со декември 2022 година, обезбеди поддршка за 34 проекти преку кои се создадоа услови за развој на социјалните услуги кои вклучуваат околу 1300 корисници на локално ниво, во вкупно 41 општина. Половина од избраните општини се рурални. Исто така во рамките на овој проект планирано е да се финансира и измена на формулата за финансирање на системот за воспитување и згрижување на децата, со што ќе се промени и износот кој што го плаќаат родителите. Намерата е посиромашните семејства и самохраните родители да плаќаат помалку, односно да бидат изземени од плаќање. На овој начин со зголемување на мрежата на детски градинки МТСП планира да ја зголеми инклузивноста на децата во градинките.

Финален нацрт на Закон за социјално претприемништво е во постапка за усвојување од страна на Владата.

**Мерка 3.2.5: Планирање на заедничка програма со централната власт и регулаторните тела за субвенционирање на сметките на корисниците на комуналните услуги кои припаѓаат на ранливите групи и користат социјална помош и услуги**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 13 од 57 испитани општини или 23% од општините изјавиле дека ги субвенционираат сметките на комуналните услуги за ранливите групи и корисници на социјална помош и услуги.

**Мерка 3.2.6: Постепен премин кон функционална децентрализација во оваа област на начин што ќе се обезбеди финансиска поддршка за општини во кои нема пренесени детски градинки и други установи за социјална заштита, овозможувајќи и алтернативни начини за згрижување деца особено во руралните општини**

Од март 2023 година, грижата и образованието на децата од предучилишна возраст е достапна и обезбедена во вкупно 81 јавна установа за деца т.е. градинки лоцирани во 68 општини. Вкупниот број на објекти во рамките на јавните установи за деца кои обезбедуваат згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст е 333, од кои 210 се лоцирани во урбани средини и 123 во рурални средини. Исто така, грижата и образованието на децата од предучилишна возраст се обезбедува и во 31 приватна установа за деца т.е. детски градинки со 37 објекти лоцирани главно во урбани средини и претежно во општините на Град Скопје. На вкупно 37.695 деца на возраст до шест години им беше обезбедена грижа и образование во јавните и приватните институции. Податоците на Министерството за труд и социјална политика [21]покажуваат дека од 63.355 деца на возраст од 3 до 6 години на национално ниво, 26.589 деца (т.е. 42%) од оваа возрасна група се вклучени во некоја форма на предучилишна грижа и образование.

МТСП[22] во соработка со општините изминатиот период интензивно работи на проширување на капацитетите за заштита и воспитание на децата. Во периодот од 2021 до 2023 година преку Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита се отворени две нови јавни установи за деца, 8 доградби на постоечки објекти, во 5 градинки е направено преадаптација на просторот и изградени се седум (7) нови објекти во состав на постоечките јавни установи за деца. Зголемувањето на капацитетот и опфатот на деца за периодот

[21] Ибид.,
[22] Ибид.,

2021 до септември 2023 година во детските градинки е за 1934 деца. Во истиот период се отворени и три (3) Центри за ран детски развој со опфат на 64 деца или вкупно 1996 деца се опфатени со некоја од формите и згрижени во предучилишните установи. Во претстојниот период треба да се отворат уште пет (5) детски градинки во Кочани, Прилеп, Тетово, Теарце и Арачиново со вкупен капацитет од 786 деца.

Освен од буџетските средства на Министерството, на располагање се дополнителни средства преку ИПА 2 наменети за изградба на детски градинки како и преку Проектот за подобрување на социјалните услуги кој е финансиран со кредит од Светска банка за проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на услугите во системот за згрижување и воспитание на деца. Програмата за изградба , опремување и одржување на објекти за детска заштита како капитални инвестиции ќе продолжи и во наредните години.

Исто така Министерството за труд и социјална политика[23] на својата веб страна има отворен јавен оглас кој трае во текот на целата година и на кој може да аплицираат сите заинтересирани општини кои имаат потреба од изградба, доградба, адаптација, проширување и опремување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, преку поднесување на апликации и проекти. Истите треба да се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца. Во текот на 2023 година доставени се 42 апликации од страна на општините и се предмет на разгледување на комисијата за рангирање на поднесени апликации за финансирање на проекти за 2024 година.

Во тек е изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект број 4 во ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки" – Берово.

**Мерка 3.2.7: Стимулирање на меѓуопштинската соработка и подготовка и спроведување на програми за развој на капацитети и стручно оспособување на вработените во општините**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 5 од 57 анкетирани општини имаат изјавено дека воспоставиле облици на меѓуопштинската соработка во областа на социјална заштита и заштита на децата.

**Мерка 3.2.8: Интегрирање на услугите поврзани со социјалното домување во областа на социјалната заштита како локална надлежност и обезбедување стабилно финансирање во комбинација со наменски трансфери на средства од Централниот буџет**

Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 9 од 57 анкетирани општини имаат изјавено дека инвестираат во социјалното домување.

**Мерка 3.2.9: Усвојување на пристап „од долу нагоре" за креирање на локалните услуги заедно со крајните корисници и развој на нови социјални услуги за поддршка на лицата со попреченост**

МТСП[24] секоја година објавува јавени повици и јавни конкурси за лиценцирани даватели на социјални услуги и општини за финансирање на социјални услуги на локално ниво.

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, пристапност на објектите на општината и сите општински јавни установи и ЈКП е овозможена во 39% од испитаните 57 општини, а само 6 општини креираат локални услуги заедно со крајните корисници.

[23] Ибид.,
[24] Ибид.,

Според анкетата со граѓаните на УНДП и МЛС од септември, 2023 година, како и во 2021 (51%) и 2022 год. (45%), највисоко ниво на незадоволство (44%) на граѓаните се забележува во однос на активностите на општината за подобрување на животот на младите. Во однос на останатите два аспекти, 43% (38% во 2021 и 39% во 2022 год.) од граѓаните одговорија дека воопшто не се задоволни или не се задоволни од активностите на општината за подобрување на животот на ранливите категории граѓани, а 31% (26% во 2021 и 25% во 2022 год.) воопшто не се задоволни или не се задоволни од активностите кои ги презема општината за подобрување на животот на малцинствата.

Според наодите од наменското анкетно истражување од 2023, 57% од општините одговориле дека започнале со реализација на активноста за натамошно координирање и вклучување на сите засегнати страни (корисници на услуги и здруженијата на граѓани) во заедницата, во процесот на обезбедување квалитетни и иновативни социјални услуги особено за лицата со попреченост.

**Мерка 3.2.10: Засилено спроведување на Стратегијата за Ромите и поврзаните акциски планови во сите тематски области, формирање на координативни тела во општините и обезбедување зајакната координација со националното координативно тело**

Функционира Националното координативно тело составено од претставници од сите релевантни министерства и ромски граѓански организации кои се вклучени во спроведувањето на Стратегијата за вклучување на Ромите 2022 - 2030 и Националните акциски планови. Се одржуваат редовни состаноци на квартална основа.

Според наодите од анкетното истражување во 2023, 16 % од 49 општини одговориле дека започнале со активноста ,,Континуирано спроведување на одлуката на МТСП од декември 2018 година, со која се бара од општините да ги покријат сите трошоци на пред-училишното образование за вклучените деца од заедницата на Ромите". Во предучилишното образование во 2022/2023 опфатени се 462 деца од ромската заедница.

**Мерка 3.2.11: Воспоставување систематска соработка помеѓу центрите за социјална работа, општините, центрите за вработување, здруженијата на граѓани, училиштата, полициските станици и други организации за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција**

Согласно член 158 од Законот за правда на деца, предвидено е градоначалниците да формираат Совет за превенција од детско престапништво. Во овие совети треба да членуваат претставници на: подрачните единици на МВР, МТСП, ЦСР, совет на родители од основни и средни училишта здруженија и фондации, јавен обвинител и судија за деца.

Во анкетата во општините, спроведена во 2023 година, 38 % од општините одговориле дека ја имаат реализирано или започнале со реализација на активноста за формирање на хетерогени работни тимови на ниво на ЕЛС за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција.

**Мерка 3.2.12: Проширување на мрежата на засолништа за жртви на родово засновано насилство**

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство беше донесен во 2021 година но до овој момент не се донесени неопходните подзаконски акти и оперативни меѓуинституционални протоколи за негово спроведување. Воочени предизвици се и

недостатокот на соодветно финансирање и на програми за реинтеграција на жртвите на насилство. Како што е констатирано и во последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот во процесот на пристапување во ЕУ, институциите кои даваат услуги за жртвите на родово засновано насилство сè уште имаат потреба од засилување и соодветно финансирање за да ги исполнат стандардите утврдени со Истанбулската конвенција. Треба да се напомене дека значајни измени на Кривичниот законик беа усвоени во февруари 2023 година, со кои се регулираат кривичните дела на родово засновано насилство.

Заклучно средината на 2023, формирани се 13 засолништа за жени жртви (и нивните деца) на семејно насилство, од кои 8 организациски единици на месно надлежен центар за социјална работа, две засолништа се финансирани од МТСП и управувани од здруженија, а едно е финансирано од локалната самоуправа и управувано од здружение на граѓани. Исто така, формирани се 10 специјализирани советувалишта за жени жртви на насилство и семејно насилство и 8 специјализирани советувалишта за психо-социјален третман на сторители на семејно насилство. Во сите плански региони има воспоставено засолништа за жртви на насилство врз жени и семејно насилство.

Во 2022 година МТСП[25] спроведе кампања „Ние сме со вас, заедно против насилството врз жените и девојчињата“ со цел да се подигне свеста за родово и семејно насилство. Развиени и воспоставени се е-модули за обуки за родово засновано и семејно насилство, кои се достапни на онлајн платформата за учење на Ресурсниот центар на МТСП за креирање на родово одговорни политики и буџети. Во соработка со УНФПА се спроведува кампањата „Ти не си сам“. Подготвена е нацрт-Програма за реинтеграција на жените жртви на родово базирано насилство и семејно насилство и нацрт-Протокол за интер-ресорска соработка во случај на родово насилство и семејно насилство.

**Мерка 3.2.13: Целосно спроведување на новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите со фокус на мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост во сите хоризонтални програми на општините, јакнење на улогата на општинските координатори за еднакви можности и на структурните врски помеѓу Комисиите за еднакви можности и советите на општините и локализирање на Индексот на родова еднаквост**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 52 од 57 анкетирани општини имаат определено општински координатори за еднакви можности.

Во 2022 година е формиран Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџети во рамките на проектот „Унапредување на институционализацијата на родово одговорното буџетирање (РБП) преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање. на владините институции во Северна Македонија“, која е поддржана од UN Women. По завршувањето на проектот, Министерството за труд и социјална политика го систематизираше Ресурсниот центар како единица во Секторот за еднакви можности. Истата година, од 81 општина, 73 општини доставиле годишен извештај за напредокот и состојбата на жените и мажите.

Според анкетата со граѓаните на УНДП и МЛС од септември, 2023 година, значително помал процент (45%) од анкетираните граѓани во 2023 год. споредено со минатата година (52%) се согласуваат дека жените подеднакво учествуваат во процесот на донесување одлуки од страна на локалната власт како и мажите, од оние кои не го делат ова мислење (44%) кои се повеќе од 2022 год. (36%). Споредено со претходните години, покрај оние од 2022 год., резултатите во 2023 се

[25] Ибид.,

понегативни споредено со резултатите и од 2018 и 2020 год., на слично ниво со оние од 2019 и 2021 год., и попозитивни споредено со 2017 год.

Активноста за воспоставување на одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на локално ниво и како прв чекор - утврдување на минимум индикатори и собирање на родово разделени податоци, не е започната поради тоа што ќе се реализира по имплементирањето на новиот Закон за буџети. Временската рамка за спроведувањето на активноста за воспоставување на одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на локално ниво и како прв чекор утврдување на минимум индикатори и собирање на родово разделени податоци, се планира за спроведување во 2025 година.

UN Women во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", на локално ниво работи со 31 општина (Гостивар, Тетово, Богданци, Боговиње, Центар, Охрид, Карпош, Аеродром, Струмица, Гевгелија, Виница, Делчево, Кавадарци, Македонска Каменица, Македонски Брод, Старо Нагоричане, Струга, Чашка, Струмица, Свети Николе, Куманово, Гази Баба, Град Скопје, Кисела Вода, Маврово и Ростуше, Велес, Новаци, Битола, Кочани, Штип, Ѓорче Петров и Крива Паланка). Преку својата работа со општините UN Women овозможува обуки и менторска поддршка на координатори/ките за еднакви можности, локалната администрацијата и советници/советнички. Интервенциите на проектот имаат интерсекторски пристап, па во голем број од општините имаат формирано интерсекторски групи составени од вработени од повеќе сектори.

Обуките и менторинг програмата ги вклучуваат следниве четири модули: 1) Основна обука за Родова еднаквост и родово одговорно буџетирање; 2) Родова анализа и креирање на програми; 3) Обука за родови индикатори во локални програми и мерење на резултати; 4) Основна обука за РОБ за членови на советите на единиците на локалната самоуправа.

Во периодот 2018 – 2023, вкупно 962 членови на општински совети и администрација од 31 општина со кои работи проектот беа вклучени во обуки за родово одговорно буџетирање, програмирање, родови индикатори и статистика. Како резултат на обуките во просек на годишно ниво родовата перспектива е вклучена во 82 локални програми во 31 општина.

Исто така, УНДП преку повеќегодишниот проект „Јакнење на општинските совети" паралелно работи на градење на капацитетите на општинските совети за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање со кој се опфатени вкупно 34 општини, дел од нив се преклопени со проектот на UN Women.

Според наодите од наменското анкетно истражување од 2023, 58 % од 49 општини не започнале со спроведување на активноста за партиципативна подготовка, буџетирање и спроведување на програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности на локално ниво.

**Приоритет 3.3: Развој на единиците на локалната самоуправа преку културата**

**Мерка 3.3.1: Функционална децентрализација и деметрополизација на културата**

Во јануари 2020 година Владата на Република Северна Македонија, утврди текст на предлог на Закон за остварување на јавниот интерес во културата и истиот согласно законските надлежности го достави до Собранието на Република Северна Македонија. Во собраниската постапка на донесување на овој предлог на закон, беа доставени голем број на амандмани, заради што во текот на 2022 година овој предлог на закон од страна на Министерството за

култура[26] беше повлечен. Во април 2022 година, Министерот за култура формираше Работна група за ревидирање на предлог на Закон за остварување на јавниот интерес во културата. Текстот на законот беше објавен на ЕНЕР, а на 7 јули 2023 година се одржа јавна расправа по истиот. Се очекува овој предлог на закон да влезе во владина постапка во 2024 година. Со овој предлог на закон ќе се изврши и усогласување со Директивата 2006/123/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2006 година за услугите на внатрешниот пазар.

Во однос на Законот за заштита на културно наследство, формирана е Работна комисија составена од домашни експерти од областа, вработени од Министерството за култура и од Управата за заштита на културното наследство, синдикатите како и од вработените во установите за заштита на културното наследство. Се очекува овој предлог закон до крајот на 2024 година да влезе во владина постапка.

Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство се очекува да се усвои во 2024 год.

Со цел создавање услови за рамномерен културен развој, достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење како и за заживување на културата на локално ниво, Министерството за култура[27] согласно со своите приоритети дава финансиска поддршка за реализација на бројни проекти. Воедно, беа востановени повеќе видови на манифестации како што се: Манифестацијата „Град на културата", „Култура во лето", „Цртај на македонски" и други на кои континуирано се реализираа бројни културни активности со цел да се стимулираат културата и културниот развој во општините во државата. Покрај овие наменски конкурси и проекти, Министерството за култура во рамки на конкурсите ги финансира општините со наменски културни проекти кои имаат за цел да ја афирмираат културата и да ги промовираат врвните културни вредности кај сите генерации и категории на граѓани, воедно и да го афирмираат домашното творештво и домашните автори, да поттикнат соработка со врвни уметници, како и да презентираат творештво со стилска и жанровска разновидност. Програмите содржат филмски проекции, концерти на поп, рок, фолк, џез и класична музика, изложби, театарски претстави, стенд-ап комедии, модни, фотографски, танцови перформанси, поетски читања, промоции на книги, одбележување на значајни датуми за општините итн.

Активностите за постепено зголемување на блок дотациите за пренесените установи од културата со цел да се задоволат сите реални потреби вклучувајќи ги не само средствата за тековно и материјално одржување, туку и за подобрување на состојбата на објектите и нивната функционалност, обезбедување минимум едно вработено лице во администрацијата на сите ЕЛС и воспоставување на заедничка администрација и други соодветни облици на меѓуопштинска соработка во културата (заеднички локални установи, здружување на средства за реализација на проекти од културата и сл.) особено на помалите претежно рурални општини, и обезбедување стабилни механизми на ко-финансирање на учесници во програми и проекти на ЕУ и други меѓународни и регионални соработки на национално и локално ниво не се започнати или не се реализирани, и се поместени за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 3.3.2: Постепен трансфер на дел од установи од националната мрежа со фокус на центрите за култура**

[26] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[27] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

Во 2021 година Министерството за култура[28] изготви и до Министерството за локална самоуправа достави Информација со предлози за децентрализација на националните установи во културата. Во Информацијата е даден осврт на досегашниот процес на децентрализацијата, предлози за натамошна децентрализација на националните установи на локално ниво и содржи податоци за основот на натамошната децентрализација во културата. Предлозите за натамошна децентрализација на националните установи се дадени врз основа на претходно спроведена анализа на досегашниот процес на децентрализација и за интересот на единиците на локалната самоуправа за натамошна децентрализација на националните установи изработена во 2019 година од страна на Работна група во која беа вклучени претставници на Министерството за култура[29], Министерството за локална самоуправата, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација[30] и ЗЕЛС.

Во постојниот Закон за културата не е утврдена постапка за пренесување на надлежностите од државно на локално ниво на установите, односно нема правен основ за спроведување на втора фаза на децентрализацијата во областа на културата. Поради тоа, со Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија за периодот 2018 -2022 година, се утврди потребата од донесување на нов закон за културата кој ќе содржи, меѓу другото и правен основ за натамошна децентрализација. Со предлогот на Закон за културата, е утврдено дека Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Министерот за култура[31], а по претходна согласност на единицата на локалната самоуправа, со одлука може основачките права на национална установа да ги пренесе на единицата на локалната самоуправа на чија територија е седиштето на установата, врз основа на што таа стекнува статус на локална установа. Одлуката се донесува врз основа на елаборат во кој ќе бидат содржани реални показатели за оправданоста од пренесување на основачките права на установата и за финансиските капацитети на единицата на локалната самоуправа за одржливо финансирање на дејноста на установата. Со одлуката се утврдуваат прашањата за пренесување на имотот, на опремата, на човечките ресурси, на средствата за работа на установата и за други релевантни прашања. Со предлогот на закон е утврдено дека на локално ниво не можат да се пренесат националните установи кои: имаат матична функција согласно закон; се единствени од својот карактер; се основани согласно закон заради нивната координирачка функција во однос на останатите установи; реализираат меѓународни програмски содржини само во одреден период од годината и ја негуваат културата на заедниците во Република Северна Македонија и го промовираат интеркултурализмот.

**Мерка 3.3.3: Подготовка и спроведување на програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници како и програми за поддршка на активности за младите, жените и ранливите групи од населението**

Поддршка на проекти на припадниците на етнички заедниците во Република Северна Македонија е еден од приоритетите на Министерството за култура[32] и се реализира согласно

[28] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[29] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[30] Од 10.06.2024, Министерство за јавна администрација -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[31] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[32] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

принципиелната поставеност за рамноправен третман во поддршката на потенцијалните корисници на буџетски средства, позитивен тренд на флексибилна и толерантна поставеност, во која водечки принцип за прифаќањето на одделни проекти е нивниот квалитет. Истата се однесува и на застапеноста на голем број на автори на националните заедници во РСМ. Имајќи ја во предвид мултикултурната димензија на општеството и потребата за меѓуетничките односи во културата како платформа за меѓусебно разбирање и градење на кохезивно општество, во рамки на годишните програми од национален интерес, континуирано се финансираат проекти кои имаат за цел стимулирање, афирмирање и унапредување на културата во различен сегмент на заедниците во земјата.

Поддршката на овој вид на проекти во остварувањето на дејностите од областа на културата, во значителна мерка влијаат на профилирањето на градењето на мултикултурните вредности. Во таа смисла, на конкурсите за проекти и програми од национален интерес, Министерството за култура[33], секоја година поддржува бројни проекти на сите заедници во сите дејности од областа на културата. Како резултат на оваа континуирана културна политика, денес во Република Северна Македонија успешно делуваат повеќе културни установи со предзнакот национални кои поблиску го негуваат уметничкиот израз на заедниците (Албански театар, Турски театар, Ансамбл за албански ора и песни, Албански театар за деца и младинци и други), но и бројни проекти на здруженија и фондации кои ја развиваат културата кај заедниците (музички фестивал за деца на влашки јазик, „Примавера", фестивалот на детски песни на албански јазик „ Улбери", манифестација по повод државниот празник на ромите „8-ми Април ромски ден" и многу други) .

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 23 од 57 анкетирани општини спроведуваат интеркултурни програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници во општината како и програми или проекти насочени кон толеранција.

Унапредување на културата на лица со посебни потреби е мерка со која Министерството за култура[34] преку програмите од национален интерес ја потврди својата општествена одговорност во заложбите дека културата е општествено добро. Имплементирањето на правото на култура во однос на лицата со посебни потреби се развива во два сегменти: достапност до културните вредности преку следење на културните настани и создавање на предуслови за развој на нивното уметничко изразување преку развивање на посебни програми и проекти. Во рамките на Годишните програми за поддршка на проекти од национален интерес во културата, континуирано се поддржуваат креативни и уметнички изразувања на лицата од сите ранливи категории. Финансирањето на проекти од овој карактер е приоритет во сите наведени дејности во Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес и истото се проведува континуирано.

**Мерка 3.3.4: Јакнење на кадровските, инфраструктурни, технички и програмски капацитети на сите локални чинители покрај мрежата на локални установи во областа на културата за осмислување локални културни политики и среднорочни и долгорочни стратегиски планови за локален културен развој**

[33] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[34] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 15 од 57 општини имаат засебен повеќегодишен план или стратегија за развој на општината преку културата и само две општини имаат воспоставено облик за меѓу општинска соработка во областа на културата.

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП во 2023 год. се воочува ниско задоволство во однос на заштита на историското и културното наследство (35% од испитаниците одговориле дека се задоволни или целосно задоволни со услугите што ги обезбедува општината во овој дел).

Активностите за воспоставување континуиран мониторинг и генерирање статистика (разделена по основ на родова и етничка припадност) за културните настани и проекти на локалните културни установи и општините врз основа на тематски извештаи и засилена меѓуинституционална соработка со целосна вклученост на локалната самоуправа во заштитата на културното наследство и спречување на диви градби особено на места со статус „културно наследство со особено значење“ (како што се историското јадро на градот Охрид, Старата чаршија во Скопје и др.) се во тек и ќе се спроведуваат и во наредниот плански период.

**Мерка 3.3.5: Воспоставување на партнерства со вон-институционалниот сектор со цел да се искористи целокупниот потенцијал на културата за забрзан развој на локалните културни и креативни индустрии како темел на развојот на туризмот, занаетчиството и други поврзани економски гранки**

Со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности се уредуваат: давањето и примањето на донациите и спонзорствата со кои давателот и примателот можат да бараат даночни поттикнувања; целта на давањето и примањето; давателите и примателите; предметот; користењето; даночните поттикнувања и евидентирањето и контролата на донациите и спонзорствата во јавните дејности. Со донацијата и спонзорството во јавните дејности со кои се остварува јавниот интерес, се придонесува за подобрување на личниот и заедничкиот живот на граѓаните, здруженијата на граѓаните и фондации, физичките и правните лица во Републиката, како и за нивната економска благосостојба и социјална правда. Министерството за култура[35] направи анализа за примената на Законот за спонзорства во јавните дејности во периодот 2021 - јуни 2023 година, и од досегашното искуство од примената на овој Закон донесен во 2006 година, се заклучи дека со цел зголемување на средствата дадени како спонзорства и донации и олеснување на постапката за даночно поттикнување, се наметнува потреба за негови измени со кои ќе се овозможи поголемо вклучување и мотивирање на приватниот сектор и бизнис заедницата во финансирањето на сегментот јавен интерес и јавна дејност кои се дефинирани многу општо во законот. Ако министерствата - секое од своја надлежност, го прецизираат терминот јавна дејност и јавен интерес, ќе се избегне административната постапка за давање мислење и автоматски ќе се забрза донесувањето решение за потврден јавен интерес на спонзорството и донацијата од страна на Министерството за правда.

Спонзорствата и донациите може да бидат долгорочно решение за голем дел од проблемите на државното финансирање. Впрочем националните установи преку кои државата го финансира националниот интерес во културата мора да се изградат во високо квалитетни и препознатливи брендови во кои би било престижно да се спонзорира или донира средства и идниот дател да добие третман од трајна важност. Ставање лого на билети, поставување реклами во деловниот простор, наменски промоции за корисници на одредени услуги, бесплатно користење на сценски простор и ред други поволности може да понудат националните установи за

---

[35] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

возврат на едногодишно или повеќегодишно спонзорирање или донирање средства со што ќе имаат покрај државниот и друг сигурен извор на средства. Понатаму, установите може да формираат клуб на пријатели, донатори и слично кои ќе можат освен да донираат средства, да иницираат проекти по вкус на консументите, да имаат влијание врз популаризација на културата и уметноста и привлекување на нова публика што адекватно би се одразило на поголеми приходи од продажба на билети.

Според анкетата во општините од 2022 година, секоја втора општина соработува со приватниот сектор но само секоја четврта од 57 анкетирани општина дава поддршка за подготовка на културни производи и услуги. Од наодите може да се согледа дека ниту една општина нема склучено јавно-приватни партнерства за развој на културните и креативните индустрии. Склучување на договор за концесија на објекти и/или простор за развој на културните и креативните индустрии се практикува само кај 16 % од анкетираните 57 општини.

Активноста за програмска поддршка за забрзан иновативен развој на културните и креативните индустрии во општините е поместена за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 3.3.6: Обезбедување систематска поддршка за постепено основање на Младински културни центри како мултимедијални центри во градовите**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 10 од 57 анкетирани општини имаат воспоставен институционален облик за поддршка на младите лица.

Активноста за правење на анализа на можностите и подготовка на елаборати за економска оправданост и одржливост за основање младински културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови е поместена за спроведување во наредниот плански период.

**Приоритет 3.4: Унапредување на спортот и рекреацијата во единиците на локалната самоуправа**

**Мерка 3.4.1: Ревитализација на постоечката и создавање нова, квалитетна и енергетски ефикасна инфраструктура за спорт и рекреација во сопственост на единиците на локалната самоуправа „отворена за сите“, со цел да се развива спортот и спортската култура, спортскиот туризам и спортските индустрии**

Агенцијата за млади и спорт[36] за период 2021 – 2023 година реализираше низа на проекти согласно Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти. Во периодот 2021-2023 реализирани или во фаза на реализација се 57 спортски објекти и тоа: затворен пливачки базен (Охрид), реконструкција на затворен пливачки базен (Струга), затворен училишен пливачки базен (Тетово, Ѓорче Петров, Штип, Битола, Кичево, Кисела Вода, Струмица, Карпош и Кавадарци), трим патека (Кисела Вода), реконструкција на фудбалски стадион (Кавадарци, Велес, Демир Капија, Пробиштип), игралиште за баскет (Дебар, Охрид, Штип, Крива Паланка, Куманов и Аеродром), повеќенаменско игралиште (Ѓорче Петров, Гевгелија, Боговиње, Берово, Крива Паланка, Чучер Сандево и Шуто Оризари), фитнес зона (Крива Паланка, Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Валандово, Струмица, Чашка, Чаир, Струга, Крушево, Кичево, Пробиштип, Сарај и Арачиново) како и повеќенаменско/фудбалско игралиште (Кичево, Струга, Гостивар, Ѓорче Петров, Гевгелија, Боговиње, Крива Паланка, Чучер Сандево, Богданци, Теарце, Дебар, Карпош).

Активностите за воспоставување на јавно-приватни партнерства на ЕЛС за изградба на спортско-рекреативни центри и давање на поврзани услуги како и за развој на спортскиот туризам

[36] Од 10.06.2024, Министерство за спорт -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

и индустрии и креирање на механизам за воедначена поддршка на сите општини од Буџетот на Република Северна Македонија. се поместени за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 3.4.2: Создавање засебна база на податоци (со родово разделени податоци) за пренесената инфраструктура во сопственост на општините, инфраструктурата која е планирано да се пренесе на општините, бројот на спортски клубови потпомогнати од општините и да се овозможи повисок степен на родова еднаквост во спортот**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 13 од 57 општини имаат воспоставено институционален облик за поддршка на жените во областа на спортот и рекреацијата.

Во однос на женски спортски клубови, за годините 2021 и 2022 година, внесени се во Сирера системот на МЛС, претходно од страна на Агенцијата за млади и спорт дадени подетални податоци и Листа на корисници на спортски ваучери, вклучително и за женските клубови за екипни спортови (посебни женски клубови има регистрирано само во екипните спортови, во индивидуалните спортови, женските и машките спортисти од сите категории се дел од еден спортски клуб). Агенцијата за млади и спорт[37] во моментов го спроведува НАП-от, согласно Националната стратегија за РЕ 2021-2026г. Планирана е активност по Т.5), конкретно по 01.01.2024 година, бидејќи тоа бара поголем пристап во однос на прибирањето на податоци.

Согласно насоките на НАП-от, а во однос на дејноста спорт, кој е дел од Националната стратегија за родова еднаквост на МТСП[38], Агенцијата за млади и спорт[39], дава препораки за зголемување на бројот на жените во органите и телата на управување на националните спортски федерации и спортските клубови, исклучиво од редовите на спортот. А, тоа значи, поранешни спортистки, женски тренери, селекторки, каде процентот на вклученоста на жената за период 2022-2023 година е подобрен од претходните години. Оваа активност е тековна, но во моментот АМС не располага со конкретни и бројки и проценти за учеството на жените во органите и телата на управување на националните спортски федерации и спортски клубови.

**Мерка 3.4.3: Забрзување на трансферот на спортските објекти со кои управува државата заедно со вработените лица на општините преку претходно и целосно разрешување на имотно-правните односи**

Активностите за подготовка на Извештај со продлабочена анализа на спортските објекти со кои управува државата (категорија на објекти, правен статус, сопственост, квалитет на објектите и потреби за обнова и сл.) и препораки за трансферирање на правото на сопственост и/или управување на ЕЛС и подготовка на Детален план за трансфер на спортски објекти и вработени на општините, не се започнати и се поместени за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 3.4.4: Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за заедничко управување со спортските објекти и поголеми и позначајни рекреативни зони од микро-регионално или регионално значење**

[37] Од 10.06.2024, Министерство за спорт -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[38] Од 10.06.2024, Министерство за социјална политика, демографија и млади -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[39] Од 10.06.2024, Министерство за спорт -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 2 од 57 анкетирани општини имаат воспоставено облици на меѓуопштинска соработка во спортот и рекреацијата.

**Мерка 3.4.5: Соработка на општините со АМС[40] и МОН за формирање на училишни спортски екипи и лиги како појдовна точка за институционално градење на масовниот спорт во општините**

Според наодите од анкетното истражување во 2023 год., 80% од 49 анкетирани општини немаат започнато со активноста за подготовка на акциски планови на ЕЛС за препознавање на спортски таленти, во рамките на масовниот, односно училишниот спорт,, додека и оние кои одговориле дека истата е започната под оваа активност ги сметаат интервенциите и финансиската поддршка во рамките на годишните програми за спорт.

Активноста за подготовка на Извештај со анализа на бројот на формирани спортски екипи во училиштата, по вид на спортови, по родова застапеност и училишна инфраструктура за спорт и формирање на училишни спортски екипи во секоја ЕЛС не е започната и е поместена за спроведување во наредниот плански период.

Не постои информациски систем на следење на физичкиот развој, моторичките и функционалните способности на учениците и подигнување на свеста за превентивна здравствена контрола на сите ученици вклучени во училишните спортски клубови.

Недостасува поголемо внимание на организациското зајакнување на веќе формираните училишни спортски клубови и општински сојузи, како и на формирањето на нови, каде што ги нема, како правни лица. Неопходна е поблиска соработка со локалната власт и раководството на училиштето за да се овозможи развој на општинскиот систем на натпревари во различни возрасни категории и спортови. Дополнително, потребно е да се фокусира на помасовно организирање на спортски активности со учениците од одделенска настава преку забавниот училишен спорт, што може да ангажира поголем број невработени стручни кадри од физичкото образование и спортот.

**Компонента 4: Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа**

**Приоритет 4.1: Унапредени стандарди на урбанистичко планирање и градење во функција на забрзан социо-економски развој, заштита на животната средина и климата**

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува повисоко ниво на незадоволство на испитаниците отколку задоволство за сите оценувани аспекти. Меѓу оние кои одговориле дека се задоволни или целосно задоволни, најголемиот процент се забележува во однос на урбанистичката уреденост на општината (38%), а најмалиот е во однос на урбанистичкото планирање во руралните средини (21%), каде истовремено се забележува и највисоко ниво на незадоволство (50%). Вкупната просечна оценка за сферата на урбанизмот и урбанистичкото планирање (2,73) е малку пониска споредено со 2022 год. (2,84), повисока споредено со 2017 год. (2,67) и на исто ниво со останатите години – 2018 год. (2,78), 2019 год. (2,73) и 2021 год. (2,71). Додека урбанистичката уреденост на општината е оценета со највисока просечна оценка (2,92) од сите аспекти, урбанистичкото планирање во руралните средини е оценето со најниска просечна оценка (2,54).

[40] Од 10.06.2024, Министерство за спорт -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

**Мерка 4.1.1: Унапредување на стандардите за урбанистичко планирање со цел да се одговори на здравствените, социо-економските и еколошките влијанијата на кризата предизвикана од Ковид 19 како и понагласените предизвици поврзани со аерозагадувањето и климатските промени и намалувањето на ризикот од катастрофи**

Подготвен е предлог Закон за просторно планирање кој е доставен на мислење до релевантни институции. Подготовката и донесувањето на сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за урбанистичко планирање со цел да се овозможи негово ефикасно спроведување како и носење нов Закон за градење се активности кои ќе се спроведат во наредниот плански период.

**Мерка 4.1.2: Преиспитување на сообраќајните решенија со цел создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување**

Во однос на активноста за преиспитување на сообраќајните решенија во населените места во ЕЛС во контекст на кризата со Ковид 19 и потребата од создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување, 77 % од анкетираните општини во наменското истражување од 2023 се изјасниле дека не започнале со оваа активност, 11% дека завршиле и 12% дека активноста е во тек.

**Мерка 4.1.3: Воведување современи стандарди за урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови од подрачјата во градовите и селата, заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство**

Во однос на активноста за мапирање на подрачја во населените места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови, зајакната заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство, 55 % од 49 општини во анкетата од 2023 год. изјавиле дека не започнале воопшто со активноста додека другите се изјасниле дека активноста во тек.

**Мерка 4.1.4: Унапредување на сите партиципативни аспекти на процесот на урбанистичко планирање и понатамошна дигитализација на процесите и процедурите**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, сите 57 општини имаат оформена Комисија за урбанизам, а 40 од нив ја вклучуваат стручната и општата јавност во годишната анализа на урбанистичките планови и почетната фаза од програмирањето на средствата за финансирање на УП.

**Мерка 4.1.5: Премин кон урбанистичко планирање кое е родово сензитивно и сензитивно на потребите на најранливите категории од населението**

Активностите за унапредување на информираноста на сите граѓани преку најразлични канали на комуникација земајќи предвид дека најранливите категории најчесто немаат достапност до технологија и современи начини на споделување на информации поврзани со постапката за подготовка и донесување на урбанистичките планови и за вградување на стандарди за родово

сензитивно урбанистичко планирање (РЗУП) во Правилникот за урбанистичко планирање се поместени за наредниот плански период.

**Мерка 4.1.6: Јакнење на капацитетите на локалната администрација за управување со просторни и нумерички податоци и прогнозирање на просторните и социо-економските трендови**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, во поглед на вработени лица кои ги спроведуваат обврските од Законот за национална инфраструктура на просторни податоци, овие функции се извршуваат во само 7 од анкетираните 57 општини. Во 22 општини има минимум едно вработено лица кое прибира и обработува податоци за улици и куќни броеви преку користење на Графичкиот регистер на градежно земјиште.

Нема измени во системот на Графичкиот регистер на градежно земјиште за кој веќе се одржани обуки во периодот пред 2021 година. АКН во 2022 изврши надградба на системот и планира во 2024 година да изврши обука на ЕЛС. Корисничките упатства се испратени и периодот на обука ќе биде одреден од ЗЕЛС.

Одржана е обука на 37 ЕЛС за валидација на податоците за улици и куќни броеви во функција на Графичкиот регистер за улици и куќни броеви. Направена е надградба на апликацијата согласно барања на ЕЛС и во тек е реобука. Обуките се организираат во тренинг центарот на АКН.

**Приоритет 4.2:Унапреден квалитет и зголемен опфат на население со комунални услуги**

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека најголем процент од испитаниците (74%) одговориле дека се задоволни или целосно задоволни со водоснабдувањето, додека најниско задоволство повторно се забележува во однос на справувањето со животните скитници (18% одговориле дека се задоволни или целосно задоволни, додека мнозинството од 64% одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни со оваа услуга). Се забележува и поголемо незадоволство на граѓаните со паркинг просторот (40% одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни). Анализата на просечните оценки ги потврдуваат претходно наведените резултати – највисоката просечна оценка е забележена за водоснабдувањето (3,75), а најниската за справувањето со животните скитници (2,18). Споредено со вкупните просечни оценки за оваа област од претходните истражувања, резултатите од најновото истражување покажуваат продолжување на трендот на подобрување на 3,13.

Компаративната анализа со резултатите од 2022 год., открива подобра просечна оценка за повеќето аспекти оценувани во оваа област, со исклучок на следните пет (5) во однос на кои се забележуваат пониски просечни оценки: справување со отпадот (од 3,46 на 3,39), локални патишта и улици и сообраќајната сигнализација (од 3,12 на 3,09), јавно улично осветлување (од 3,44 на 3,25), пазари за широка потрошувачка (од 3,26 на 3,22) и одржување на гробиштата (од 3,16 на 3,09). Споредено пак со резултатите од 2021 год., се забележува подобрување на просечните оценки на задоволството на граѓаните во однос на сите оценувани комунални услуги, со исклучок на задоволството со јавното улично осветлување (од 3,48 на 3,25) и со пазарите за широка потрошувачка (од 3,31 на 3,22).

**Мерка 4.2.1: Подготовка на 4 - 8 или повеќегодишни инвестициски планови со специфични проектни пакети и техничка и финансиска документација (Investment pipeline), засновани на студии на економска оправданост кои е пожелно да се подготвуваат во соработка со донаторите и меѓународните финансиски организации**

Договорот за изградба на пречистителната станица во Скопје беше потпишан во април 2023 година, а започна и значаен проект за изградба на канализационата мрежа во Кичево.

Врз основа на член 5 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициона Банка по финансискиот договор за проектот за подобрување на водената инфраструктура на Општините во Северна Македонија („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22), како и Финансискиот договор за спроведување на Проектот, Оперaциски број 2018-0837 склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европската Инвестициона Банка, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање треба ја да донесе Одлуката за распределба на средства од Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ бр.166/23). Вкупната вредност на заемот за проектот изнесува 50.000.000,00 евра и истиот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија. Крајни корисници на средствата од заемот се општините и општините во Градот Скопје, кои средствата ќе ги добиваат како донација за реализација на приоритетни инвестиции за водоснабдителни, канализациони системи, пречистителни станици, како и опрема која ќе биде во прилог на подобрување на водната инфраструктура на територијата на нивната територија. Во тек се активности за подготовка на проектни прашалници и соодветно подготовка на проектни фишеа за секоја од општините. Имплементатор на проектот е Министерството за транспорт и врски.

Во периодот 2021 - средина на 2023 година, реализирани се над 160 проекти за водоводи и канализации во општините на РСМ. Преку проектот „Водовод и канализација на општините, фаза 1, чекор 2“ преку KfW банка од Франкурт, се реализирани проекти во Гостивар, Гевгелија, Кавадарци и Радовиш во вредност од преку 15 мил. евра.

Министерството за животна средина и просторно планирање, со помош на финансиски средства од ЕУ и грантова компонента од кредитна линија на ЕБОР, има подготвено инвестициски планови за воспоставување на регионално управување со отпад за сите плански региони, со исклучок на Скопскиот плански регион. За Југоисточниот и Вардарскиот плански регион инвестициската планска документација ќе се изработува преку грантова компонента од WBIF , а реализацијата на проектот ќе се финансира преку кредитна линија на ЕБОР, додека за Скопскиот плански регион ќе се изработува инвестициски план откако ќе се активира ИПА 3 програмата на ЕУ.

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, во поглед на спроведување на засебен повеќегодишен план или стратегија за развој на комуналната инфраструктура, 25 од 57 анкетирани општини изјавиле дека спроведуваат ваков план или стратегија.

**Мерка 4.2.2: Систематско и постепено водење на процес на окрупнување на давателите на водни услуги и управителите со отпад преку регионализација и воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 20% од испитаните 57 општини имаат воспоставено облик на меѓуопштинска соработка поврзан со комуналните услуги. Во исто време, 41 општина се изјасниле дека имаат системи за водоснабдување во селата, кои сеуште не се префрлени на општинското јавно претпријатие.

Активностите за подготовка на функционална анализа и студии (елаборати) за економска оправданост за окрупнување на давателите на водни услуги и врз основа на наодите и препораките, подготовка на целосна документација за воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија за водни услуги, воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија за управување со отпад (само за управување со регионалните депонии или за интегрално управување со отпадот на ниво на плански регион врз основа на претходно подготвена

функционална анализа и елаборат за економска оправданост) и подготовка и спроведување на интегрална Програма со мерки (мапирање и подготовка на техничка документација на постоечката состојба, прецизно утврдување на трошоците за управување и одржување) за пренесување на руралните системи за водоснабдување со коишто управуваат локалните заедници а се изградени од самите жители по пат на самопридонес или во комбинација со донации на целосно управување од страна на општинските ЈКП, се предвидени за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 4.2.3: Воспоставување на економска регулација на тарифи и цени на комунални услуги кои го одразуваат реалниот целосен циклус на оправдани трошоци како и систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП, имајќи ги во предвид субјектите и процедурите кои се утврдени со закон**

Во тек е подготовка на Правилник за воспоставување на тарифи што го одразуваат реалниот целосен циклус на трошоците за управување со комунален отпад. Ова е регулирано со законот за управување со отпад. Правилникот го донесува Регулаторна Комисија за енергетика, водни услуги и управување со отпад. Претстои создавање на интегрален систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП (започнувајќи со ЈКП кои даваат водни услуги).

**Мерка 4.2.4: Општинските ЈКП значително да ги подобрат сопствените информациски и управувачки практики и системи**

Во тек е подготовка на анализа од страна на МЖСПП со која се опфатени околу 90 општински јавни претпријатија. Цел на анализата е да се направи детален увид во финансиските оптоварувања, односно неплатените долгови најчесто кон државата.

**Мерка 4.2.5: Обезбедување консензус кај локалните чинители за сите локации за регионални депонии и целосно воспоставување на инфраструктура за управување со отпад на ниво на плански региони вклучувајќи затворање и ремедијација на дивите депонии и унапредување на примарната селекција на изворот на создавање на отпадот преку поврзани стимулации**

Усвоени се План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 и План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028. Со Планот за управување со отпад меѓу останатото, а поврзано со доброто владеење опфатени се стимулативни мерки за реализација на активностите за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, како и повторно користење, рециклирање и користење на отпадот како извор на енергија, реализацијата на системот за мониторинг при управувањето со отпадот, активности коишто се преземаат од страна на единиците на локалната самоуправа во врска со управувањето со отпадот како и мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпадот.

Усвоени се сите 8 регионални планови за управување со отпад за планските региони. Планирано е да се воспостават пет депонии по европски стандарди, на целата територија на земјата, две нови (о. Новаци и о. Свети Николе) и рехабилитација на Русино (Полошки регион), за извесен временски период, додека не се најде нова локација или се обезбеди проект за нејзино проширување и рехабилитација и надградба на локацијата во о. Босилово. Во тек се активности за воспоставување на основна инфраструктура, со примарна селекција на отпадот со цел да се намалат количините на отпад за депонирање на новите депонии.

Процесот за затворање на нестандардни депонии во источниот и североисточниот регион е во тек. Во јануари 2023 година, Владата потпиша договор за заем од ЕБОР со цел да се воспостави интегриран систем за управување со отпад во пет региони, со што ќе се овозможи

некористење на постоечките нестандардни депонии во сите општини, а дополнително, аплицира за средства (заеми/грантови) за затворање на сите нестандардни депонии.

Во моментов постои систем воспоставен од колективните оператори (проширена одговорност на производителот), заедно со јавните комунални претпријатија и лиценцираните приватни оператори, за посебно собирање на отпад од пакување од домаќинствата и деловните субјекти. До крајот на 2023, Владата ќе набави контејнери за селекција на пластика и хартија и ќе ги обезбеди за сите општини. Ова е основната инфраструктура за да се поттикне одделното собирање и да се постигнат националните цели од 25% (за рециклирање пластика). Повеќе од 100 компании веќе имаат дозвола да собираат, складираат и третираат отпадна пластика.

### Мерка 4.2.6: Континуирано спроведување мерки за јакнење на јавната свест низ соработка со здруженија на граѓани

Министерството за економија[41] во 2023 година објави јавен повик за поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачката индустрија - развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар, во кој една од предвидените активности кои се конфинансирани беше и експертската анализа и изработка на техничка документација или студија за техничка изводливост за воведување на циркуларна економија и зелена економија. Со јавниот повик се кофинансирани 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000,00 денари по барател. Истовремено, МЕ објави и конкурс за кофинансирање за одржување на обуки за воведување на концептот на зелена трансформација и воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија, со кој се кофинансираат 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките, но не повеќе од 362.500,00 денари за поединечен индустриски сектор.

Активностите за развој и спроведување на програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти за мерките за спречување на создавање на отпад и јакнење и поддршка на локални иницијативи за транзиција кон циркуларна економија, вклучувајќи воспоставување конкретна соработка на приватниот сектор со општините, ЈКП и локалните заедниците, со цел да се поттикне споделување на производи и опрема, нивна повторна употреба, пренамена, и сл., ќе продолжат да се спроведуваат и во наредниот плански период.

Во мал број на ЕЛС, се реализираат едукации по училишта и градинки на годишно ниво, како и едукација за рециклирање  од страна на компании од приватен сектор. Според наменското истражување од 2023, 65% од ЕЛС не започнале со активноста за развој и спроведување на програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти. И во однос на активноста за јакнење и поддршка на локални иницијативи за транзиција кон циркуларна економија, вклучувајќи воспоставување конкретна соработка на приватниот сектор со општините, ЈКП и локалните заедниците, со цел да се поттикне споделување на производи и опрема, нивна повторна употреба, пренамена, и сл. наменското истражување покажува дека мал е бројот на општините кој ја започнале оваа активност, само една општина одговорила е дека оваа активност е завршена, додека 2/3 од општините не започнале со оваа активност.

### Мерка 4.2.7: Реорганизирање на комунално-редарската служба во единиците на локалната самоуправа

[41] Од 10.06.2024, Министерство за економија и труд -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

Согласно годишен и месечни планови за работа на државните инспектори за животна средина се вршат надзори во областа на управувањето со отпад со кој се опфатени надлежностите на државните инспектори за животна средина во вкупно 6 закони од оваа област. Надзорите се вршат врз основа на утврдена Методологија на ризик, односно комплексност на субјекти кои се предмет на надзор. Терминологијата засилени контроли не се користи во инспекциските активности.

Активностите за подготовка и донесување на Закон за комунална полиција и воспоставување на комунална полиција во општините, се поместени за спроведување во наредниот плански период.

**Приоритет 4.3: Локализирање на климатската акција и подобрена заштита на животната средина и природата**

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека најголем процент од испитаниците (51%) одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни од заштитата и превенцијата на загадувањето на воздухот, додека највисоко ниво на задоволство (35%) е изразено во однос заштитата на животната средина и природата. Кај сите оценувани аспекти во оваа област, со исклучок на заштитата на животната средина и природата, процентот на незадоволните граѓани е забележително поголем од задоволните.

Споредено со сите претходни години, почнувајќи од 2017 до 2021 год., се забележува подобрување како на вкупната просечна оценка така и на просечните оценки за сите аспекти кои беа предмет на оценка на задоволството на граѓаните во оваа област, со исклучок на заштитата и превенцијата на загадувањето на водата за кое во 2019 год. просечното задоволство на граѓаните било на највисоко ниво (2,83). Споредено со податоците од 2022 год. просечното задоволство на граѓаните со заштитата на животна средина и сите оценувани аспекти е на скоро исто ниво.

**Мерка 4.3.1: Унапредување на нормативната рамка и националните политики од областа на животната средина и климатските промени, доуредување на надлежностите на општините во насока на поголема автономија во нивното извршување и јакнење на со закон утврдените механизми за финансирање на пренесените надлежности на општините**

Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух беше донесен во јули 2021 година. Негова главна цел е воспоставување на јасен начин на подготовка на Плановите за квалитет на воздухот и на краткорочните акциски планови, како и ефикасно спроведување на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот, овозможувајќи да се зголеми бројот на општини кои ќе подготват Планови за квалитет на воздухот, а воедно преку казнените одредби се очекува поефикасна имплементација на дефинираните мерки во плановите, како и обезбедување на доволни финансиски средства за нивно спроведување.

Националниот План и Национална Програма за обезбедување квалитет на амбиентниот воздух сеуште не се изработени. Нивната изработка е планирана во рамките на проект за воздух финансиран од ИПА 2 програмата, кој се очекува да започне во вториот квартал на 2024 година.

Нацрт закон за контрола на индустриски емисии е подготвен и доставен на мислење до релевантни институции и се планира на почетокот на 2024 година да биде донесен.

Правилникот за катастар на загадувачи на животната средина се планира да биде изработен и усвоен до 2030 година, давајќи доволно време за обезбедување на проекти кои ќе поддржат исцрпни и систематични напори за исполнување на законските обврски од Законот за животната средина. Подготвена е нацрт верзија од Правилникот за содржината, начинот и

постапката на упис на податоците во катастар на загадувачи на води, кој е направен во рамките на проектот „Развој на информативен систем и мониторинг програма за животна средина“ и истиот во периодов што следи се очекува да се започне со процедурите за негово усвојување.

Групата од 6 закони за посебни текови на отпад вклучувајќи и нов Закон за управување со отпадот беа донесени во 2021 година и веќе се во процес на спроведување. Донесен е Закон за инспекциски надзор во животната средина во 2022 година и веќе се спроведува. Подготвен е и предлог на Закон за заштита на природното и културно наследство на Охридскиот регион. Донесен е и Законот за прогласување на Шар Планина за национален парк во 2022 година. Треба да се донесе измена и дополнување на Законот за природа, со кој ќе создаде правна основа за донесување на Правилник за плаќање на екосистемски услуги (ПЕУ) и ќе се уреди забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови, како и целосна транспозиција на ЕУ Директивите за живеалишта и птици. Законот за климатска акција и нов Закон за минерални суровини се во владина процедура за разгледување. Во 2022 беше донесен Закон за изменување и дополнување на Закон за минерални суровини со кој во Преодни и завршни одредби во член 83 се уреди дека концесионерите на кои им е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини во рок од две години се должни да достават План за управување со отпад од минерални суровини согласно со член 86 од законот и потврда за финансиска гаранција согласно со член 96 од законот. Доколку концесионерите не достават план за управување со отпад и потврда за финансиска гаранција, Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија.

Во тек е изработка на Национален акционен план за зелена агенда како пандан на Регионалниот акционен план за Западен Балкан. Во него ќе бидат детерминирани сите идни мерки и активности во делот на декарбонизација, циркуларна економија, борба против загадување, одржливост на земјоделието, производство на храна и заштита на природата и биолошка разновидност, со утврдена временска рамка и финансии. Во мај 2022 година е донесен Националниот план за енергија и клима до 2030 година. Согласно изменетата Директива за енергетска ефикасност веќе нема да се изработува нов план за енергетска ефикасност, туку истиот ќе биде заменет со Националниот план за енергија и клима.

Сеуште не се донесени релевантни подзаконски акти за спроведување на Законот за енергетска ефикасност. На крајот на 2022 година, Владата одлучи да го воспостави Фондот за енергетска ефикасност во рамките на Развојната Банка на Северна Македонија. Измени на законот со кој се воспоставува оваа банка беа усвоени од Собранието во октомври 2023 година. Со измените покрај останатото, се овозможува финансирање преку кредити, гаранции и грантови на проекти кај јавните субјекти за подобрување на енергетската ефикасност, додека за резиденцијалниот сектор и компаниите ќе бидат обезбедени средства за спроведување на мерки за енергетска ефикасност во форма на поволни кредити преку комерцијалните банки. Останува да се воспостави деловник за работа на Фондот и да се подготви проектно портфолио. Во функција на последното е и најавената подготовка на Стратегија за енергетска ефикасност за обновување на згради.

**Мерка 4.3.2: Сеопфатно јакнење на капацитетите на локалните институционални чинители искористувајќи ги притоа законските можности за воспоставување на заедничка администрација на општините кои немаат доволно човечки ресурси**

ЗЕЛС спроведува активности за јакнење на капацитетите на општинската администрација. Во 2022 година 1500 учесници од општинската администрација поминаа низ серија на обуки организирани од ЗЕЛС.

Активностите за подготовка и спроведување на сеопфатна програма за развој на административниот капацитет на општините и општинските ЈКП за спроведување на законодавството, процедурите и стандардите поврзани со заштитата на животната средина и природата и за воспоставување на заедничка администрација за заштита на животната средина и природата на општините кои немаат доволно човечки ресурси, ќе продолжат да се спроведуваат и во наредниот плански период. Во 2023 година беше воспоставено заедничко одделение за управување со води и ризици од поплави на општините од Полошкиот плански регион.

**Мерка 4.3.3: Продлабочена координација и соработка на државата со единиците на локалната самоуправа, оформување на соодветна и комплексна инвестициска програма за намалување на аерозагадувањето проследена и со низа институционални мерки кои треба да вклучат унапредување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух, засилен инспекциски надзор, подготовка на локални планови за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух а со тоа и локализирање на активностите односно прилагодување на сите мерки и активности на локалниот контекст**

Изработка на Мултисекторска инвестициска програма со акциски план за намалување на аерозагадувањето не е предвидена согласно националната законска легислатива. Согласно Законот за квалитет на амбиентен воздух е предвидена изработка на национални и локални плански документи за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот. Првите Национални планови беа донесени во 2012 година, а изработката на нови Национални плански документи е планирано во рамки на IPA 2 проект кој ќе започне со реализација во втор квартал 2024 година. Во ноември 2018 година донесен е Планот за чист воздух за период 2019-2020 година, врз основа на кој се подготвени и реализирани Програми за намалување на аерозагадување за 2019-2021 година со буџетски средства во висина од 121.000.000,00, 100.000.000,00 и 80.000.000,00 денари соодветно, со цел финансирање на мерки за намалување на аерозагадувањето. Активностите од програмата се однесуваат на замена на постоечките нееколошки системи за греење во домаќинства, градинки, основни и средни училишта, зголемување на енергетска ефикасност и уредување на урбани зелени површини. Во процесот на подобрувањето на квалитетот на воздухот значајна е улогата на ЕЛС, бидејќи согласно законските прописи истите се задолжени да подготвуваат планови за квалитет на воздух во кои се дефинираат мерки за подобрување и заштита на квалитетот на воздухот. Министерството континуирано и активно е вклучено во процесот на подготовка на планските документи на локално ниво. Имено, дел од Плановите се изработени во рамките на проектните активности кои се спроведуваат во рамките на Министерството, а дел се изработени со финансиска поддршка преку Програмата за инвестиции во животната средина. Досега донесени се плановите за Агломерација Скопски регион (2017-2021), за градовите Тетово, (2017-2021), Битола (2022- 2026), Велес (2018 – 2022), Струмица (2019-2023), Куманово (2022-2026), Кавадарци (2022-2026) и Гостивар (2022-2026). Изработени се локалните планови за општините Кичево и Кочани, но истите треба да се усвојат од страна на советите на општините. Во тек е изработката на плановите за квалитет на воздух за Велес, Охрид, Прилеп, Струга, Штип и Гевгелија. Истите ќе се изработат до крајот на јануари 2024 година, по што ќе следи постапка на консултација со јавноста и усвојување од страна на советите на општините.

МЖСПП континуирано врши одржување на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот (ДАМСКАВ), во согласност со расположливите резервни делови и потрошни материјали. Секоја година се подготвува Програмата за работа на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух. Последните неколку години Министерството активно работи на модернизација и проширување на ДАМСКАВ. Голем број на застарени мерни инструменти се заменети со нови. Инсталирани се нови мерни инструменти за следење на PM2.5 на сите станици

поставени во урбани средини. Системот е проширен и со нови станици, поставени во Гевгелија (октомври 2020), Берово (декември 2021), Прилеп (декември 2021) и Охрид (октомври 2022). Овие активности се финансираат преку националниот буџет и преку меѓународни проекти.

Во тек е постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република С. Македонија. Во финална фаза е втората фаза на конкурентен дијалог каде што приватните инвеститори треба да понудат техничко решение со нацрт тендерска документација, по што ќе следи третата фаза од постапката каде се доставува финалната понуда до Јавниот партнер и донесување на Одлука за потпишување на Договорот за ЈПП со најповолниот понудувач.

Активностите за подготовка и спроведување на обуки за вработените во ЕЛС за спроведување на постапки за оцена на влијанието врз животната средина од планови, програми и проекти како и за водење на постапки поврзани со издавање на Б еколошки интегрирани дозволи и за проведување консултации со општините (ЗЕЛС) околу најсоодветниот модел за изградба на дистрибутивни мрежи на природен гас, се предвидуваат за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 4.3.4: Заострување на прекршочната и казнена политика**

Од 2005 до 2023 година само 45% од единиците на локалните самоуправи имаат назначено општински инспектори за животна средина. Во однос на општинските служби ДИЖС не е надлежен за статистички податоци. За тоа е надлежно МЖСПП, а постои Анализа на Фондацијата Конрад Аденауер која дава јасна слика за состојбите со општинските инспектори за животна средина. Одделението за лабораторија при МЖСПП односно Централната лабораторија за животна средина на барање на локални инспектори може да врши и врши мерења. Најчесто се прават контролни мерења од страна на одделението за лабораторија. За овие мерења одделението за лабораторија наплаќа услуга исто како и за Државниот инспекторат за животна средина. Планирано е соработката да се активира преку информирање на локалните инспектори за животна средина за тоа дека одделението за лабораторија е акредитирано за определени методи.

Законите од областа на животната средина претрпеа измени и дополнувања во текот на 2021 година при што се заостријa глобите за прекршоците. Усвоен е нов Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл. Весник на РСМ бр. 99/2022), кој ја утврдува обврската на општините да вработат овластен општински инспектор за животна средина заклучно со крајот на 2022 година. Останато е уште да се извршат измени и дополнувања на Законот за прекршоци со цел законите од областа на животната средина да бидат усогласени со Законот за прекршоци. Моментално овие измени и дополнувања на Законот за прекршоци се во владина процедура но постапката не е завршена повеќе од 2 години.

Комисијата за прекршоци до сега немала можност да присуствува на обука. Министерството за правда како носител на Законот за прекршоци треба да спроведува обуки и советувања на прекршочните комисии како и да дава насоки и начелни ставови. Од друга страна пак Комисијата за прекршоци организира обуки за овластени инспектори за животна средина секоја година. Што се однесува на организирање на обуки за судии и обвинители за областа животна средина, Државниот инспекторат за животна средина преку меѓународни проекти организира состаноци како и обуки со обучувачи од други држави.

**Мерка 4.3.5: Воспоставување и водење на зелена даночна, урбанистичка, сообраќајна и транспортна политика на државно и локално ниво**

Во МЖСПП има Одделение за стратешко планирање кое е вклучено во интегрирање на заштитата на животната средина во другите секторски политики на национално ниво (земјоделство, транспорт, енергетика, индустриска политика итн.) со цел да се создадат предуслови за усогласување на локалните развојни стратегии и планови за заштита на животната средина.

Активноста за воведување зони со ниска емисија, локални политики на паркирање во загадени зони, поинтензивно озеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентни сообраќајници ќе продолжи да се спроведува и во наредниот плански период.

**Мерка 4.3.6: Поефикасна координација на сите чинители и институционална интеграција а со цел да се надмине фрагментираноста на надлежностите од областа на управувањето со водите**

Формирање на Агенција за води или друго институционално решение за постепено интегрирање на надлежностите е политичко прашање и истото се очекува да биде иницирано на ниво на Влада на Република Северна Македонија.

Подготвен е нацрт План за управување со сливот на река Вардар во рамки на ИПА проектите: ИПА ТАИБ 09 и ИПА твининг проект. Во рамки на сливот на Вардар е подсливот на река Брегалница за што е изработен План за управување со подсливот на река Брегалница. Планот е изработен со помош на Швајцарската Влада. Подготвен е нацрт План за управување со сливот на река Струмица во рамки на проект на УНДП, а финансиран од страна на Швајцарската Влада. Планот за управување со сливот на река Црн Дрим како целосен сеуште не е подготвен. Во рамки на ова сливно подрачје влегуваат подсливовите на Охридско Езеро, Преспанско Езеро и подслив на река Црн Дрим. За ова сливно подрачје подготвени се Плановите за подсливот на Охридско Езеро, како и Планот за Преспанско Езеро. Се планира во наредниот период преку ГЕФ проект да се изработи целосен план. Изработени се План за управување на подслив на Преспанско Езеро - усвоен од страна на општина Ресен и се спроведени се мерките за период 2016 - 2021 и План за подслив на Охридско Езеро план изработен со поддршка на ГЕФ. Со цел усвојување на сите планови (Вардар, Црн Дрим и Струмица), Секторот за води при Министерството за животна средина изработи проектна задача (ТоР) за спроведување на ИПА проектот кој ќе биде техничка поддршка за изработка и усвојување на Плановите. Оваа проектна задача е доставена до Делегацијата на ЕУ и се очекува по нејзиното одобрување да започне процесот на спроведување.

Во подготовката и спроведувањето на програмите за мониторинг на површински и подземни води со компонента за рано предупредување од ризици од поплави и воспоставување оперативен мониторинг вклучени се општините од Полошкиот и Источниот плански регион. Во Полошкиот регион како резултат на проект на УНДП за зголемување на отпорноста кон поплави, поддржан од швајцарската влада беа поставени нови автоматски хидролошки и автоматски метеоролошки станици со што се подобри хидролошкиот и метеоролошкиот мониторинг и се овозможија подобрувања во сегментот на раната најава и предупредување. Во натамошниот период се очекува продолжување и продлабочување на соработката помеѓу УХМР и посочените општини во насока на уште подобро и поквалитетно спроведувањето на програмите за мониторинг на површински и подземни води со компонента рано предупредување од ризици од поплави и воспоставување оперативен мониторинг. Потребно е да се продлабочи соработката во однос на потребата од нови автоматски станици, подобрување на информациите од терен до УХМР и кон општините, назначување на одговорни лица за соработка при мониторинг и известување во случај на поплави, подобрување на заштитата на постоечките и идните хидролошки и метеоролошки станици кои често се намерно оштетувани, соработка со општините

за одржување на локациите на станиците, како и обезбедување на кадар во УХМР кој наменски ќе биде вработен за потребите на ЕЛС за изработка на хидролошки годишници.

Во наредниот период се очекува вклучување и на останатите единици на локалната самоуправа во спроведување на наведените програми. Во рамките на овој проект како облик на меѓуопштинска соработка воспоставено е Заедничко работно тело на сите општини од Полошкиот плански регион и Заедничко одделение за управување со води и ризици од поплави на општините од овој плански регион. Во рамките на овој проект беше направено второ ажурирање на Планот за управување со ризици од поплави за горниот дел од сливот на реката Вардар, со податоци и информации од соодветни тековни активности. Подготвен е подзаконски акт за изработка на општински планови за одбрана од поплави, комплетирана е физибилити проценка на опциите за подготвеност за општините од полошкиот регион и се спроведуваат градежни активности за заштита од поплави на Боговињска река. Отпочната е и постапка за доделување на грантови за енергетска ефикасност за домаќинствата во општината Врапчиште и другите општини во полошкиот регион (Желино, Брвеница, и училишта во Јегуновце). Потпишан е Меморандум за разбирање со ЈП „Македонски шуми“ и спроведени се приоритетни анти-ерозивни мерки и мерки за пошумување. Во тек се активности за: интегрирање на приоритетите за намалување на ризици од несреќи и урбана отпорност во Генералниот урбанистички план (ДУП) за град Тетово; воведување на интегриран пристап за ублажување на ризикот од поплави во управувањето со водите, седиментот и земјиштето, и урбанистичко планирање, за реката Порој, во општина Тетово; помагање на општините да ги надградат општинските планови за одговор при итни случаи во согласност со националното законодавство; испорака на целни сеопфатни обуки за клучните институции во полошкиот регион; спроведување кампања за подигање на јавната свест (со активности за градење капацитети) за воспоставување на системот за рано предупредување и пилотирање на нов пристап за подготвеност (национално и локално ниво); спроведување мерки за структурна и биоинженерска заштита од поплави во село Шипковица во општина Тетово; имплементација на мерки за урбана отпорност во општините Тетово и Гостивар и спроведување мерки за стабилизација на свлечишта во 7 зони со висок ризик.

**Мерка 4.3.7: Решавање на наследените индустриски загадувања и ревитализација на деградираните простори во општините**

Во 2022 година се донесе Законот за измени на законот за животна средина, со додавање на нови членови 28-а до 28-г (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 89/22), за определување на контаминираните подрачја. Со тоа се создаде правна рамка за управувањето со контаминирани подрачја. Изготвена е методологија за определување и категоризација на „жешките точки“. Истовремено, активностите за ремедиација на „жешките точки“ можат да се реализираат и согласно одредбите на глава XVI ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА како и Законот за управување со отпад. Постигнувањето на стратешките цели утврдени за надминување на постојните проблеми и недостатоци во управувањето со ремедијацијата на поголемите оптоварувања врз животната средина и на еколошките жаришта наложува широк опсег на акции, кои треба да се спроведуваат истовремено и во долг временски период. Министерството за животна средина и просторно планирање, во рамките на својот буџет обезбедува финансиски средства за редовно одржување на пречистителната станица за намалување на загадувањето со шествалентен хром и кофинансира за решавање на загадувањето со линдан во ОХИС Скопје. Изготвени се физибилити студии за веќе идентификуваните „жешки точки“.

**Мерка 4.3.8: Унапредување на управувањето со заштитените подрачја и преку воспоставување облици на меѓуопштинска соработка**

Извршена е валоризација на природните вредности на Осоговски и Малешевски Планини, Охридско Езеро и Белчишко Блато, Шар Планина како и за повеќе природни реткости. Во активностите беа вклучени општините Берово, Пехчево, Охрид, Струга, Дебарца и др. Изготвени се Студија за валоризација на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на заштитен предел -Малешево (2021), Студија за валоризација на споменик на природа - Охридско Езеро (2021), Студија за валоризација на Белчишко Блато - Парк на природа (2022) Студија за валоризација на Шар Планина (2021) студија за валозризија на НП Маврово (2023).

Во рамките на Проектот: „Програма за зачувување на природата на Македонија", финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој е фокусиран на сливното подрачје на реката Брегалница, идентификувани се три потенцијални области Натура 2000. (Овче Поле, Долна Брегалница и Малешевски Планини). За овие области, преку идентификација на живеалишта, растенија, животни и птици од интерес на ЕУ, пополнети се стандардни обрасци за Натура 2000. Активности за подигање на јавната свест и кампања Натура 2000 за засегнатите страни беа имплементирани во Источниот плански регион.

Изготвени се планови за управување за Национален парк Шар Планина и Заштитен предел - Осоговски Планини, како на планови за управување со заштитен предел-Малешево и Споменик на природа- Преспанско Езеро.

Во делот на активностите за прогласување на заштитени подрачја, МЖСПП подготви Предлог на закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природата, кој е во собраниска процедура за негово усвојување. Во собраниска процедура за усвојување е и Предлог-законот за прогласување на кањонот Матка за заштитено подрачје во категорија III - Споменик на природата Како и Закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата МЖСПП води постапка за прогласување на Белчишко Блато за парк на природата како и Долна Пчиња за споменик на природа и НП Маврово за национален парк.

Активноста за воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за управување со заштитени подрачја чии граници се преклопуваат со границите на две и повеќе општини, е предвидена за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 4.3.9: Развој и спроведување на општински програми за енергетска ефикасност искористувајќи ги можностите за воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка**

Од анкетираните општини во 2022, 30 од 57 односно 57% спроведуваат општински План за енергетска ефикасност, а 29% имаат вработено лице кое извршува задачи поврзани со енергетската ефикасност.

Активноста 4.3.9.1: Воспоставување на заеднички административни тела на општините за енергетско управување/ефикасност (согласно со Законот за меѓуопштинска соработка) е предвидена за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 4.3.10: Систематски и посилни вложувања во енергетската ефикасност**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 17 од 57 општини, од сопствениот буџет финансиски стимулираат спроведување на мерки за енергетска ефикасност.

Започнат е проект за замена на нееколошките системи за греење во четири поголеми градови: Скопје, Битола, Тетово и Куманово, со финансирање од 10 милиони евра од Европската

Унија. Значителен дел од средствата, приближно 5,5 милиони евра, ќе бидат наменети за набавка на еколошки системи за греење во овие градови. Дополнително, 3,3 милиони евра ќе бидат наменети за набавка на нови автобуси на гас, обезбедувајќи сеопфатен пристап за намалување на влијанието врз животната средина. Во тек е прецизно мапирање, чии резултати ќе ги информираат идните активности поврзани со финансирање проекти за замена на системите за греење. Откако ќе заврши процесот на мапирање, наодите ќе бидат јавно достапни. Оваа транспарентност ќе му овозможи на МЖСПП да поседува јасен преглед за тоа кои објекти продолжуваат да користат нееколошки извори на енергија како нафта или други не-обновливи ресурси, што предизвикува потреба од итна замена.

**Мерка 4.3.11: Воспоставување на ефективни механизми за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина и зајакнување на административниот капацитет на надлежните органи одговорни за оцена на животната средина за стратешки планови, програми и проекти**

Подготовка и спроведување на Акциски план за адресирање на воочените предизвици и унапредување на механизмите за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина од страна на ЕЛС е планирано за 2024 година.

Со цел навремено информирање на граѓаните за состојбата со квалитетот на воздухот, МЖСПП активно ја ажурира веб страната http://air.moepp.gov.mk на која се објавуваат податоците од Државниот мониторинг систем за квалитет на воздух во реално време. Особено е значајно што на истата веб страна, на дневна база се поставуваат предупредувања и препораки во однос на загадувањето на водухот, како и информации за тоа како граѓаните да го дадат својот придонес во заштитата на квалитетот на воздухот. Со примена на порталот за квалитет на воздух, свеста на граѓаните е подигната на повисоко ниво.

**Мерка 4.3.12: Доследна и континуирана оперативна поддршка од страна на единиците на локалната самоуправа за сите партиципативни тела во општините преку овозможување соодветни просторни и технички услови вклучувајќи поддршка на иницијативите на граѓаните како и на механизмот на локално референдумско изјаснување**

Активноста 4.3.12.2: Создавање на партиципативно тело за заштита на животната средина и природата во секоја ЕЛС е предвидена за спроведување во наредниот плански период откако ќе се вгради соодветна одредба во Законот за животната средина

**Мерка 4.3.13: Спроведување кампањи за јакнење на јавната свест кои треба да се реализираат низ директна соработка со здруженијата на граѓани а со цел да се јакне транспарентноста и отчетноста на институционалните чинители вклучувајќи ги општините и ЈКП и следствено да се зголемува довербата кај граѓаните**

Активноста за подготовка и спроведување кампањи во ЕЛС низ директна соработка со здруженијата на граѓани за подигање на јавната свест кај граѓаните за потребата од целосна заштита на животната средина и природата, ќе продолжи да се спроведува и во наредниот плански период.

Во тек е евалуација на ИПА проект кој се планира да започне кон крајот на 2023 година и со овој проект ќе се подготват стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава.

**Мерка 4.3.14: Подигање на јавната свест кај граѓаните за проблемите поврзани со климатските промени со цел да се зголеми адаптивниот капацитет на локалното население и локалното стопанство, а особено во секторите земјоделството и сточарство, биолошката разновидност, шумарство, здравство, туризам, културно наследство, водни ресурси и социо-економски развој**

МЖСПП планира со помош на проекти финансирани од донатори да започне со мапирање на најранливите категории од населението, жени, мажи и деца кои би биле најмногу погодени од климатските промени и нивна поддршка во плановите за справување со ризици (од поплави, шумски пожари и други последици на климатските промени) како и воспоставување систем за собирање и анализирање на родово-разделени податоци за животна средина и климатските промени и развивање родови индикатори.

Активноста за подготовка и спроведување кампањи во ЕЛС низ директна соработка со здруженијата на граѓани за подигање на јавната свест за последиците од климатските промени и потребата од планирање и спроведување на мерки за митигација и адаптација, е планирана за спроведување и во наредниот плански период. Според наодите од наменското истражување од 2023, 43% од 49 општини започнале или ја реализирале оваа активност.

**Мерка 4.3.15: Овозможување ефикасна климатска акција преку локализирање на одговорот на климатските промени со фокус на најранливите категории од населението кои се и најизложени на штетните ефекти на климатските промени**

Сеопфатна стратегија за климатска акција е донесена во 2021 година, а предлог - Законот за климатска акција е подготвен и треба да се донесе до крај на 2023 година. Во Стратегијата се потенцира дека спроведувањето на поврзаните политики и мерки бара сеопфатен процес за планирање, координација и имплементација на политиките. Ова мора да биде овозможено со сеопфатна правна основа и законски утврдени инструменти за координација со цел да се олесни дизајнирањето и спроведувањето на меѓусекторската политика, како и механизмите за следење на спроведувањето на предвидените политики и мерки. Наведено е дека Нацрт законот за климатска акција треба да обезбеди поволни предуслови за сеопфатни процеси на координација на политиките на начин што ќе се дефинира правниот механизам за следење на напредокот кон постигнување на националната цел за одржлив развој. Покрај тоа, Стратегијата како една од основните цели посочува на потребата од интегрирање на климатските аспекти во идните национални документи за стратешко планирање, поврзани со образованието, истражување и развој, и иновациите. Најважните национални стратешки документи што треба да ги интегрираат климатските аспекти се идната Национална стратегија за образование и Националната стратегија за иновации. Ова ќе обезбеди систематско и усогласено интегрирање на климатските аспекти во националниот екосистем за образование, истражување, развој и иновации, како и зголемување на капацитетите за образование, истражување и климатска свест кај пошироката јавност. Мерките за прилагодување содржани во оваа стратегија се ограничени и главно имаат за цел решавање на клучните бариери и празнини идентификувани во Третиот национален извештај. Причината за ова е фактот дека Стратегијата и нејзиниот акционен план ќе се фокусираат на мерките и политиките за ублажување на климатските промени, додека Националниот План за адаптација чија подготовка е поддржана од Зелениот климатски фонд, ќе се фокусира на сеопфатни политики и мерки за адаптација. Покрај ова, усвоените секторските стратегии во областа на биодиверзитетот и заштитата на природата веќе ги интегрираат мерките за адаптација кон климатските промени, додека анализите за ранливост на секторите (водни ресурси, земјоделство, шумарство, биолошка разновидност, природа, туризам, културно наследство) се веќе анализирани во досега развиените национални комуникации. Во едно од подпоглавјата на Стратегијата е подетално анализирана

националната рамка на политики за ублажување на климата која е рефлектирана во специфичните цели за адаптација. Како специфична хоризонтална/меѓусекторска цел е издвоена Специфична цел 7: *Да се воспостават сеопфатни инструменти за планирање, координација и спроведување на политиките за климатско дејствување.* Ова треба да биде овозможено со сеопфатна правна основа и законски утврдени инструменти за координација за олеснување на дизајнирањето и спроведувањето на меѓусекторската политика, како и механизмите за следење на спроведувањето на предвидените политики и мерки. Во Стратегијата има укажување дека најновите упатства објавени од Европската комисија препорачуваат интегрирање на климатските аспекти во процедурите за Оценка на влијание врз животната средина и користење на оценките како алатка за да се осигури дека идните планови и проекти нема значително да ги зголемат емисиите на стакленички гасови (стакленички гасови) и да поддржат зголемена адаптација кон климатските промени. Исто така, укажано е дека ЕК подготви Упатство за интеграција на климатските промени во стратешка проценка на животната средина со цел да се подобри разгледувањето на овие прашања во стратешките проценки на животната средина извршени низ земјите-членки на ЕУ.

Националниот план за енергија и клима (2021-2030) беше усвоен во јуни 2022 година. Четвртиот национален извештај кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени беше усвоен во февруари 2023 година

Во МЖСПП функционира Сектор за соработка со локална самоуправа и управни и надзорни работи кој меѓу другото секоја година подготвува План за обуки од областа на спроведување на законите од областа на животната средина за вработените во општините во оваа област. Планот се спроведува на годишно ниво, во последните години обуките се спроведуваат on-line со цел да можат да учествуваат што поголем број на вработени од општините и на тој начин придонесува на подобрување на административните капацитети на истите.

**Приоритет 4.4: Подобрена заштита на населението од кризи и катастрофи**

**Мерка 4.4.1: Создавање нормативна рамка и воспоставување ефикасен и функционален систем за превенција, рано предупредување, подготвеност, опоравок и одговор на несреќи и катастрофи, вклучувајќи ги и општините со јасно дефинирани надлежности и одговорности**

Ажурирањето на Процените на ниво на општина, Град Скопје и Републиката како процес се врши редовно, а по укажана потреба и вонредно преку Е-процена во согласност со Закон за управување со кризи и Уредба за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на општините, Градот Скопје и Републиката од сите ризици и опасности. Постојаната комуникација, координација и соработка во рамки на Системот за управување со кризи на локално ниво се остварува преку законските надлежности и активности на Регионалните штабови за управување со кризи во регионалните центри кои ги сочинуваат претставници од подрачните единици на министерствата и другите органи од државната управа од членот 13 став 2 од ЗУК, како и по еден претставник на општините и на градот Скопје чии подрачја се опфатени во регионалниот центар. Составот на регионалните штабови во регионалните центри ја одразува соодветната и правичната застапеност на заедниците на подрачјето што го опфаќа регионалниот центар.

Во рамки на ЦУК е формиран Центар за обука, кој ќе организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и сите субјекти во Системот за управување со кризи, со цел подигање на нивната обученост, знаење и вештини за справување со ризици и опасности. За наредниот плански период е предвидено воспоставување на „Национален информативен систем за ризици"- веб-базиран Географски информациски систем за просторно и тематско прикажување на посебните елементи од ризиците и опасностите опфатени со Процените за подрачјата на општините и градот Скопје и територијата на Републиката. Планирана е и

надградба на платформа Е-Процена и испорака на дополнителни обуки за општинската администрација како и целосен пристап на ЕЛС до системот. За овие активности неопходна е поддршка од заинтересирани донатори. Достапен е модул на обука за управување со кризи на веб платформата за учење opstinski.mk.

Со донесувањето на новата Уредба за методологијата за изработка на проценката на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената уредена е изработката на сценарија и матрици на ризик. „Сценарио на ризик“ е анализа и обработка на единечна или повеќеризична ситуација што доведува до значителни влијанија/последици, избрана со цел подетално да се прикаже одреден ризик за кој тоа сценарио претставува пример и основа за подготовка на оперативни планови и увежбување на надлежните субјекти од системот за управување со кризи.

Последната анализа за поставеноста и дејствувањето на целокупниот систем за кризи, имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и насоки за реформирање на овој систем со користени компаративни искуства е изготвена уште на 09.08.2018 година. Работната група беше предводена од Министерството за внатрешни работи, а во неа учество земаа и претставници на Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други релевантни институции. Врз основа на заклучоците и дискусијата на седница на Влада по однос на предметната анализа беше формирана повторно работна група, предводена од Министерството за одбрана која требаше да предложи ново законско решение за управување со кризи, заштита и спасување.

**Мерка 4.4.2: Редовно ажурирање на процените на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и на безбедноста од сите видови на ризици и опасности на единиците на локална самоуправа како основни документи и алатки за вклучувањето на намалувањето на ризиците од несреќи и катастрофи во стратешките и програмските документи и планови на локално ниво**

Ажурирањето на Процените и Плановите за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во сите ЕЛС и градот Скопје како процес се врши редовно, а по укажана потреба и вонредно.

Новата национална стратегија за заштита и спасување за 2022-2025 година сеуште не е усвоена.

**Мерка 4.4.3: Донесување на стратегии за отпорност на градовите преку развој на сеопфатни политики, мерки и активности за трансформација и адаптација**

Бесплатниот број за итни повици Е-112 е пуштен во употреба на 11.02.2022 година и е достапен за сите граѓани на РСМ на целата територија на РСМ. Истиот е имплементиран со финансиски средства добиени преку ИПА 2 програма на ЕУ. Пуштени во употреба се регионалните центри за примање итни повици на 112 во Тетово, Битола, Охрид, Велес, Штип, Струмица и Куманово. За наредниот плански период е предвидена надградба на системот Е-112 за целосно усогласување со Европската регулатива со која се предвидува сите мобилни фиксни и кабелски оператори да овозможат бесплатно доставување на СМС пораки и соопштенија до сите граѓани кои би се нашле на одредена територија/подрачје во ризик и опасност.

Преку проектот „Подобрен капацитет за управување со кризи на општините во Северна Македонија“ (Improved capacity for crisis response in municipalities in North Macedonia) во текот на

2021 година преку Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје се анализираше правната и институционалната поставеност на системот за управување со кризи, улогата на општините и беа идентификувани системските празнини и предизвици кои пандемијата на Ковид-19 ги изнесе на површината. Целта на проектот беше да се зајакне стратешкото управување со кризи во неколку избрани општини, и да се прикаже процесот на развој на стратегии за подготвеност и управување со кризи на остатокот од општините во државата. На осум селектирани општини (Кичево, Карбинци, Град Скопје, Велес, Кавадарци, Конче, Маврово Ростуше и Гостивар) им беше понудена поддршка во развојот на планови, стратегии и процедури за управување со кризи, согласно нивните различни економски, општествени и географски карактеристики. Во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), се предвидуваше на останатите општини да им бидат споделени подготвените планови и стекнатите знаења во процесот, и преку консултативни сесии да биде ревидирана нивната подготвеност за управување со кризи. Преку овој проект предвидено беше да се информираат граѓаните за надлежностите на општините и начините на кои тие можат да придонесат во процесот на превенција и управување со кризи, со цел креирање на јавен интерес и побарувачка за подобар перформанс од локалните власти. Дополнително, преку проектот се набљудуваше и вклученоста на плановите за управување со кризи во предизборните кампањи на локални избори во 2021 година, и нивно вклучување во програмите на политичките партии. Првата фаза од проектот траеше до март 2021 година, а втората фаза до март 2022 година.

**Мерка 4.4.4: Подготовка на програма за континуирано градење на капацитетите на општините, соработка со јавниот и приватниот сектор, експертската јавност, како и обезбедување целосна инклузивност и партиципативност во процесите**

Постојаната комуникација, координација и соработка во рамки на Системот за управување со кризи на локално ниво се остварува преку законските надлежности и активности на Регионалните штабови за управување со кризи во регионалните центри кои ги сочинуваат претставници од подрачните единици на министерствата и другите органи од државната управа од членот 13 став 2 од ЗУК, како и по еден претставник на општините и на градот Скопје чии подрачја се опфатени во регионалниот центар. Составот на регионалните штабови во регионалните центри ја одразува соодветната и правичната застапеност на заедниците на подрачјето што го опфаќа регионалниот центар.

Воспоставен е систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари - МКФФИС (Македонски информативен систем за шумски пожари) и истиот е надграден во верзија 3.5. Обуки за користење на МКФФИС се спроведени во 30% од ЕЛС со што е зајакната меѓусебната комуникација помеѓу УХМР која секојдневно ја полни МКФФИС базата со метеоролошки неопходни податоци и останатите надлежни институции вклучени во системот за управување со кризи. Исто така, со помош на системот МКФФИС воспоставена е подобра соработка помеѓу УХМР и чинителите во синџирот за рано предупредување и цивилна заштита.

Во периодот од 20.03.2023 до 26.05.2023 Секторот за аналитика, процени и стратешко планирање на ЦУК реализираше тренинг работилници-обуки за надградената верзија на Македонскиот информациски систем за рано предупредување од пожари (МКФФИС -V.3.5), во соработка со Јапонската агенција за меѓународна соработка JICA: Обука за тренери 20.03.2023 – 24.3.2023; Обука за корисници – Скопје, 30.03.2023-31.03.2023; Обука за корисници – Куманово, 04.04.2023 – 05.04.2023; Обука за корисници – Битола, 12.04.2023 – 13.04.2023; Обука за корисници – Охрид, 25.05.2023 – 26.05.2023; Обука за корисници – Струмица, 10.05.2023 – 11.05.2023; Обука за корисници – Штип, 17.05.2023 – 18.05.2023; Обука за корисници – Велес, 22.05.2023 – 23.05.2023. Обуките ги комплетираа вкупно 199 лица од следните институции: ЦУК, ЈП

Национални Шуми и нивните подружници, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Бригада за противпожарна заштита – Скопје, Територијалните противпожарни бригади на наведените градови, Министерство за одбрана, Дирекција за заштита и спасување, споменатите општински служби, Национален парк “Галичица”, Црвен Крст, ЈП Исар -Штип, Министерството за внатрешни работи, НП “Шар Планина”, комунални претпријатија на наведените градови. За успешно спроведување на аранжманите од обуката целокупната обука беа потрошени приближно 300.000 денари.

**Мерка 4.4.5: Функционално интегрирање на територијалните противпожарни единици во реформиран интегрален систем за заштита и спасување и управување со кризи преку усогласување на надлежностите, модернизирање, техничко опремување, кадровско зајакнување и консолидирање на изворите на финансирање**

Со решение на Министерство за одбрана формирана е меѓуресорска работна група за изработка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство Активноста е во тек и изработени се изменувања и дополнувања на законот за пожарникарство каде се опфатени и допрецизирани се критериумите за определување на бројот на пожарникари, кариерно напредување, психофизичка подготвеност, изворите за финансирање вклучително и опремување и обука на пожарникарите со цел зголемувањето на нивната ефикасност. Во изработка на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство од Меѓуресорска работна група опфатени се одредби за унапредување на системот за финансирање на ТППЕ во кој се опфатени порамнување на пресметките на плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во ТППЕ (шаренило на пресметки на плати, судски спорови, и сл.) на ниво на цела држава средствата за развој (опремување просторни услови, обука и други капацитети, ) со цел зголемување на нивната ефикасност.

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека повеќе од половина од испитаниците (58%) се или задоволни или целосно задоволни од услугите што ги обезбедуваат општините во областа на противпожарна заштита, додека значително помалку (14%) од анкетираните испитаници изјавиле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни со истите. Вкупната просечна оценка за противпожарна заштита е 3,52, а противпожарната заштита бележи најголемо вкупно просечно ниво на задоволство на граѓаните споредено со останатите надлежности. Споредено со податоците од претходните истражувања спроведени во 2019 и 2021 год., се забележува повисоко задоволство на граѓаните со оваа област, додека во однос на минатата година, се забележува скоро исто ниво на задоволство, односно незадоволство со оваа област. Трендот на зголемување на процентот на граѓаните кои изјавиле дека се или задоволни или целосно задоволни со противпожарна заштита кој растеше до 2022 год. (од 52% во 2019 год., 56% во 2021 год. на 60% во 2021 год.), оваа година, бележи стагнација, односно благ пад на 58%.

**Мерка 4.4.6: Воспоставување облици на меѓуопштинската соработка за подготовка и спроведување заеднички практични мерки, активности и обврски на општините вклучувајќи основање на меѓуопштински ТППЕ (доколку е неопходно да се направи и усогласување на законите) и промоција на волонтерството во противпожарната заштита**

УНДП во рамките на проектите „Зајакнување на општинските совети-фаза 2“ и „Пост Ковид: општините како двигатели на одржливиот развој“ го поддржува воспоставувањето меѓуопштинска соработка како инструмент за поефикасно искористување на расположливите капацитети и ресурси насочени кон воведување нови и подобрување на постоечките општински

услуги. Во оваа насока во рамките на проектните активности на „Зајакнување на општинските совети-фаза 2“ во 2023 година се поддржани следните меѓуопштински соработки: МОС во областа на Заштита и спасување помеѓу општините Дебар како иницијатор на МОС со општините Маврово И Ростуше и Центар Жупа. Во рамки на проектот „Пост Ковид: општините како двигатели на одржливиот развој“ поддржано е формирање на МОС во делот на зајакнување на капацитетите на противпожарните единици и алатките за онлајн известување помеѓу општините Кичево како иницијатор и Македонски Брод како и помеѓу општина Свети Николе како иницијатор и општина Лозово. Воспоставена е и соработка помеѓу општините: Битола – Могила; Битола – Новаци и Крива Паланка – Ранковце. Носители на активноста се единиците на локалната самоуправа и ТППЕ

Активностите за подобрување на противпожарната заштита преку воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка и навремено и целосно исполнување на обврските по овој основ од страна на општините и континуирана промоција на волонтерството и основањето на доброволни противпожарни друштва во општините, ќе продолжат и во наредниот плански период.

**Приоритет 4.5: Подобрени локални услуги од областа на здравствената заштита**

Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека помал процент од испитаниците одговориле дека се задоволни или целосно задоволни (33%) од услугите во оваа област, од оние кои воопшто не се задоволни или не се задоволни (45%), додека 22% се неутрални и изјавија дека ниту се задоволни ниту незадоволни. Споредбената анализа со резултатите од сите претходни години укажуваат на пад на задоволството на граѓаните од здравствената заштита и пораст на незадоволството.

Услугите што ги обезбедуваат општините во сферата на здравствената заштита се оценети со вкупна просечна оценка 2.74.

**Мерка 4.5.1: Понатамошна децентрализација со цел да се зајакне локалниот одговор на здравствени кризи, подобро да се остварува здравствената заштита особено на најранливите групи од населението, и да се унапредува јавното здравје на одржлив и систематски начин**

Активностите за подготовка на функционална анализа на понатамошната децентрализација на надлежностите за здравствена заштита со цел да се зајакне превенцијата, подготвеноста, одговорот и опоравокот од здравствените кризи на локално ниво, унапредување на нормативната рамка за здравствена заштита и поврзани услуги со фокус на воспоставување систем за одржливо финансирање на пренесените надлежности на општините и зајакнат локален одговор на здравствени кризи и пандемии (овозможување ЕЛС да спроведуваат превентивни, оперативни, рестриктивни и други мерки во согласност со локалниот контекст и здравствената состојба на населението) како и мапирање на најранливите категории на граѓани во здравствени кризи со цел планирање на ефикасна поддршка и помош на тие групи или категории (жени, деца и млади лица, лица со попреченост и корисници на социјална помош) се поместени за спроведување во наредниот плански период.

**Мерка 4.5.2: Овозможување општините да спроведуваат превентивни, оперативни, рестриктивни и други мерки во согласност со локалниот контекст и здравствената состојба на населението**

Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, во 2021, само 9 од анкетираните 57 општини имале вакви кампањи, а во 2022 година само 6 општини. И во наредниот плански период е планирано да се зајакнува учеството на општините во следење и идентификување на здравствените потреби на мажите и жените со цел планирање на активности за подобрување на женското здравје (на пример: редовни гинеколошки прегледи и спречување на рак на дојка и др.) и машкото здравје (редовни уролошки прегледи за рано детектирање на рак на простата и др.).

**Мерка 4.5.3: Да се овозможи поефикасна соработка, комуникација и координација на хоризонтално ниво во општините, со центрите за јавно здравје но и со релевантните органи на државната управа**

Постојаната комуникација и соработка на ЦУК со општините и со ЦЈЗ се реализира во согласност со Уредбата за видот на податоците и информациите и постапката на нивно доставување до Центарот за управување со кризи во делот на здравствените ризици и опасности врз основа на која се добиваат редовни и вонредни информации, анализи и извештаи.

Подобрена е комуникацијата, координацијата и соработката на локално ниво помеѓу ЦЈЗ и горенаведените институции преку имплементација на Планот за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи и симулационите вежби.

# IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Компонента 1: Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа**

<u>Приоритет 1.1: Подобрување на нормативната рамка и други функционални аспекти на системот на локална самоуправа</u>

- Активностите за подобрување на законската рамка во насока на подоследна примена на начелото на супсидијарност и обезбедување на поголема самостојност и функционалност на единиците на локалната самоуправа во спроведување на пренесените надлежности се' во тек и се спроведуваат на партиципативен начин согласно со донесена Методологијата за оценка на системот на локалната самоуправа. Во Методологијата е предвиден фазен пристап кој започнува со процедура за унапредување на содржината на Законот за локалната самоуправа и продолжува со унапредување на содржината на Законот за градот Скопје, Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, Законот за меѓуопштинска соработка и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, а потоа и другите посебни закони кои се опфатени со Методологијата. Процесот се води врз основа на претходно направени партиципативни оценки на спроведувањето на законите како и дополнителни извештаи (за функционирањето на општинските инспекциски служби, доброто локално владеење, дигитализацијата на општинските услуги и др.). Во 2024 година планирано е да се спроведе завршна фаза на консултации со сите чинители за формулирање на конкретни нормативни иницијативи и предлози. Предуслов за успешно спроведување на овие активности е постигнување на висок степен на консензус помеѓу засегнатите страни, а особено помеѓу политичките партии во Собранието на РСМ;

- Спроведени се активности со кои се подобрени аспектите на доброто локално владеење со фокус на унапредување на локалната транспарентност, пристапот до информации, инклузивноста и отчетноста. Направена е продлабочена анализа на функционирањето на Комисиите за односи меѓу заедниците и во тек е подготовка на анализа на функционирањето на општинските Совети на потрошувачи. Наодите и препораките од овие анализи се предвидени за спроведување во наредниот плански период. Подготвен е Кодекс за транспарентност на локално ниво во чија операционализација се вклучени 39 општини и се очекува неговата примена значително да ја унапреди активната, буџетска и даночна транспарентност на општините. Во повеќе од 50% од општините веќе е обезбедена функционална електронска платформа за објавување на кварталните извештаи за реализацијата на буџетите на ЕЛС. Развиена е и Методологија за ефикасно, транспарентно и базирано на проекти финансирање на граѓанските организации. 51 од анкетирани 57 општини во 2022 година, издвојуваат средства за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани што претставува широко аплицирана добра практика.
- Во контекст на доброто локално владеење, остварен измерлив напредок кој се должи пред се на примената на иновативни пристапи и дигитални алатки засновани на добри меѓународни практики и стандарди но притоа е потребно вложување на дополнителни напори и ресурси за примена на овие решенија во сите општини;
- МЛС со поддршка на донатори, успешно спроведе годишни анкети за мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги во 2021, 2022 и 2023 година. Заклучни наоди од последната анкета се дека граѓаните продолжуваат да бидат генерално задоволни од квалитетот на животот во нивната општина со исклучок на перцепцијата поврзана со условите за живеење на ранливите категории на сограѓани. Вкупното просечно задоволство на граѓаните од општината и јавните претпријатија е на скоро исто ниво како во изминатите 5 години иако во 2023 година се забележува благо опаѓање на оценките. Општо земено, над една третина од граѓаните (38%) имаат позитивно мислење за вкупното работење на локалната власт и сметаат дека таа работи генерално добро и многу добро. Оние кои го делат негативното мислење се помалку (28%). Една третина (33%) од испитаниците сметаат дека локалната власт работи ниту добро, ниту лошо. Просечната оценка на граѓаните за вкупното работење на локалната власт во 2023 година, изнесува 3,0 на скала од 1 до 5. Највисоко ниво на задоволство испитаниците имаат од противпожарната заштита (оценка 3,52), а најниско во однос на локалниот економски развој (2,54). Наод кој упатува на предизвик за поургентно адресирање е дека над половина (56%) од испитаниците сметаат дека начинот на кој е организирана општината воопшто не овозможува или во многу мала мера овозможува вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво;
- Во тек е спроведување на втората фаза на проектот за зајакнување на општинските совети на МЛС кој е поддржан од швајцарската влада и се спроведува од страна на УНДП , а во чии рамки методично се јакнат капацитетите на општинските советници, се поддржува спроведувањето на ПОЛРД со акциските планови, и се вложуваат средства за модернизација на локалните услуги. Во рамките на овој проект, а по однос на дигитализацијата на општинските услуги, подготвени се аналитички извештаи за условите и потенцијалите за дигитализација на општините, за потребата и можноста за унифицирање на е-услугите обезбедени на локално ниво и за можноста за користење на националниот портал за услугите што ги даваат ЕЛС. Препораките од овие извештаи се предвидени за спроведување во наредниот плански период. Дигитализирани се 25 локални услуги во 18 општини преку користење на облици на меѓуопштинска соработка помеѓу партнерски општини. Препорачливо е дигитализацијата на општинските услуги да

заземе повисоко место на агендата за спроведување на националните политики за развој на информатичкото општество и за таа цел да се обезбедат позначајни вложувања од Буџетот на РСМ. Една од препораките во Извештајот на Европската Комисија за напредокот во процесот на пристапување во ЕУ е да се подготви и усвои Националната ИКТ стратегија со патоказ за дигитализација, со кој ќе се идентификуваат краткорочните, среднорочните и долгорочните приоритети. Оваа Стратегија треба во себе да вклучи мерки и активности за подинамична дигитализација на општинските услуги;

- По однос на создавањето на услови за доследна примена на принципот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа, заклучно крајот на 2023 година формирани се комисии за еднакви можности на жените и мажите во општинските совети и назначени се координатор(к)и за еднакви можности на жените и мажите во општинската администрација, во сите единици на локалната самоуправа. Повеќето општини изработуваат годишна програма за работа, имаат Стратегии за родова еднаквост и акциски планови за спроведување на стратегиите. Бидејќи примарната институционална инфраструктура и политики се воспоставени во општините, нареден чекор е да се динамизира работата на овие тела и одговорните општински службеници, како и процесите на спроведување на донесените политики и родово одговорно буџетирање, како и редовно известување за спроведувањето на поврзаните политики;
- Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 46 од 57 општини се изјасниле дека имаат воспоставено еден или повеќе облици на меѓуопштинска соработка што е своевидна потврда на целисходноста на Законот за меѓуопштинска соработка. Сепак, неопходна е посистематско и методична испорака на финансиска и техничка поддршка за поттикнување на меѓуопштинска соработка како и поедноставување на процедурите за нејзино воспоставување;
- По однос на приближувањето на општинските услуги кон граѓаните треба да се одбележи дека 30 од 57 анкетирани општини во 2022 имаат воспоставено едношалтерски систем, и на тој начин го имаат поедноставено процесот на поднесување на барања за испорака на услуги. Едношалтерскиот систем за корисници на општинските услуги е современо решение кое треба да се воспостави во сите општини. Притоа препорачливо е да се оствари присуство на општината во населените места вон урбаниот центар или руралното седиште на општините. Во овој контекст битно е да се зголеми функционалноста на месната самоуправа, а за таа цел препорачливо е да се изврши мапирање на функции и функционална анализа со цел да се идентификуваат функции од делокругот на надлежност на ЕЛС за чие поефикасно и поефективно извршување може да придонесат урбаните и месни заедници (УМЗ);
- Во рамки на Работната група на Владата за продолжување на децентрализацијата, во тек е разгледување на предлози за институционален децентрализација во областа на културата, потоа предлози за нови надлежности во областа на минералните суровини, туристичките и угостителските дејности, распределба на социјални станови, во областа на погребалните услуги, управување со земјоделско земјиште, пасишта, шуми, стопанисување со системи за наводнување и одводнување, здравствени дејности од примарно и секундарно ниво, пренесување на надлежности од Центрите за социјални работи, надлежности од Агенцијата за вработување, контрола на сообраќај на локални патишта, формирање на комунална полиција, издавање на сообраќајни и возачки дозволи, надлежности на водење матични книги и други надлежности. Подготвен е Детален план (ДП) за трансфер на надлежности и ресурси во областа на земјоделието, а конечните одлуки за трансфер на други надлежности и ресурси треба да бидат проследени со подготовка на детални оперативни планови и спроведување на измени на закони и други прописи;

- По однос на понатамошно унапредување на локалните политики за обезбедување интегритет и управување со ризици од корупција има измерлив напредок. Заклучно со крајот на 2022, 67 ЕЛС имаат усвоено политики за интегритет наспроти 40 ЕЛС заклучно со крајот на 2018. Заклучно со половината на 2023, Стратегии за управување со ризици се донесени во 37 ЕЛС, додека регистри на ризици се донесени во 31 ЕЛС. Според анкетата со граѓаните на УНДП и МЛС од септември, 2023 година, процентот на испитаниците кои го делат мислењето дека корупцијата е многу (27%) и донекаде присутна (35%) во општините при реализација на нивните надлежности е на скоро исто ниво како во 2022 год. и на малку пониско ниво од 2021 год., но продолжува да биде индикатор за потребата од адресирање на овој предизвик и зголемување на довербата на граѓаните во локалните институции. Препорачливо е во наредниот плански период фокусот да биде ставен на усвојување на политиките и примена на горенаведените алатки во сите ЕЛС, спроведување на обуки и опфаќање на општинските јавни претпријатија со овие активности.

<u>Приоритет 1.2: Обезбедување доволно финансиски средства за спроведување на сите децентрализирани надлежности преку продлабочување на фискалната децентрализација</u>

- Во текот на 2022 година на општините им се распределени 5% од наплатениот данок на додадена вредност, во три дела и тоа: основен дел (4,5%), дел за перформанси (0,25%) и дел за воедначување (0,25%). Во 2023 година на општините им се обезбедени средства во висина од 5,5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година, со зголемен дел за перформанси на 0,5% и дел за воедначување на 0,5%. За 2024 година е планирано дополнително зголемување во висина од 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година со распределба во три дела и тоа: основен дел (4,5%), дел за перформанси зголемен на 0,75% и дел за воедначување зголемен на 0,75%. По овој основ општините добија дополнителни 291 милиони денари во 2022 година. Истовремено до крајот на 2022 година на општините им беа трансферирани 4% од наплатените приходи од данокот на личен доход, а стапката за 2023 година изнесуваше 5%, додека во 2024 година планирано е општините да добиваат по 6% од наплатените приходи од данокот на личен доход. По овој основ, приходите на општините во 2022 година беа повисоки за 132 милиони денари. Во тек се активности поврзани со подобрување на содржината на Данокот за недвижен имот и системот на капитални трансфери и инвестиции од државниот буџет за општините. Во извештајниот период беше донесен и новиот Закон за буџетите и во 2024 година општините треба да ги спроведат сите неопходни подготовки за почетокот на негово спроведување од 1 јануари, 2025 година. Неопходно е и усогласување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со новиот Закон за буџетите. Зајакнувањето на капацитетот на единиците на локалната самоуправа за успешно администрирање и наплата на сопствените приходи, за управување со локалните јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетот, како и за управување со инвестициски програми треба да се врши континуирано;
- Во средината на декември 2023 год, Владата на Република Северна Македонија, на донесе одлука за пренамена на буџетски средства во износ од две милијарди денари коишто ќе бидат насочени за реализација на 66 проекти во најголем дел општини низ целата држава. Предвидено е овие средства да бидат наменети за реализација на проекти со коишто ќе се излезе во пресрет на потребите на граѓаните на локално ниво, како изградба и доградба на образовни и здравствени институции, спортски објекти, потоа реализација на проекти од

областа на инфраструктурата, како и проекти од областа на заштита на животната средина со коишто се влијае на подобрување на здравјето на граѓаните;

- Предизвик за наредниот плански период е унапредувањето на внатрешната контрола и ревизија од страна на општините со цел да се подобри управувањето со јавните финансии и да се намалат ризиците поврзани со финансиската стабилност на општините, локалните установи и претпријатија. Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 34 од 57 општини изјавиле дека спроведуваат внатрешна ревизија, а 28 општини спроведуваат и внатрешна финансиска контрола. Овој наод упатува на потреба од засилена поддршка за општините во наредниот плански период , а со цел да се воспостават овие критични функции за стабилно управување со јавните финансиски средства во сите општини;
- Нареден и не помалку значаен императив е доследната примена на воспоставените правила за фискална транспарентност на општините вклучувајќи навремено пријавување и евидентирање на обврските, а со тоа и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства. Индексот на буџетска транспарентност за 2022 кај 44 од 81 ЕЛС бележи подобрување споредено со претходната година. Во соработка со УНДП, во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети“ за повеќе од 50% од општините е обезбедена електронска платформа за објавување на финансиските извештаи за реализацијата на буџетите, со тенденција до крајот на проектот алатката да биде воспоставена во сите 80 општини и во Градот Скопје. На слободниот и проактивен пристап до информации се надоврзува потребата од обезбедување на учество на јавноста во буџетскиот процес на општинско ниво. Притоа, треба да се одбележи напредокот во вградување на правилата за организирање на форуми во заедницата и буџетски форуми во статутите на 2/3 од општините. Сличен напредок се забележува и по однос на родово одговорното буџетирање. Во 2022 година, 30 од 57 општини, односно близу 53% од испитаните општини изјавиле дека имаат воспоставено родово одговорно буџетирање во споредба со крајот на 2020 година кога 20 општини истото го практикувале. UNWOMEN во соработка со 31 ЕЛС работи на изградба на капацитетите на родовата машинерија (координаторите/координаторките и Комисијата за еднакви можности) на ЕЛС во родово одговорно буџетирање и планирано е вклучување на дополнителни 10 општини во наредниот плански период.

**Компонента 2: Иновативен и инклузивен локален економски развој**

<u>Приоритет 2.1: Создавање на неопходни предуслови за забрзан економски развој и раст на единиците на локалната самоуправа</u>

- Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека како и претходните години, активностите на општините за зголемување на вработеноста продолжува да биде најниско оценет аспект од сите други аспекти во сферата на локалниот економски развој, додека пак релативно највисоко ниво на задоволство граѓаните продолжуваат да имаат во однос на поддршката на развојот на мали и средни претпријатија;
- Соработката на општините со централната власт и другите засегнати страни за развој на општинските економски зони и привлекување на инвестиции, но и во сите процеси за финансиска и друга поддршка на претпријатијата, се одвива во многу ограничен обем и тоа во соодност на една наспроти пет анкетирани општини во 2023 година. Следствено, продлабочување на оваа соработка останува императив и за наредниот плански период, а примарниот фокус ќе биде ставен на генерирање на податоци во постоечкиот портал за

браунфилд инвестиции на АПСИ и развивање на портал за промоција на можностите на општините за привлекување на гринфилд инвестиции. Од анкетата во општините, спроведена во 2022 година, произлегува наод дека 28 од испитаните 57 општини изјавиле дека имаат формирано општински економски зони, а 20 општини имаат воспоставено јавно-приватни партнерства. Подобрувањето на одредбите од Законот за концесии и јавно-приватни партнерства низ директна соработка со ЕЛС и приватниот сектор е активност во тек, и избран е пристап низ кој се разделува содржината на овој закон во два закона;

- По однос на обезбедување на зајакната улога за општинските економско социјални совети како клучни партиципативни тела и промотори на локалниот економски и социјален развој на општините, во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 15 од 57 општини изјавиле дека имаат воспоставено економско социјални совет но во 2023 овој процент се подобрува, односно од вкупно 49 општини, 58 % се изјасниле дека имаат воспоставено економско социјален совет или дека активноста е започната;
- Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 45 од 57 испитани општини или 79% имаат усвоено повеќегодишна стратегија и/или акциски план за локален економски развој, а 8 од испитаните 57 општини имаат воспоставено облик за меѓуопштинска соработка за локален економски развој. Во рамки на проектот на МЛС, БРР и УНДП „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти, фаза 2“ финансиски поддржан од шведската влада, подготвени се Методолошки насоки за изработка на Интегрирани локални развојни планови. Во моментов низ овој проект, вкупно 17 општини добиваат поддршка за подготовка на интегрирани локални развојни планови, а преку друг проект на УНДП и МЛС со средства на швајцарската Влада поддржани се дополнителни 17 општини. Со новата генерација на интегрирани локални развојни планови се воспоставува сеопфатна стратешка развојна рамка за општините која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност вклучувајќи го и локалниот економски развој. Во рамки на истиот проект функционира Фонд за подготовка на сеопфатна техничка документација за проекти за развој на општинската инфраструктурата кој треба да биде преземен како механизам за поддршка на општините, од страна на Бирото за регионален развој;
- Во 2022, 10 од 57 анкетирани општини имаат поддржано претпријатија на жени претприемачки, 5 општини поддржале млади претприемачи, во 6 општини има воспоставено бизнис акцелератори, а само 3 од испитаните 57 општини изјавиле дека обезбедуваат финансиска помош како облик на поддршка на претпријатијата. Сепак, најголема поддршка на претпријатијата се дава во облик на нефинансиска поддршка, односно 31 општина овозможуваат ваква поддршка. Општините се пасивни и во поглед на создавање и управување со евиденцијата на состојбите на пазарот на трудот, каде што само 35% или 20 од испитаните 49 општини во 2023, манифестираат проактивен однос. Во 2022 година само 3 од испитаните 57 општини спроведуваат програми за поддршка на социјалното претприемништво. Истото се должи првенствено на недоволната децентрализација во областа на локалниот економски развој и социјалната заштита, каде суштински овие надлежности се спроведуваат од страна на релевантни органи на државната управа и специјализирани државни агенции и центри, и покрај тоа што овие области на надлежност со Законот за локалната самоуправа се утврдени како изворна надлежност на општините;
- По однос на подготовката и спроведувањето на програми за развој на човечките капацитети во администрацијата на општините за ЛЕР, во 62% од вкупно 49 анкетирани општини се’ реализирани или се’ во тек обуки за ЛЕР и водење на проектен циклус;

- Во 2022, само 10 од 57 анкетирани ЕЛС спроведуваат стимулативна даночна политика за приватниот сектор, а во 2023, 75% од 49 анкетирани општини се изјасниле дека не спроведуваат стимулативна даночна политика за приватниот сектор. Треба да се одбележи дека во рамки на проект на УСАИД, поддржани се 39 општини во унапредување на организацијата и работата на даночните одделенија како и подобрување на ефикасноста во администрирањето на даноците на имот со цел зголемување на сопствените приходи на општините и воспоставување на правично оданочување на сите даночни обврзници;
- Во рамки на проект на УНДП и шведската влада континуирано и на годишна основа се пресметува Индекс на локален развој/Општински развоен индекс. Во наредниот плански период треба да се изнајде одржливо решение за институционализација на овој Индекс.

<u>Приоритет 2.2: Развој на локални политики за намалување на невработеноста и спроведување на комплементарни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа</u>

- Во 2022, само 8 од 57 анкетирани ЕЛС спроведуваат сопствена програма со активни мерки за намалување на невработеноста во општината. И за наредниот плански период останува актуелен предизвикот за засилено вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд, како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е можно поцелисходни мерки за намалување на невработеноста со фокус на најранливите групи од населението, вклучувајќи ги младите и жените. АВРСМ спроведува две програми со активни мерки низ соработка со ЕЛС и тоа: Програма за работно ангажирање со активната мерка Јавни работи и Програмата Економија на грижа со мерката Општинско-корисна работа. Со овие мерки во 2021 година биле опфатени 1225 лица, а во 2022 година, 1185 лица. Спроведувањето на овие мерки продолжува и во наредниот плански период;
- Во 2022, само 10 од 57 анкетирани ЕЛС зеле активно учество во мапирање на невработените лица, активните баратели на работа и потребите од вработување во приватниот сектор и 20 ЕЛС водат евиденција за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општината. Сепак, во 2023 според наодите на анкетното истражување, 64% од 49 анкетирани општини се изјасниле дека завршиле или започнале со овие активности, што претставува подобрување. Овие активности упатуваат на потребата од продлабочена соработка со АВРСМ, а со цел да не се удвојуваат напорите;
- Според наодите од анкетното истражување од 2023 само 4 од вкупно 49 општини одговориле дека ги искористуваат постоечките капацитети на стручните установи за обезбедување образование на возрасни, и дека имаат воспоставено соодветни облици на меѓуопштинска соработка. Треба да се одбележи дека УНДП и МОН изработија Развоен концепт за Регионални центри за стручно образование и обука, каде што е претставена улогата на овие центри и нивните активности, со фокус на учениците и возрасните и вработливоста на ранливите групи. Во тек е спроведување на низа активности засновани на овој концепт.

**Компонента 3: Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението**

<u>Приоритет 3.1:Поквалитетно основно и средно образование во функција на забрзан социо-економски развој на единиците на локалната самоуправа</u>

- Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП, спроведено во септември, 2023 год., во однос на 2022 год. се забележува малку пониско

просечно ниво на задоволство на граѓаните со основното образование (од 3,63 на 3,49) и средното образование (од 3,42 на 3,32), квалитетот и стручноста на наставниот кадар (од 3,44 на 3,34), близината на училиштето (3,70 на 3,56), состојбата на зградата и условите во училиштето (3,53 на 3,39), и во однос на подеднаковиот третман на сите деца во училиштето (од 3,33 на 3,14). Споредбено со другите области од локална надлежност сепак овие резултати се сеуште меѓу најпозитивните. Подобрување на просечното задоволство на граѓаните има по однос на вкупните трошоци за образование споредени со примањата (од 2,68 на 2,79);

- Во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 13 од испитани 57 општини, изјавиле дека имаат план за оптимизација на мрежата на основни училишта. Во 2022 година имаше позначајно зголемување на блок дотациите за основно и средно образование за вкупно 3 милијарди денари, но во делот на зголемување на платите и надоместоците по тој основ, при што платите учествуваат со високи 89% во износот на дотациите. Бројот на ученици е во постојан тренд на намалување и оптимизацијата на мрежите, и прилагодување на бројот на вработени на бројот на постојните ученици треба да претставува приоритет за општините. Бидејќи се работи за чувствителен процес кој директно го засега населението особено во помалите рурални населби, истиот треба да се води низ подлабока соработка на општините, училиштата и МОН;
- По однос на етнички интегрираното образование, во 95 основни училишта се реализира настава на македонски и на уште еден или повеќе наставни јазици. Во 182 основни училишта се реализира настава само на македонски јазик, а во 61 основно училиште само на албански наставен јазик. Настава само на турски наставен јазик се реализира во две основни училишта. Настава на српски наставен јазик се реализира во вкупно 4 основни училишта, а на босански наставен јазик наставата се реализира во 2 основни училишта. Во 100 училишта учениците кои посетуваат настава на различни јазици, учат заедно, додека во 137 училишта учениците со различните наставни јазици, не учат заедно. Со Законот за основното образование е утврдена обврска за воспоставување на тимови за училишна интеграција со цел да се планираат и организираат активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција;
- По однос на интеграцијата на децата од заедницата на Ромите во образовниот процес, во анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 12 од 57 општини имаат формирано тимови за овие ученици, а 15 општини ги покриваат трошоците за нивно пред - училишно образование. Притоа, треба да се има предвид дека во само 8 општини од 57 кои учествувале во анкетата, ромската заедница надминува 5% од вкупното население. Во рамките на учебната 2022/2023 година доделени се 920 стипендии за средношколци Роми (претходно 891), а бројот на ангажирани ромски образовни медијатори е зголемен на 40 (претходно 35) за 2022/2023 година. Паралелно со зголемувањето на бројот на ангажирани медијатори, се зголеми и бројот на општините во кои работат, од 26 на 28 општини;
- По однос на инклузијата на децата со попреченост во образовниот процес, 98% од сите основни училишта имаат формирани тимови за ученици со посебни образовни потреби. МОН за учебната 2022/2023 година обезбеди средства во износ од 5,7 милиони евра за вработување на 725 образовни асистенти кои даваат поддршка на наставниот кадар при работа со 850 ученици со попреченост. Ова претставува значајно зголемување во споредба со 2020/2021 кога договори беа склучени со 323 образовни асистенти. Сите специјални училишта се трансформирани во основни училишта со ресурсен центар, додека посебните паралелки (23) во центри за поддршка. Како резултат на преземените активности, зголемен е бројот на деца со попреченост запишани во редовните основни училишта и во

центрите за поддршка во рамките на редовните училишта, т.е. запишани се 2108 ученици, наспроти 365 деца со попреченост кои се запишани во основните училишта со ресурсен центар и во центрите за поддршка во рамките на овие училишта. Во однос на подобрувањето на условите за физички пристап до образовните институции за лицата со попреченост, со поддршка на Светска банка ќе се реконструираат 118 основни училишта од сите општини;

- Во наредниот плански период е предвидено динамизирање на сите погоре наведени активности со цел да се оствари посилна етничка интеграција во училиштата и целосна инклузија на учениците Роми и учениците со попреченост во образовниот процес како и да се осовременат просторните и технички услови за спроведување на наставниот процес во училиштата.

<u>Приоритет 3.2: Унапредување на локалните услуги поврзани со социјалната заштита и заштитата на децата од страна на единиците на локалната самоуправа</u>

- Во истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП, спроведено во септември, 2023 година, за услугите од областа на социјалната заштита и заштита на децата, дадена е просечна оценка 2,61, односно овие општински услуги се међу пониско оценетите. Највисоко ниво на незадоволство (44%) на граѓаните се забележува во однос на активностите на општината за подобрување на животот на младите, а 43% од граѓаните одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни од активностите на општината за подобрување на животот на ранливите категории граѓани. И покрај овие споредбено пониски оценки, на прашањето ‘Кој би бил најсоодветен испорачател на сите овие услуги?’, како и претходните години, најголемиот процент од испитаниците (47%) одговориле дека тоа би била локалната власт наспроти централната власт (26%), и потоа јавно-приватните партнерства (8%), приватниот сектор (5%), односно здруженија на граѓани (4%). Овие наоди упатуваат на потребата МТСП[42], Центрите за социјална работа и општините, на поефикасен начин да ги објаснат резултатите и придобивките од спроведениот процес на деинституционализација на социјалните услуги за граѓаните међу кои функционирањето на вкупно 57 станбени единици за живеење со поддршка на деца и лица со попреченост, а во кои се сместени 265 деца и лица со попреченост - претходно згрижени во старите установи, достапноста на услугите во заедницата и подрегионалните центри за помош на згрижувачки семејства за децата без родителска грижа и фактот дека повеќе нема деца со попреченост или без родителска грижа кои се сместени во институции. Истовремено бројот на лиценцирани даватели на социјални услуги континуирано се зголемува и до март 2023 година лиценцирани се вкупно 85 граѓански организации и приватни даватели на услуги;
- Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, договори со здружение на граѓани за тековна испорака на услуги од областа на социјалната заштита, се склучени во 17 од 57 испитани општини, 13 општини имаат воспоставен институционален облик за заштита на старите лица и ги субвенционираат сметките на комуналните услуги за ранливите групи и корисници на социјална помош и услуги, 9 општини инвестираат во социјалното домување и во само 5 општини се воспоставени облици на међуопштинската соработка. Според истата анкета, пристапност на објектите на општината и сите општински јавни установи и ЈКП е овозможена во 39% од испитаните 57 општини, над половина од

[42] Од 10.06.2024, Министерство за социјална политика, демографија и млади -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр:121/2024)

испитаните 57 општини изјавиле дека имаат повеќегодишен план или стратегија за социјална заштита, близу половина располагаат со евиденција на ранливи групи и поединци вклучувајќи ги и нивните специфични потреби и 41 од 57 општини имаат воспоставено општински Совет за социјална заштита. Истовремено, само 6 од 57 анкетирани општини креираат локални услуги заедно со крајните корисници. Поврзано со воспоставените совети за социјална заштита сличен е наодот (41% од 49 општини) и во анкетата од 2023 година. Преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги", кој се реализира во соработка со Светска банка, МТСП заклучно со декември 2022 година, има обезбедено поддршка за 34 проекти преку кои се создадоа услови за развој на социјалните услуги кои вклучуваат околу 1300 корисници на локално ниво, во вкупно 41 општина. Половина од избраните општини се рурални. Препорака до сите општини е да ги оформат Социјалните совети, потоа советите да донесат Социјални планови како предуслов за аплицирање на проекти во Програмата на МТСП[43] за социјална заштита. За таа цел, МТСП[44] во соработка со ЗЕЛС и донаторите, треба да продолжат со спроведување на активности за зајакнување на општинските капацитети. Во наредниот плански период неопходно е да се оценат и ефектите од спроведувањето на Законот за социјална заштита и согласно наодите да се направи конечна проценка за потребата од трансфер на надлежности и ресурси на Центрите за социјална заштита и Дневните центри за лица со попреченост на општините. Истовремено препорака до општините е да го интензивираат воспоставувањето на облици на меѓуопштинска соработка во областа на социјалната заштита, за покомплексни услуги и за услуги за највозрасните лица;

- По однос на заштитата на децата, од март 2023 година, грижата и образованието на децата од предучилишна возраст е достапна и обезбедена во вкупно 81 јавна установа за деца т.е. градинки (10 повеќе во споредба со крајот на 2020) лоцирани во 68 општини (8 општини повеќе во споредба со 2020). Вкупниот број на објекти во рамките на јавните установи за деца е 333, од кои 210 се лоцирани во урбани средини и 123 во рурални средини. Исто така, функционираат 31 приватни детски градинки со 37 објекти лоцирани главно во урбани средини и претежно во општините на Град Скопје. За вкупно 37.695 деца на возраст до шест години обезбедена е грижа и образование во јавните и приватните институции. Податоците на МТСП[45] покажуваат дека од 63.355 деца на возраст од 3 до 6 години на национално ниво, 26.589 деца (т.е. 42%) се вклучени во некоја форма на предучилишна грижа и образование. Во периодот од 2021 до 2023 година преку Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита се отворени две нови Јавни установи за деца, 8 доградби на постоечки објекти, во 5 градинки е направено преадаптација на просторот и изградени се 7 нови објекти во состав на постоечките Јавни установи за деца. Зголемувањето на капацитетот и опфатот на деца за периодот 2021 до септември 2023 година во детските градинки е за 1934 деца. Во истиот период се отворени и три Центри за ран детски развој со опфат на 64 деца или вкупно 1996 деца се опфатени со некоја од формите и згрижени во предучилишните установи. Во претстојниот период треба да се отворат уште 5 детски градинки во Кочани, Прилеп, Тетово, Теарце и Арачиново со вкупен капацитет од 786 деца. Обезбедени се буџетски средства но и дополнителни средства од ИПА и од кредит на Светската Банка, овие активности да продолжат и во наредниот плански период;

---

[43] Од 10.06.2024, Министерство за социјална политика, демографија и млади -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

[44] Ибид.,

[45] Ибид.,

- Во извештајниот период продолжи да функционира Националното координативно тело составено од претставници од сите релевантни министерства и ромски граѓански организации, кои се вклучени во спроведувањето на Стратегијата за вклучување на Ромите 2022 - 2030 и Националните акциски планови и притоа се одржуваат редовни состаноци на квартална основа. Во предучилишното образование во 2022/2023 опфатени се 462 деца од ромската заедница наспроти 273 деца во 2019/2020 година и истото претставува значително подобрување на опфатот кое е планирано да продолжи и во наредниот плански период;
- Во анкетата во општините, спроведена во 2023 година, 38 % од 49 општини одговориле дека ја имаат реализирано или започнале со реализација на активноста за формирање на хетерогени работни тимови на ниво на ЕЛС за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција. Ова е напредок по однос на 2022 година кога овој процент беше помал, односно 23 од анкетирани 51 општини. Планирано е оваа активност да биде спроведена во минимум 30 дополнителни општини во наредниот плански период;
- Заклучно средината на 2023, формирани се 13 советувалишта за жени жртви (и нивните деца) на семејно насилство, од кои 8 организациски единици на месно надлежен центар за социјална работа, две советувалишта се финансирани од МТСП и управувани од здруженија, а едно е финансирано од локалната самоуправа и управувано од здружение на граѓани. Исто така, формирани се 10 специјализирани советувалишта за жени жртви на насилство и семејно насилство (7 од нив од страна на ЕЛС) и 8 специјализирани советувалишта за психо-социјален третман на сторители на семејно насилство (едно од нив од страна на ЕЛС). Во сите 8 плански региони има воспоставено засолништа за жртви на насилство врз жени и семејно насилство. На овој начин за период од три години е остварен измерлив напредок бидејќи заклучно крајот на 2020 година воспоставени беа две советувалишта, 6 центри за бесплатна правна помош и 5 засолништа, како и четири кризни центри. Активностите за зајакнување на оваа специфична социјална инфраструктура ќе продолжат и во наредниот плански период;
- По однос на остварувањето на еднакви можности на жените и мажите во локалната самоуправа, според анкетата со граѓаните на УНДП и МЛС од септември, 2023 година, значително помал процент (45%) од анкетираните граѓани во 2023 год. споредено со минатата година (52%) се согласуваат дека жените подеднакво учествуваат во процесот на донесување одлуки од страна на локалната власт како и мажите. Во периодот 2018 -2023, вкупно 962 членови на општински совети и администрација од 31 општина се корисници на проектот на UN Women „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“. УНДП преку повеќегодишниот проект „Јакнење на општинските совети“ паралелно работи на градење на капацитетите на општинските совети за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање со кој се опфатени вкупно 34 општини. Испораката на обуки за членовите на општинските совети и локалните механизми за родова еднаквост со фокус на јакнење на улогата на општинските координатори за еднакви можности и на нивната структурна врска со Комисиите за еднакви можности како и подобрување на условите за работа на Комисиите за еднакви можности ќе продолжи и во наредниот плански период. Истото се однесува и на примената на партиципативен пристап при подготовка, буџетирање и спроведување на програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности на локално ниво, каде буџетските форуми треба да се спроведуваат со рамномерна застапеност на жените и мажите. Активноста за воспоставување на одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на

локално ниво и како прв чекор утврдување на минимум индикатори и собирање на родово разделени податоци, ќе започне со реализација на почетокот на 2025 година кога е предвиден почеток на спроведување на новиот Закон за буџетите.

Приоритет 3.3: Развој на единиците на локалната самоуправа преку културата

- Законите за култура и заштита на културното наследство, како и Националната стратегија за заштита на културното наследство се' во постапка за донесување. Правен основ за трансфер на дополнителни установи од културата е предвидено да се создаде со носењето на новиот Закон за културата кој предвидува Владата на РСМ по предлог на министерот за култура, а по претходна согласност на ЕЛС, со одлука да може основачките права на национална установа да ги пренесе на единицата на локалната самоуправа на чија територија е седиштето на установата, врз основа на што таа стекнува статус на локална установа. Одлуката се носи врз основа на елаборат во кој ќе бидат содржани реални показатели за оправданоста од пренесување на основачките права на установата и за финансиските капацитети на ЕЛС за одржливо финансирање на дејноста на установата. Со одлуката се утврдуваат прашањата за пренесување на имотот, на опремата, на човечките ресурси, на средствата за работа на установата и за други релевантни прашања;
- МК[46] дава финансиска поддршка за реализација на бројни проекти и манифестации како што се: „Град на културата", „Култура во лето", „Цртај на македонски" и други, низ кои континуирано се стимулира културниот развој во општините. Активностите за постепено зголемување на блок дотациите за пренесените установи од културата со цел да се задоволат сите реални потреби вклучувајќи ги не само средствата за тековно и материјално одржување, туку и за подобрување на состојбата на објектите и нивната функционалност, обезбедување минимум едно вработено лице во администрацијата на сите ЕЛС и воспоставување на заедничка администрација и други соодветни облици на меѓуопштинска соработка во културата (заеднички локални установи, здружување на средства за реализација на проекти од културата и сл.) особено на помалите претежно рурални општини, и обезбедување стабилни механизми на ко-финансирање на учесници во програми и проекти на ЕУ и други меѓународни и регионални соработки на национално и локално ниво се поместени за спроведување во наредниот плански период;
- Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 23 од 57 анкетирани општини спроведуваат интеркултурни програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници во општината како и програми или проекти насочени кон толеранција. МК[47] во рамки на годишните програми од национален интерес континуирано поддржува проекти кои имаат за цел стимулирање, афирмирање и унапредување на културата во различен сегмент на заедниците во земјата и остварува висок степен на застапеност на голем број на автори на националните заедници во РСМ. На ова се надоврзува и успешно делување на повеќе културни установи со предзнакот национални кои поблиску го негуваат уметничкиот израз на заедниците. Истовремено МК[48] во однос на лицата со попреченост континуирано спроведува активности во два сегменти: достапност до културните вредности преку следење на културните настани и создавање на предуслови за

[46] Од 10.06.2024, Министерство за култура и туризам -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)
[47] Ибид.,
[48] Ибид.,

развој на нивното уметничко изразување преку развивање на посебни програми и проекти кои се поддржуваат во рамките на Годишните програми и се сметаат за приоритетни;

- Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 15 од 57 општини имаат засебен повеќегодишен план или стратегија за развој на општината преку културата и само 2 општини имаат воспоставено облик за меѓу општинска соработка во областа на културата. Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП, спроведено во септември, 2023 година, се воочува ниско задоволство во однос на заштита на историското и културното наследство (35% од испитаниците). Активностите за воспоставување континуиран мониторинг и генерирање статистика (разделена по основ на родова и етничка припадност) за културните настани и проекти на локалните културни установи и општините врз основа на тематски извештаи и засилена меѓуинституционална соработка со целосна вклученост на локалната самоуправа во заштитата на културното наследство и спречување на дивоградби особено на места со статус „културно наследство со особено значење" се во тек и ќе се спроведуваат и во наредниот плански период;
- Секоја втора општина соработува со приватниот сектор но само секоја четврта од 57 анкетирани општина (2022) дава поддршка за подготовка на културни производи и услуги. Ниту една општина нема склучено јавно-приватни партнерства за развој на културните и креативните индустрии. Склучување на договор за концесија на објекти и/или простор за развој на културните и креативните индустрии се практикува само кај 16% од анкетираните 57 општини. Активноста за програмска поддршка за забрзан иновативен развој на културните и креативните индустрии во општините е поместена за спроведување во наредниот плански период. Неопходно е и подобрување на содржината и ефикасно спроведување на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности со цел овозможување на диверзификација на изворите за финансирање на културата преку системот на даночни олеснувања и поттикнување на донаторство, спонзорирање и други форми на финансирање;
- Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 10 од 57 анкетирани општини имаат воспоставен институционален облик за поддршка на младите лица. Активноста за анализа на можностите и подготовка на елаборати за економска оправданост и одржливост за основање младински културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови е поместена за спроведување во наредниот плански период.

Приоритет 3.4: Унапредување на спортот и рекреацијата во единиците на локалната самоуправа

- Од страна на Агенцијата за млади и спорт[49] во периодот 2021 - 2023 година реализирани се или во фаза на реализација се 57 спортски објекти. Активностите за воспоставување на јавно-приватни партнерства на ЕЛС за изградба на спортско-рекреативни центри и давање на поврзани услуги како и за развој на спортскиот туризам и индустрии и креирање на механизам за воедначена поддршка на сите општини од Буџетот на Република Северна Македонија, се поместени за спроведување во наредниот плански период.
- Вклученоста на жените во органите и телата на управување на националните спортски федерации и спортските клубови за период 2022-2023 година е подобрена во споредба со претходните години. Притоа, АМС планира да спроведе истражување со цел да се утврдат прецизни сознанија. Во континуитет, жените се корисници на спортски ваучери, вклучително и за женските клубови за екипни спортови (во индивидуалните спортови,

[49] Од 10.06.2024, Министерство за спорт -Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр:121/2024)

женските и машките спортисти од сите категории се дел од еден спортски клуб). Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, 13 од 57 општини имаат воспоставено институционален облик за поддршка на жените во областа на спортот и рекреацијата;

- Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 2 од 57 анкетирани општини имаат воспоставено облици на меѓуопштинска соработка во спортот и рекреацијата. Активностите за подготовка на Извештај со продлабочена анализа на спортските објекти со кои управува државата (категорија на објекти, правен статус, сопственост, квалитет на објектите и потреби за обнова и сл.) и препораки за трансферирање на правото на сопственост и/или управување на ЕЛС и подготовка на Детален план за трансфер на спортски објекти и вработени на општините, не се започнати и се поместени за спроведување во наредниот плански период.
- Според наодите од анкетното истражување во 2023 год., 80% од 49 општини немаат започнато со активноста за подготовка на акциски планови на ЕЛС за препознавање на спортски таленти, во рамките на масовниот, односно училишниот спорт, додека и оние кои одговориле дека истата е започната под оваа активност ги сметаат интервенциите и финансиската поддршка во рамките на годишните програми за спорт. Активноста за подготовка на Извештај со анализа на бројот на формирани спортски екипи во училиштата, по вид на спортови, по родова застапеност и училишна инфраструктура за спорт и формирање на училишни спортски екипи во секоја ЕЛС не е започната и е поместена за спроведување во наредниот плански период.
- Создавање на информациски систем на следење на физичкиот развој, моторичките и функционалните способности на учениците и подигнување на свеста за превентивна здравствена контрола на сите ученици вклучени во училишните спортски клубови.
- Поголемо внимание на организациското зајакнување на веќе формираните училишни спортски клубови и општински сојузи, како и на формирањето на нови, каде што ги нема, како правни лица.
- Неопходна е поблиска соработка со локалната власт и раководството на училиштето за да се овозможи развој на општинскиот систем на натпревари во различни возрасни категории и спортови. Дополнително, потребно е да се фокусира на помасовно организирање на спортски активности со учениците од одделенска настава преку забавниот училишен спорт, што може да ангажира поголем број невработени стручни кадри од физичкото образование и спортот.

**Компонента 4: Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа**

<u>Приоритет 4.1: Унапредени стандарди на урбанистичко планирање и градење во функција на забрзан социо-економски развој, заштита на животната средина и климата</u>

- Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, меѓу оние кои одговориле дека се задоволни или целосно задоволни, најголемиот процент се забележува во однос на урбанистичката уреденост на општината (38%), а најмалиот е во однос на урбанистичкото планирање во руралните средини (21%), каде истовремено се забележува и највисоко ниво на незадоволство (50%). Вкупната просечна оценка за сферата на урбанизмот и урбанистичкото планирање е меѓу пониските и изнесува 2,73;
- Подготвен е предлог Закон за просторно планирање, а подготовката и донесувањето на сите подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон како и носење на нов Закон за градење се активности кои ќе се спроведат во наредниот плански период;

- 77 % од анкетираните 49 општини во наменското истражување од 2023 се изјасниле дека не започнале со активноста а 12% дека активноста за преиспитување на сообраќајните решенија во населените места и создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување, е во тек. Поврзано со активноста за мапирање на подрачја во населените места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови, зајакната заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство, 55 % општините изјавиле дека не започнале воопшто со активноста додека другите општини се изјасниле дека активноста во тек. Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, сите 57 општини имаат оформена Комисија за урбанизам, а 40 од нив ја вклучуваат стручната и општата јавност во годишната анализа на урбанистичките планови и почетната фаза од програмирањето на средствата за финансирање на УП.
- Активностите за унапредување на информираноста на сите граѓани преку најразлични канали на комуникација земајќи предвид дека најранливите категории најчесто немаат достапност до технологија и современи начини на споделување на информации поврзани со постапката за подготовка и донесување на урбанистичките планови и за вградување на стандарди за родово сензитивно урбанистичко планирање во Правилникот за урбанистичко планирање се поместени за наредниот плански период. Во 2023 година мапирани се ромски населби во 5 општини и оваа активност ќе продолжи и во наредниот плански период;
- Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, во поглед на вработени лица кои ги спроведуваат обврските од Законот за национална инфраструктура на просторни податоци (ЗНИПП) , овие функции се извршуваат во само 7 од анкетираните 57 општини. Планирано е во 2024 и наредните години редовно да се испорачуваат обуки од страна на АКН за користење на податоци и сервиси на НИПП геопорталот од страна на ЕЛС.
- Екипирање на УХМР со човечки ресурси за обезбедување на сеопфатни метеоролошки податоци неопходни за справување со последиците од климатските влијанија.

Приоритет 4.2:Унапреден квалитет и зголемен опфат на население со комунални услуги

- Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, најголем процент од испитаниците (74%) одговориле дека се задоволни или целосно задоволни со водоснабдувањето, додека најниско задоволство се забележува во однос на справувањето со животните скитници (18% одговориле дека се задоволни или целосно задоволни, додека мнозинството од 64% одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни со оваа услуга). Се забележува и поголемо незадоволство на граѓаните со паркинг просторот (40% одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни). Споредено со вкупните просечни оценки за оваа област од претходните истражувања, резултатите од најновото истражување покажуваат продолжување на трендот на подобрување со оценка 3,13;
- Во периодот 2021 - средина на 2023 година, реализирани се над 160 проекти за водоводи и канализации во општините на РСМ, а започнаа со спроведување покрупните проекти за изградба на пречистителната станица во Скопје, потоа и на канализационата мрежа во Кичево како и проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија во износ од 50 милиони евра - заем од Европската Инвестициона Банка. Сличен проект со средства од заем од ЕБОР се операционализира во областа на управување со отпадот;

- Според анкетата во општините од 2022 година, 25 од 57 општини изјавиле дека спроведуваат засебен повеќегодишен план или стратегија за развој на комуналната инфраструктура, 20% од испитаните општини имаат воспоставено облик на меѓуопштинска соработка поврзан со комуналните услуги и 41 општина се изјасниле дека имаат системи за водоснабдување во селата, кои сеуште не се префрлени на општинското јавно претпријатие. Во наредниот плански период предвидено е да се спроведат активностите за окрупнување на давателите на водни услуги и воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија за водни услуги и за управување со отпад и за пренесување на руралните системи за водоснабдување на целосно управување од страна на општинските ЈКП;
- Во тек е подготовка на Правилник за воспоставување на тарифи што го одразуваат реалниот целосен циклус на трошоците за управување со комунален отпад и претстои создавање на интегрален систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП (започнувајќи со ЈКП кои даваат водни услуги согласно со Законот за утврдување на цени на водните услуги). Обуки за општинските ЈКП е планирано да се спроведуваат и во наредниот плански период;
- По однос на управувањето со отпадот во извештајниот период е остварен измерлив напредок. Усвоени се План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 и План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028. Усвоени се сите 8 регионални планови за управување со отпад за планските региони. Планирано е да се воспостават пет депонии по европски стандарди за целата територија на земјата, две нови (о. Свети Николе и о. Новаци) и рехабилитација на Русино (Полошки регион), за извесен временски период, додека не се најде нова локација или се обезбеди проект за нејзино проширување и рехабилитација на локацијата во о. Добрешинци. Во тек се активности за воспоставување на основна инфраструктура, со примарна селекција на отпадот со цел да се намалат количините на отпад за депонирање на новите депонии. Процесот за затворање на нестандардни депонии во источниот и североисточниот регион е во тек. Во јануари 2023 година, Владата потпиша договор за заем од ЕБОР со цел да се воспостави интегриран систем за управување со отпад во пет региони, со што ќе се овозможи некористење на постоечките нестандардни депонии во сите општини, а дополнително, аплицира за средства (заеми/грантови) за затворање на сите нестандардни депонии. Во моментов постои систем воспоставен од колективните оператори (проширена одговорност на производителот), заедно со јавните комунални претпријатија и лиценцираните приватни оператори, за посебно собирање на отпад од пакување од домаќинствата и деловните субјекти. Повеќе од 100 компании веќе имаат дозвола да собираат, складираат и третираат отпадна пластика и други видови на отпад од пакување. Во наредниот период не неопходно поголемо инволвирање на општините во овие активности. Според наменското истражување од 2023, 65% од анкетираните 49 ЕЛС не започнале со активноста за развој и спроведување на програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти за мерките за спречување на создавање на отпад. И во однос на активноста за јакнење и поддршка на локални иницијативи за транзиција кон циркуларна економија, вклучувајќи воспоставување конкретна соработка на приватниот сектор со општините, ЈКП и локалните заедниците, со цел да се поттикне споделување на производи и опрема, нивна повторна употреба, пренамена, и сл., само една општина одговорила е дека оваа активност е завршена, додека 2/3 од општините не започнале со оваа активност. Истовремено МЕ спроведува активни мерки за поддршка на циркуларната економија;
- Активностите за подготовка и донесување на Закон за комунална полиција и воспоставување на комунална полиција во општините, се поместени за спроведување во наредниот плански период.

Приоритет 4.3: Локализирање на климатската акција и подобрена заштита на животната средина и природата

- Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека најголем процент од испитаниците (51%) одговориле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни од заштитата и превенцијата на загадувањето на воздухот. Споредено со сите претходни години, се забележува континуирано подобрување на вкупната просечна оценка за заштита на животната средина и природата иако оваа област сеуште останува една од пониско оценетите;
- Извештајниот период беше одбележан со низа законодавни иницијативи и носење на значајни закони во областа на заштитата на животната средина и природата како и во сектори со влијание врз животната средина. Беа донесени: Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух; групата од шест (6) закони за посебни текови на отпад вклучувајќи и нов Закон за управување со отпадот; Закон за инспекциски надзор во животната средина; Законот за прогласување на Шар Планина за национален парк; Закон за изменување и дополнување на Закон за минерални суровини и Законот за измени и дополнувања на Законот за енергетска ефикасност. Подготвени се и ставени во процедура за јавна расправа или во владина процедура за разгледување и донесување: Закон за заштита на природното и културно наследство на Охридскиот регион; Законот за природа, Закон за контрола на индустриски емисии и нов Закон за минерални суровини. По однос на политиките, изработката на Националниот План и Национална Програма за обезбедување квалитет на амбиентниот воздух е планирана во рамките на проект за воздух финансиран од ИПА 2 програмата, кој се очекува да започне во вториот квартал на 2024 година, а во тек е изработка на Национален акционен план за зелена агенда како пандан на Регионалниот акционен план за Западен Балкан. Во мај 2022 година беше донесен Националниот план за енергија и клима до 2030 година со кој е опфатена и енергетска ефикасност;
- По однос на Фондот за енергетска ефикасност, кој е воспоставен во рамките на Развојната Банка на Северна Македонија, потребно е Владата на РСМ да склучи Субсидијарен договор, кој треба да биде дел од обврските на Договорот за заем со Меѓународната банка за обнова и развој. Следствено, освен овој договор, потребно е да се склучи и договор во кој ќе се утврдат условите за работење на Фондот за енергетска ефикасност, согласно член 13 од Законот за РБСМ, како и да се формира Комитет за енергетска ефикасност. Во функција на последното е и најавената подготовка на Стратегија за енергетска ефикасност за обновување на згради. Од анкетираните општини во 2022, 30 од 57 односно 57% спроведуваат општински План за енергетска ефикасност, а 29% имаат вработено лице кое извршува задачи поврзани со енергетската ефикасност. Активноста за воспоставување на заеднички административни тела на општините за енергетско управување/ефикасност (согласно со Законот за меѓуопштинска соработка) е предвидена за спроведување во наредниот плански период. Само 17 од 57 општини, од сопствениот буџет финансиски стимулираат спроведување на мерки за енергетска ефикасност. Започнат е проект за замена на нееколошките системи за греење во четири поголеми градови: Скопје, Битола, Тетово и Куманово, со финансирање од 10 милиони евра од Европската Унија;
- Активностите за подготовка и спроведување на сеопфатна програма за развој на административниот капацитет на општините и општинските ЈКП за спроведување на законодавството, процедурите и стандардите поврзани со заштитата на животната средина

и природата и за воспоставување на заедничка администрација за заштита на животната средина и природата на општините кои немаат доволно човечки ресурси, ќе продолжат да се спроведуваат и во наредниот плански период. Во 2023 година беше воспоставено заедничко одделение за управување со води и ризици од поплави на општините од Полошкиот плански регион;

- По однос на квалитетот на амбиентниот воздух во извештајниот период од страна на МЖСПП беше динамизирана подготовката на плановите на ЕЛС и притоа беа подготвени планови за агломерација Скопски регион и градовите: Битола, Куманово, Кавадарци; Гостивар; Кичево и Кочани. Во тек е изработката на плановите за квалитет на воздух за Велес, Охрид, Прилеп, Струга, Штип и Гевгелија. Истовремено МЖСПП го заокружи и редовно го одржува Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот (ДАМСКАВ) во кој се интегрирани сите неопходни мониторинг станици. Со цел навремено информирање на граѓаните за состојбата со квалитетот на воздухот, МЖСПП активно ја ажурира веб странатa http://air.moepp.gov.mk на која се објавуваат податоците од Државниот мониторинг систем за квалитет на воздух во реално време;
- Во тек е постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во РСМ и за наредниот период е предвидено спроведување консултации со општините (ЗЕЛС) околу најсоодветниот модел за изградба на дистрибутивни мрежи на природен гас;
- Само 45% од 81 единица на локална самоуправа имаат назначено општински инспектори за животна средина. Законите од областа на животната средина претрпеа измени и дополнувања во текот на 2021 година при што се заостри ја глобите за прекршоците. Останато е уште да се извршат измени и дополнувања на Законот за прекршоци со цел законите од областа на животната средина да бидат усогласени со Законот за прекршоци. Комисијата за прекршоци организира обуки за овластени инспектори за животна средина секоја година. Што се однесува на организирање на обуки за судии и обвинители за областа животна средина, Државниот инспекторат за животна средина преку меѓународни проекти организира состаноци како и обуки со обучувачи од други држави;
- Во МЖСПП има Одделение за стратешко планирање кое е вклучено во интегрирање на заштитата на животната средина во другите секторски политики на национално ниво (земјоделство, транспорт, енергетика, индустриска политика итн.) со цел да се создадат предуслови за усогласување на локалните развојни стратегии и планови за заштита на животната средина. Активноста за воведување зони со ниска емисија, локални политики на паркирање во загадени зони, поинтензивно зазеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентни сообраќајници ќе продолжи да се спроведува и во наредниот плански период;
- По однос на управувањето со водите во извештајниот период подготвени се: нацрт - План за управување со сливот на река Вардар со План за управување со подсливот на река Брегалница, како и нацрт - План за управување со сливот на река Струмица. Нецелосно е подготвен нацрт - Планот за управување со сливот на река Црн Дрим, а во рамки на ова сливно подрачје подготвени се Плановите за подсливот на Охридско Езеро, како и Планот за Преспанско Езеро. Со цел усвојување на сите планови (Вардар, Црн Дрим и Струмица), Секторот за води при МЖСПП изработи проектна задача (ToP) за спроведување на ИПА проект. Напредок е остварен по однос на подготовката и спроведувањето на програмите за мониторинг на површински и подземни води со компонента за рано предупредување од ризици од поплави и воспоставување оперативен мониторинг во општините од Полошкиот и Источниот плански регион. За Подготвен е Планот за управување со ризици

од поплави за горниот дел од сливот на реката Вардар како и нацрт на подзаконски акт за изработка на општински планови за одбрана од поплави. Формирањето на Агенција за води или друго институционално решение за постепено интегрирање на надлежностите е политичко прашање и истото се очекува да биде иницирано на ниво на Влада на Република Северна Македонија;

- По однос на „жешките точки“ преку измена и дополнување на Законот за животната средина во 2022 се воспоставени целосна правна основа за определување и управување со контаминираните подрачја. Изготвена е методологија за определување и категоризација на „жешките точки“ за кои се изготвени физибилити студии. Во моментот МЖСПП спроведува активности поврзани со ОХИС Скопје;
- По однос на заштитата на природата извршена е валоризација на: природните вредности на Малешевски Планини; Охридското Езеро; Белчишко Блато, како и за повеќе природни реткости. Идентификувани се три потенцијални области Натура 2000. (Овче Поле, Долна Брегалница и Малешевски Планини). Активностите за подигање на јавната свест и кампања Натура 2000 за засегнатите страни беа имплементирани во Источниот плански регион. Изготвени се планови за управување за Национален парк Шар Планина и Заштитен предел - Осоговски Планини. Во завршна фаза е изработка на планови за управување со заштитен предел-Малешево и Споменик на природа- Преспанско Езеро. Подготвен е и предлог - Закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природата, кој е во собраниска процедура за негово усвојување заедно со предлог - Закон за прогласување на кањонот Матка за заштитено подрачје во категорија III - Споменик на природата. МЖСПП во моментов води постапки за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата и Белчишко Блато за парк на природата. Активноста за воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за управување со заштитени подрачја чии граници се преклопуваат со границите на две и повеќе општини, е предвидена за спроведување во наредниот плански период;
- Според наодите од наменското истражување од 2023, 43% од 49 општини започнале или ја реализирале активноста за подготовка и спроведување кампањи во ЕЛС низ директна соработка со здруженијата на граѓани за подигање на јавната свест за последиците од климатските промени и потребата од планирање и спроведување на мерки за митигација и адаптација, а истата е планирана за спроведување и во наредниот плански период како и активностите за подготовка и спроведување на Акциски план за адресирање на воочените предизвици и унапредување на механизмите за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина од страна на ЕЛС, подготовка и спроведување кампањи во ЕЛС низ директна соработка со здруженијата на граѓани за подигање на јавната свест кај граѓаните за потребата од целосна заштита на животната средина и природата како и за создавање на партиципативно тело за заштита на животната средина и природата во секоја ЕЛС.

Приоритет 4.4: Подобрена заштита на населението од кризи и катастрофи

- Ажурирањето на Процените на ниво на општина и Град Скопје како процес се врши редовно, а по укажана потреба и вонредно преку Е-процена во согласност со Закон за управување со кризи и Уредба за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на општините, Градот Скопје и Републиката од сите ризици и опасности. Во рамки на ЦУК е формиран Центар за обука, кој ќе организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и сите субјекти во Системот за управување со кризи. За наредниот плански период е предвидено

воспоставување на „Национален информативен систем за ризици“- веб-базиран Географски информациски систем за просторно и тематско прикажување на посебните елементи од ризиците и опасностите опфатени со Процените за подрачјата на општините и градот Скопје и територијата на Републиката. Планирана е и надградба на платформа Е-Процена. Достапен е модул на обука за управување со кризи на веб платформата за учење opstinski.mk;

- Ажурирањето на Процените и Плановите за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во сите ЕЛС и градот Скопје како процес се врши редовно, а по укажана потреба и вонредно. Новата национална стратегија за заштита и спасување за 2022-2025 година сеуште не е усвоена;
- Бесплатниот број за итни повици Е-112 е пуштен во употреба на 11.02.2022 година и е достапен за сите граѓани на РСМ на целата територија на РСМ. За наредниот плански период е предвидена надградба на системот Е-112 за целосно усогласување со Европската регулатива со која се предвидува сите мобилни фиксни и кабелски оператори да овозможат бесплатно доставување на СМС пораки и соопштенија до сите граѓани кои би се нашле на одредена територија/подрачје во ризик и опасност;
- Воспоставен е систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари - МКФФИС (Македонски информативен систем за шумски пожари) и истиот е надграден во верзија 3.5. Обуки за користење на МКФФИС се спроведени во 30% од ЕЛС;
- Формирана е нова работна група, предводена од Министерството за одбрана која треба да предложи ново законско решение за управување со кризи и заштита и спасување. Со решение на Министерство за одбрана формирана е меѓуресорска работна група за изработка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство Активноста е во тек и изработени се изменувања и дополнувања на законот за пожарникарство каде се опфатени и допрецизирани се критериумите за определување на бројот на пожарникари, кариерно напредување, психофизичка подготвеност, изворите за финансирање вклучително и опремување на обука на пожарникарите со цел зголемувањето на нивната ефикасност. Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека повеќе од половина од испитаниците (58%) се или задоволни или целосно задоволни од услугите што ги обезбедуваат општините во областа на противпожарна заштита, додека значително помалку (14%) од анкетираните испитаници изјавиле дека воопшто не се задоволни или не се задоволни со истите. Вкупната просечна оценка за противпожарна заштита е 3,52 и претставува најдобра оценка со останатите надлежности на општините. Во извештајниот период се воспоставени два облици на меѓуопштинска соработка и Активностите за подобрување на противпожарната заштита преку воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка и навремено и целосно исполнување на обврските по овој основ од страна на општините и континуирана промоција на волонтерството и основањето на доброволни противпожарни друштва во општините, ќе продолжат и во наредниот плански период.
- Плановите за одбрана од поплави треба да се работат во соработка со УХМР и Секторот Хидрологија за да може да се изработат соодветни прагови за алармирање во услови на поплави.
- Неопходно е зајакнување на кадровските и финансиските капацитети на УХМР за одржување на постоечката метеоролошка мрежа за постојано и непречено снабдување на потребните метеоролошки податоци за МКФФИС.

Приоритет 4.5: Подобрени локални услуги од областа на здравствената заштита

- Од истражувањето на задоволството на граѓаните од локалните услуги на МЛС и УНДП , спроведено во септември, 2023, се забележува дека помал процент од испитаниците одговориле дека се задоволни или целосно задоволни (33%) од услугите во оваа област, од оние кои воопшто не се задоволни или не се задоволни (45%), додека 22% се неутрални. Споредбената анализа со резултатите од сите претходни години укажуваат на пад на задоволството на граѓаните од здравствената заштита и пораст на незадоволството. Услугите што ги обезбедуваат општините во сферата на здравствената заштита се оценети со вкупна просечна оценка 2.74 и се во групата на пониско оценети услуги;
- Според анкетата во општините, спроведена во 2022 година, само 9 од анкетираните 57 општини во 2021 спровеле кампањи за превентивна здравствена заштита, а во 2022 година нивниот број е намален на 6 општини.
- Активностите за подготовка на функционална анализа на понатамошната децентрализација на надлежностите за здравствена заштита, унапредување на нормативната рамка за здравствена заштита и поврзани услуги со фокус на воспоставување систем за одржливо финансирање на пренесените надлежности на општините и зајакнат локален одговор на здравствени кризи и пандемии како и мапирање на најранливите категории на граѓани во здравствени кризи) се поместени за спроведување во наредниот плански период.

## АНЕКС 1: КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВРСМ** | Агенција за вработување |
| **БРРР** | Биро за рамномерен регионален развој |
| **ДИЛС** | Државен инспекторат за локална самоуправа |
| **ДИЖС** | Државен инспекторат за животна средина |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДИЖС** | Државен инспекторат за животна средина |
| **ДИГУ** | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЕЛС** | Единица/Единици на локална самоуправа |

| | |
|---|---|
| **ЗЕЛС** | Заедница на единици на локална самоуправа |
| **ЗГФ** | Здруженија на граѓани и фондации |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МОС** | Меѓуопштинска соработка |
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа |
| **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **МО** | Министерство за образование |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **УХМР** | Управа за хидрометеоролошки работи |
| **УНДП** | Програма на Обединетите нации за развој |
| **УНВОМЕН** | Програма на Обединетите нации за родовата еднаквост |